(a) promoting employment, labour mobility and social and cultural inclusion across borders through, inter alia: integrating cross-border labour markets, including cross-border mobility; joint local employment initiatives; information and advisory services and joint training; gender equality; equal opportunities; integration of immigrants' communities and vulnerable groups; investment in public employment services; and supporting investment in public health and social services;

(b) protecting the environment and promoting climate change adaptation and mitigation, risk prevention and management through, inter alia: joint actions for environmental protection; promoting sustainable use of natural resources, resource efficiency, renewable energy sources and the shift towards a safe and sustainable low-carbon economy; promoting investment to address specific risks, ensuring disaster resilience and developing disaster management systems and emergency preparedness;

(c) promoting sustainable transport and improving public infrastructures by, inter alia, reducing isolation through improved access to transport, information and communication networks and services and investing in cross-border water, waste and energy systems and facilities;

(d) encouraging tourism and cultural and natural heritage;

(e) investing in youth, education and skills through, inter alia, developing and implementing joint education, vocational training, training schemes and infrastructure supporting joint youth activities;

(f) promoting local and regional governance and enhancing the planning and administrative capacity of local and regional authorities;

(g) enhancing competitiveness, the business environment and the development of small and medium-sized enterprises, trade and investment through, inter alia, promotion and support to entrepreneurship, in particular small and medium-sized enterprises, and development of local cross-border markets and internationalisation;

(h) strengthening research, technological development, innovation and information and communication technologies through, inter alia, promoting the sharing of human resources and facilities for research and technology development.

МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ

# РАМКОВНА СПОГОДБА

Ref. Ares(2015)485336 - 06/02/2015

(неофицијален превод)

ПОМЕЃУ

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

ЗАСТАПУВАНА ОД СТРАНА НА

**ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

И

**ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА**

**ЗА**

**ПОСТАПКИТЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКАТА ПОМОШ ОД УНИЈАТА ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО РАМКИТЕ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПОМОШТА СПОРЕД ИНСТРУМЕНТОТ ЗА ПРЕТПРИСТАПНА ПОМОШ (ИПА II)**

ДАТУМ ( )

МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ

## СОДРЖИНА


ОДДЕЛ I ОПШТИ ОДРЕДБИ ... 8
Член 1 Толкување ... 8
Член 2 Делумна ништожност и ненамерни пропусти ... 8
Член 3 Дефиниции ... 8
Член 4 Намена и опсег ... 9
Член 5 Општи начела за финансиска помош ... 10
Член 6 Начело на сопственост ... 11
Член 7 Методи на спроведување ... 12
Член 8 Спогодби за финансирање ... 13
Член 9 Секторски спогодби ... 14
ОДДЕЛ II ПРАВИЛА ЗА ИНДИРЕКТНО УПРАВУВАЊЕ ОД СТРАНА НА КОРИСНИКОТ НА ИПА II ... 14
НАСЛОВ I СИСТЕМИ ЗА УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА ... 14
Член 10 Воспоставување на структури и органи за индиректно управување од страна на корисникот на ИПА II ... 14
Член 11 Функции и одговорности на структурите и органите ... 15
НАСЛОВ II ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА ДОВЕРУВАЊЕ НА КОРИСНИКОТ НА ИПА II ЗАДАЧИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ ... 15
Член 12 Услови за доверување на корисник на ИПА II задачи за извршување на буџетот 15
Член 13 Доверување на задачи за спроведување на буџет ... 17
Член 14 Мерки во случај на неусогласеност на управувачката структура и оперативните структури со точките (а), (б) и (г) од член 12(3) и Анекс Б кон оваа спогодба 17
Член 15 Привремено прекинување или поништување на делови од Спогодбата за финансирање кои се однесуваат на доверените задачи за извршување на буџетот ... 18
ОДДЕЛ III ПРАВИЛА ЗА ПРОГРАМИРАЊЕ ... 18
Член 16 Програмирање на помошта ... 18
Член 17 Донесување и измени и дополнувања на програмите ... 20
ОДДЕЛ IV ПРАВИЛА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ... 20
НАСЛОВ I ОПШТИ ПРАВИЛА И НАЧЕЛА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ... 20
Член 18 Правила за набавки и доделување на грантови ... 20
Член 19 Правила за националност и потекло за постапките за јавни набавки, грантови и други постапки за доделување ... 21
Член 20 Учество во програми и агенции на Унијата ... 23
Член 21 Примена на начелата за буџетска помош за корисникот на ИПА II ... 23
Член 22 Примена на начелата за твининг ... 23
НАСЛОВ II ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ВИДЛИВОСТ ... 24
Член 23 Информации, публицитет и транспарентност ... 24
Член 24 Видливост и известување ... 25
НАСЛОВ III ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИ И ДОВЕРЛИВОСТ ... 26
Член 25 Заштита на податоци ... 26
Член 26 Доверливост ... 26
НАСЛОВ IV ДОДЕЛУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИ И ОДАНОЧУВАЊЕ ... 27
Член 27 Доделување на капацитети за спроведување на програмите и извршување на договори ... 27

Член 28 Правила за даноци, царински такси и други фискални давачки ..... 28
ОДДЕЛ V ПРАВИЛА ЗА ФИНАНСИСКО УПРАВУВАЊЕ НА ПОМОШТА ОД ИПА II 31
НАСЛОВ I ОПШТИ ОДРЕДБИ ..... 31
Член 29 Прифатливост на расходот ..... 31
Член 30 Интензитет на помош и стапка на придонес од Унијата ..... 31
НАСЛОВ II ПРАВИЛА ЗА ИНДИРЕКТНО УПРАВУВАЊЕ ОД СТРАНА НА КОРИСНИКОТ НА ИПА II ..... 32
Член 31 Прифатливост на расходот според индиректното управување ..... 32
Член 32 Ревизорска трага ..... 32
Член 33 Плаќања на од Унијата ..... 32
Член 34 Претфинансирање ..... 34
Член 35 Меѓуплаќања ..... 34
Член 36 Испитување и прифаќање на сметководствени постапки ..... 35
Член 37 Порамнување на конечниот биланс ..... 35
Член 38 Повраток на неупотребени финансиски средства во случаите на повеќегодишни програми со поделени заложби ..... 36
Член 39 Прекин на плаќањата ..... 36
Член 40 Суспендирање на плаќањата ..... 36
Член 41 Наплата на финансиски средства ..... 37
Член 42 Финансиски прилагодувања од страна на корисникот на ИПА II ..... 37
Член 43 Финансиски исправки од страна на Комисијата ..... 37
Член 44 Постапка за финансиска корекција и прифаќање на сметки ..... 38
Член 45 Повторна употреба на придонесот од Унијата ..... 38
Член 46 Отплата ..... 39
НАСЛОВ III ЗАТВОРАЊЕ НА ПРОГРАМА ..... 39
Член 47 Затворање на програмата под индиректно управување од страна на корисникот на ИПА II ..... 39
Член 48 Затворање на програмата под директно управување и индиректно управување со субјекти, кои не се корисници на ИПА II ..... 39
Член 49 Задржување на документи ..... 40
НАСЛОВ IV НАДЗОР, КОНТРОЛА И РЕВИЗИЈА И ЗАШТИТА НА ФИНАНСИСКИ ИНТЕРЕСИ 40
Член 50 Надзор, контрола и ревизија од страна на Комисијата и од страна на Европскиот суд на ревизори ..... 40
Член 51 Заштита на финансиските интереси на Унијата ..... 42
ОДДЕЛ VI СЛЕДЕЊЕ, ОЦЕНУВАЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ ..... 44
НАСЛОВ I СЛЕДЕЊЕ ..... 44
Член 52 Комитет за следење на ИПА ..... 44
Член 53 Секторски комитет за следење ..... 45
Член 54 Други активности за следење ..... 46
НАСЛОВ II ОЦЕНУВАЊЕ ..... 47
Член 55 Основни начела за оценување на помош од ИПА II ..... 47
Член 56 Оценувања од страна на Комисијата ..... 48
Член 57 Оценување од страна на корисникот на ИПА II под индиректно управување 48
НАСЛОВ III ИЗВЕСТУВАЊЕ ..... 48
Член 58 Општи услови за известување до Комисијата ..... 48

Член 59 Услови за известување до Комисијата под индиректно управување од страна на корисникот на ИПА II во согласност со член 60(5) од Финансиската регулатива 49
Член 60 Извештаи од оперативните структури под индиректно управување од страна на корисникот на ИПА II ..... 50
Член 61 Јазик ..... 50
ОДДЕЛ VII ОДРЕДБИ ЗА ПОВЕЌЕГОДИШНИТЕ АКЦИСКИ ПРОГРАМИ СО ПОДЕЛЕНИ ОБВРСКИ ..... 51
ЧЛЕН 62 Начела за спроведување за повеќегодишни акциски програми со поделени обврски спроведени под индиректно управување од страна на корисникот на ИПА II 51
ОДДЕЛ VIII ОДРЕДБИ ЗА ПРОГРАМИ ЗА ПРЕКУГРАНИЧНА СОРАБОТКА ..... 53
НАСЛОВ I ОПШТИ ОДРЕДБИ ..... 53
Член 63 Облици на прекугранична соработка ..... 53
Член 64 Дополнителни дефиниции за прекугранична соработка ..... 53
Член 65 Интензитет на помош и стапка на помош од ИПА II ..... 53
НАСЛОВ II ПРАВИЛА ЗА ПРОГРАМИРАЊЕ ..... 54
Член 66 Тематски приоритети и концентрација на прекугранична соработка од ИПА II 54
Член 67 Географски опфат ..... 54
Член 68 Подготовка, проценка, одобрување и измена на програмите за прекугранична соработка ..... 54
Член 69 Билатерални договори меѓу земјите учеснички за управување на програми за прекугранична соработка спроведени под индиректно управување ..... 55
НАСЛОВ III ОПЕРАЦИИ ..... 56
Член 70 Избор на операции ..... 56
Член 71 Корисници ..... 56
Член 72 Техничка помош ..... 57
НАСЛОВ IV СПРОВЕДУВАЊЕ ..... 57
Член 73 Начини на спроведување ..... 57
НАСЛОВ V ПРОГРАМСКИ СТРУКТУРИ И ОРГАНИ И НИВНИ ОДГОВОРНОСТИ 57
Член 74 Структури и органи за управување со ППС ..... 57
Член 75 НИПАК ..... 58
Член 76 Оперативни структури ..... 58
Член 77 Ревизорско тело ..... 59
Член 78 Заеднички комитет за следење (ЗКС) ..... 60
Член 79 Заеднички технички секретаријат (ЗТС) ..... 61
НАСЛОВ VI ИЗВЕСТУВАЊЕ ..... 62
Член 80 Годишни и завршни извештаи за спроведувањето ..... 62
ОДДЕЛ IX ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ ..... 62
Член 81 Комуникација ..... 62
Член 82 Консултација ..... 63
Член 83 Решавање на разликите, арбитража ..... 63
Член 84 Спорови со трети страни ..... 63
Член 85 Известувања ..... 64
Член 86 Анекси ..... 65
Член 87 Влегување во сила ..... 65
Член 88 Применливост на Рамковната спогодба за ИПА ..... 65
Член 89 Измена ..... 65

Член 90 Престанок ..... 66

**Анекси:**

АНЕКС А: Функции и одговорности на структурите, органите и телата во согласност со член 10 од оваа спогодба

АНЕКС Б: Внатрешна контролна рамка

АНЕКС В: Образец Изјава за управување

АНЕКС Г: Образец Годишен извештај за ревизорска активност

АНЕКС Д: Образец за годишно ревизорско мислење

АНЕКС Ѓ: Образец за ревизорско мислење за завршна финансиска изјава за расход

АНЕКС Е: Образец за ревизорска стратегија

АНЕКС Ж Известување за сомневање за измама и други нерегуларности кои се однесуваат на Инструментот за претпристапна помош (ИПА II)

АНЕКС З: Тематски приоритети за помош

АНЕКС S: Тематски приоритети за помош за територијална соработка

Европската комисија, во понатамошниот текст „**Комисијата**“, постапувајќи за и во име на Европската унија

од една страна,

и

Владата на Република Македонија, постапувајќи во име на Република Македонија, во понатамошниот текст „**корисник на ИПА II**“

од друга страна,

и заедно, именувани како „**Страните**“

со оглед на тоа што

(1) На 11 март 2014 година, Европскиот парламент и Советот ја усвоија Регулатива (ЕУ) бр. 231/2014 за воспоставување инструмент за претпристапна помош[1] (во натамошниот текст: „Регулативата за ИПА II“). Овој инструмент претставува правна основа за обезбедување на финансиска помош за корисниците наведени во Анекс I кон Регулатива на ИПА II (во натамошниот текст „корисници на ИПА II“), во нивните напори за донесување и спроведување на политичките, институционалните, правните, социјалните и економските реформи кои се бараат од корисниците со цел да се усогласат со вредностите на Унијата и постепено да се усогласуваат со правилата, стандардите, политиките и практиките на Унијата, со цел членство во Унијата.

(2) На 11 март 2014 година, Европскиот парламент и Советот ја донесоа Регулатива (ЕУ) бр. 236/2014 со која се утврдуваат заедничките правила и постапки за спроведување на инструментите на Унијата за финансирање на надворешна акција[2] (во натамошниот текст како „Заедничка регулатива за спроведување“).

(3) На 2 мај 2014 година, Комисијата ја донесе Регулатива (ЕУ) бр. 447/2014 за спроведување на Комисијата за посебните правила за спроведување на Регулатива (ЕУ) 231/2014 на Европскиот парламент и на Советот за воведување на Инструмент за претпристапна помош (ИПА II)[3], (во понатамошниот текст „Регулативата за спроведување на ИПА II“) со која се утврдуваат применливите одредби за управување и контрола.

(4) Корисникот на ИПА II е подобен во рамките на ИПА II како што е предвидено со Регулативата за ИПА II.

(5) Во член 8 од Регулативата за ИПА II се бара од Комисијата и корисниците на ИПА II да склучуваат рамковни спогодби за спроведување на помошта.

(6) Затоа треба да се утврдат правилата за спроведување на финансиската помош од Унијата во рамките на ИПА II,

---

1 Регулатива (ЕУ) бр. 231/2014 на Европскиот парламент и на Советот од 11 март 2014 година за воспоставување на Инструмент за претпристапна помош (ИПА II) (Сл. весник L 77 , 15 март 2014 година, стр. 11).

2 Регулатива (ЕУ) бр. 236/2014 на Европскиот парламент и на Советот од 11 март 2014 година за утврдување заеднички правила и постапки за спроведување на инструментите на Унијата за финансирање надворешна акција (Сл. весник L 77, 15 март 2014 година, стр. 95).

3 Регулатива (ЕУ) бр. 447/2014 за спроведување на Комисијата за посебните правила за спроведување на Регулатива (ЕУ) 231/2014 на Европскиот парламент и на Совет от за воведување на Инструмент за претпристапна помош (ИПА II) (Сл. весник L 132, 3 мај 2014 година, стр. 32).

СЕ ДОГОВОРИЈА КАКО ШТО СЛЕДУВА:

## ОДДЕЛ I ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1 Толкување

(1) Ако во оваа рамковна спогодба нема изречни спротивни одредби, поимите кои се употребени во оваа спогодба го имаат истото значење кое им се припишува во Регулативата за ИПА II, Заедничката регулатива за спроведување и Регулативата за спроведување на ИПА II.

(2) Ако во оваа рамковна спогодба нема изречни спротивни одредби, повикувањата на оваа спогодба претставуваат повикувања на спогодбата онака како што е изменета, надополнета или заменета од време на време.

(3) Какво било повикување на регулативите на Европскиот парламент и на Советот или на регулативи на Комисијата, претставува повикување на тие регулативи онака како што се изменети, надополнети или заменети.

(4) Насловите во оваа спогодба немаат правно значење и не влијаат врз нејзиното толкување.

### Член 2 Делумна ништожност и ненамерни пропусти

Ако некоја одредба од оваа спогодба стане неважечка или ако оваа спогодба содржи ненамерни пропусти, ова нема да влијае врз важноста на останатите одредби од оваа спогодба. Договорните страни ќе ја заменат секоја неважечка одредба со важечка одредба која е најблиску до целта и намерата на неважечката одредба. Договорните страни ќе го надополнат кој било ненамерен пропуст со одредба која најдобро одговара на целта и намерата на оваа спогодба во согласност со Регулативата за ИПА II и Регулативата за спроведување на ИПА II.

### Член 3 Дефиниции

За целите на оваа Спогодба се применуваат следниве дефиниции:

(а) „Програма“ е акциска програма, индивидуална, посебна или мерките за поддршка предвидени во членовите 2 и 3 од Заедничката регулатива за спроведување;

(б) „Секторска спогодба“ е спогодба склучена помеѓу Комисијата и корисникот на ИПА II која се однесува на одредено подрачје или програмска политика на ИПА II, поставувајќи правила и постапки кои треба да се почитуваат, а не се содржани во оваа рамковна спогодба или Спогодбите за финансирање;

(в) „Спогодба за финансирање“ е годишна или повеќегодишна спогодба склучена помеѓу Комисијата и корисникот на ИПА II, за спроведување на финансиска помош на Унијата преку акција која спаѓа во рамките на опсегот на Регулативата за спроведување на ИПА II;

(г) „Земји учеснички“ значи корисник на ИПА II или корисници на ИПА II заедно со земјата(-ите)-членка(-и) или со земјите кои спаѓаат во доменот на Европскиот инструмент за соседство[4] кои учествуваат во повеќегодишна програма за прекугранична соработка заеднички изготвена од страна на земјите учеснички;

(д) „Примач“ значи корисник на грант (вклучително и твининг изведувач), изведувач на услуги, набавки или договори за работа, корисник во рамките на програмите за прекугранична соработка, договорна страна на спогодба за делегирање под индиректно управување или секое физичко или правно лице кое добива помош од ИПА II;

(ѓ) „Финансиска година“ е периодот од 1 јануари до 31 декември во дадената година.

**Член 4** **Намена и опсег**

(1) Со цел да се унапреди соработката помеѓу договорните страни и да му се помогне на корисникот на ИПА II во своето прогресивно усогласување со стандардите и политиките на Унијата, вклучувајќи го*acquis,* со цел членство во Унијата, договорните страни се согласуваат да ги спроведат акциите во следниве политички области применливи за корисниците на ИПА II во поглед на постигнување на целите утврдени во член 1 и член 2 од Регулативата за ИПА II:

(а) реформи во подготовките за членство во Унијата и сродните институции и градење на капацитетите;

(б) социо-економски и регионален развој;

(в) вработување, социјална политика, образование, унапредување на родовата еднаквост и развој на човечки ресурси;

(г) земјоделство и рурален развој;

(д) регионална и територијална соработка.

(2) Активностите ќе бидат финансирани и спроведени во рамките на законска, административна и техничка рамка утврдена со оваа спогодба и како што е подетално наведено во секторските спогодби и/или спогодбите за финансирање, доколку ги има.

(3) Онаму каде Европскиот регионален фонд за развој придонесува кон програмите или мерките кои се воведени според Регулативата за ИПА II за прекугранична соработка помеѓу корисниците на ИПА II и земјите-членки, во согласност со член 9(2) од Регулативата за ИПА II, таа помош се спроведува во согласност со Регулативата за спроведување за ИПА II.

(4) Онаму каде помошта од ИПА II придонесува кон програмите или мерките за транснационална и соработка помеѓу регионите, кои се воведени во согласност

---

[4] Регулатива (ЕУ) бр. 232/2014 на Европскиот парламент и на Советот од 11 март 2014 година за воспоставување на Инструмент за европско соседство (Сл. весник L 77 , 15 март 2014 година, стр. 27).

со Регулатива (ЕУ) бр. 1299/2013 на Европскиот парламент и на Советот[5] во согласност со член 9(3) од Регулативата за ИПА II, таа помош се спроведува во согласност со таа регулатива.

(5) Онаму каде помошта од ИПА II придонесува кон програмите или мерките за прекугранична соработка, кои се воведени во согласност со Регулатива (ЕУ) бр. 232/2014 на Европскиот парламент и на Советот[6] во согласност со член 9(4) од Регулативата за ИПА II, тоа учество се спроведува во согласност со таа регулатива.

(6) Онаму каде е соодветно, помошта од ИПА II може да придонесе кон програмите или мерките кои се воведени како дел од макро-регионалната стратегија.

(7) Администрацијата на корисникот на ИПА II ќе ги преземе сите неопходни чекори за да се олесни спроведувањето на сродните програми.

**Член 5 Општи начела за финансиска помош**

(1) Следниве начела се применуваат за финансиската помош на Унијата во рамките на ИПА II:

(а) Почитување на начелата на кохеренција, комплементарност, координација, партнерство и концентрација;

(б) Доследност со политиките на Унијата и поддржување на прогресивното усогласување со *acquis*;

(в) Усогласеност со буџетските начела утврдени во Регулатива (ЕУ, Евроатом) бр. 966/2012 на Европскиот парламент и на Советот[7] (во понатамошниот текст „Финансиската регулатива“) и Делегираната регулатива (ЕУ) бр. 1268/2012 на Комисијата (во понатамошниот текст „Правила за примена на Финансиската регулатива“)[8];

(г) Усогласеност со потребите идентификувани во процесот на проширување и капацитетите за апсорпција на корисникот на ИПА II. Исто така, треба да се земат предвид научените лекции од претходно;

(д) Се охрабрува преземањето на одговорноста на корисникот на ИПА II на програмирањето и спроведувањето на помошта и се обезбедува соодветна видливост на помошта од ИПА II;

---

5 Регулатива (ЕУ) бр. 1299/2013 на Европскиот парламент и на Советот од 17 декември 2013 година за специфични одредби за помош од Европскиот фонд за регионален развој наменета за Европската територијална соработка (Сл. весник L 347, 20 декември 2013 година, стр. 259).

6 Регулатива (ЕУ) бр. 232/2014 на Европскиот парламент и на Советот за воспоставување на Европски инструмент за соседство (Сл. весник L 77, 15.3.2014 година, стр. 27)

7 Регулатива (ЕУ, Евроатом) бр. 966/2012 на Европскиот парламент и на Советот од 25 октомври 2012 година за финансиските правила применливи во општиот буџет на Унијата и за укинување на Регулатива (ЕЗ, Евроатом) бр. 1605/2002 на Советот (Сл. весник L 298, 26 октомври 2012 година, стр. 1).

8 Делегирана Регулатива (ЕУ) бр. 1268/2012 на Комисијата од 29 октомври 2012 година за правилата за примена на Регулатива (ЕУ, Евроатом) бр. 966/2012 на Европскиот парламент и на Советот за финансиските правила применливи на општиот буџет на Унијата (Сл. весник L 362, 31 декември 2012 година, стр. 1).

(ѓ) Активностите се планирани, со јасни и проверливи цели, кои треба да се постигнат во рамките на одреден период; добиените резултати треба да се оценуваат преку конкретни, мерливи, усогласени, реални и временски поврзани (СМАРТ) индикатори;

(е) Секоја дискриминација врз основа на пол, расно или етничко потекло, религија или верување, спреченост, возраст или сексуална ориентација треба да се спречи во текот на спроведувањето на помошта;

(ж) Целите на претпристапната помош се во согласност со начелото на одржлив развој, вклучувајќи ублажување на климатските промени и адаптација.

(2) Помошта за корисник на ИПА II се обезбедува во согласност со рамката на политиката за проширување утврдена од страна на Европскиот совет и на Советот и се заснова на Комуникацијата за стратегијата за проширување и Извештаите за напредокот содржани во годишниот пакет за проширување на Комисијата, како и на релевантните резолуции на Европскиот парламент.

Во согласност со специфичните цели утврдени во член 2(1) од Регулативата за ИПА II, тематските приоритети за обезбедување на помош во согласност со потребите и капацитетите на корисниците на ИПА II се утврдени во Анекс I кон оваа спогодба. Секој од овие тематски приоритети може придонесе за постигнување на повеќе од една специфична цел.

Во согласност со специфичните цели утврдени во точка (г) од член 2(1) од Регулативата за ИПА II, помош се доделува за поддршка на прекуграничната соработка, меѓу корисниците на ИПА II и помеѓу нив и земјите-членки или земји во рамките на Инструментот за европско соседство, со цел да се унапредат добрососедските односи, да се поттикне интеграцијата во Унијата и да се унапреди социо-економскиот развој. Тематските приоритети за помош за територијална соработка се утврдени во Анекс S кон оваа спогодба.

(3) Помош според ИПА II се обезбедува врз основа на индикативни стратешки документи на една земја или на повеќе земји (во понатамошниот текст „стратешки документи“), изготвени за време на траењето на повеќегодишната финансиска рамка на Унијата за периодот од 2014 до 2020 година, од страна на Комисијата во партнерство со корисниците на ИПА II.

(4) Давањето на помошта од ИПА II е предмет на исполнување на обврските на корисникот на ИПА II според оваа спогодба и според секторските спогодби и спогодбите за финансирање, доколку ги има.

**ЧЛЕН 6 НАЧЕЛО НА СОПСТВЕНОСТ**

(1) Сопственоста на програмирањето и спроведувањето на помошта од ИПА II се наоѓа првенствено во корисникот на ИПА II.

(2) Корисникот на ИПА II назначува Национален ИПА координатор (НИПАК), кој ќе биде главен составен дел на Комисијата за целокупниот процес на: стратешко планирање, координација на програмирање, следење на спроведувањето, евалуација и известување за помошта од ИПА II.

НИПАК ги врши следниве работи:

(а) обезбедува координација во рамките на администрацијата на корисникот на ИПА II и со други донатори и обезбедува тесна врска меѓу користењето на помошта од ИПА II и општиот процес на пристапување;

(б) го координира учеството на корисниците на ИПА II во соодветните програми за територијална соработка, имено програмите за прекугранична соработка наведени во член 27 од Регулативата за спроведување на ИПА II, како и, доколку е соодветно, транснационалните или програмите за соработка помеѓу регионите кои се воспоставени и се спроведуваат според Регулатива (ЕУ) бр. 1299/2013 и програмите за прекугранична соработка кои се воспоставени и спроведени според Регулатива (ЕУ) бр. 232/2014. НИПАК може да ја делегира оваа координативна задача на координатор за територијална соработка или на оперативната структура како што е соодветно;

(в) администрацијата на корисникот на ИПА II ќе ги преземе сите неопходни чекори за да се олесни спроведувањето на сродните програми.

(3) НИПАК е висок претставник на Владата или на државната администрација на корисникот на ИПА II со соодветниот орган.

(4) За да се обезбеди зајакната основа за управување со претпристапната помош и националните фондови, Комисијата и корисникот на ИПА II се вклучуваат во дијалог за управување со јавните финансии. Во оваа смисла, Комисијата го оценува степенот на усогласеност на администрацијата на корисникот на ИПА II со начелата на отворен и уреден јавен систем за финансиско управување. Кога администрацијата е усогласена со овие барања само делумно, корисникот на ИПА II и Комисијата се договараат за потребните мерки за решавање на утврдените недостатоци.

**Член 7 МЕТОДИ НА СПРОВЕДУВАЊЕ**

Помошта од ИПА II во Република Македонија се спроведува од страна на Комисијата како што е предвидено во Финансиската регулатива според:

(а) директно управување од страна на одделите на Комисијата, вклучувајќи ги и нејзините вработени во делегациите на Унијата и/или преку извршни агенции како што е дефинирано во точка (а) од член 58(1) од Финансиската регулатива;

(б) индиректно управување, при што Комисијата доверува задачи за спроведување на одредени буџетски програми или акции на корисникот на ИПА II како што е дефинирано во точка (i) од точка (в) од член 58(1) од Финансиската регулатива, задржувајќи ја целокупната крајна одговорност за општо спроведувањето на буџетот во согласност со член 58(2) од Финансиската регулатива;

(в) индиректно управување со субјекти, освен корисници на ИПА II како што е дефинирано во точките (ii), (iii), (v) до (vii) од точка (в) од член 58(1) од Финансиската регулатива;

(г) поделено управување со земјите-членки како што е дефинирано во точка (б) од член 58(1) од Финансиската регулатива за програмите за прекугранична соработка кои ги вклучуваат земјите-членки на Европската унија и кое се спроведуваат во согласност со Регулативата за спроведување на ИПА II.

Член 8 Спогодби за финансирање

(1) Онаму каде се бара со сродната одлука за финансирање, Комисијата и корисникот на ИПА II потпишуваат Спогодба за финансирање во согласност со член 6 од Регулативата за спроведување на ИПА II.

(2) Спогодбите за финансирање треба да обезбедат, *меѓу другото*, услови под кои ќе се управува помошта од ИПА II, вклучувајќи ги и применливите методи на спроведување, интензитетот на помошта, рокови за спроведување како и правилата за прифатливост на расходот.

(3) Кога програмите се спроведуваат под индиректно управување на корисникот на ИПА II, Спогодбите за финансирање содржат одредби кои се бараат според член 40 од Деловникот за примена на Финансиската регулатива и ги утврдуваат одредбите за дефинирање на *екс-анте* контроли за доделување на грант и постапки за набавки, доколку ги има, треба да се извршат од страна на делегацијата на Унијата/Комисијата, како и контролите и надзорот, доколку ги има, треба да се спроведат од страна на делегацијата на Унијата или Комисијата.

(4) За програмите за прекугранична соработка помеѓу корисниците на ИПА II или корисниците на ИПА и земјите во рамките на Европскиот инструмент за соседство, една единствена Спогодба за финансирање може да биде потпишана од страна на Комисијата и сите земји кои учествуваат во одредена програма.

(5) Правилата за спроведување на програмите за прекугранична соработка меѓу една или повеќе земји-членки и еден или повеќе корисник(-ци) на ИПА II, се утврдуваат во Спогодбата за финансирање за дадената прекугранична програма за соработка која треба да биде потпишана помеѓу корисник на ИПА II, Комисијата и каде е применливо, земјата-членка домаќин на управниот орган на таа прекугранична програма за соработка.

(6) Во согласност со член 26 од Регулатива (ЕУ) бр.1299/2013 година, условите за спроведување на програмата за регулирање на финансиско управување, како и програмирање, следење, проценка и контрола на учеството на трети земји, преку придонесот од ресурсите на ИПА II за транснационални програми и програми помеѓу регионите за соработка кои се воспоставени и се спроведуваат според таа регулатива меѓу земјите-членки и еден или повеќе корисници на ИПА II ќе бидат воспоставени во соодветната програма за соработка, и, каде што е потребно, во спогодбата за финансирање помеѓу Комисијата, владите на засегнатите трети земји и земјата-членка домаќин на управниот орган на соодветната програма за соработка истовремено обезбедувајќи дека тие услови се во согласност со правилата на кохезионата политика на Унијата.

(7) Оваа рамковна спогодба ќе се применува на сите секторски спогодби и спогодбите за финансирање кои се склучени меѓу договорните страни за финансиска помош во рамките на ИПА II. Онаму каде постојат секторските спогодби во врска со дадена политичка област или програма важат за сите спогодби за финансирање склучени според таа политичка област или програма. Кога нема спогодба за финансирање, се применуваат правилата вклучени во оваа спогодба.

**Член 9** **Секторски спогодби**

Повеќе детали во врска со програмите за рурален развој во рамките на области од политиката за земјоделство и рурален развој надополнувајќи ја оваа спогодба ќе бидат утврдени во соодветните секторски спогодби, кои меѓу другите аспекти, ќе утврдат мерки преку кои ќе се спроведе помошта.

## ОДДЕЛ II ПРАВИЛА ЗА ИНДИРЕКТНО УПРАВУВАЊЕ ОД СТРАНА НА КОРИСНИКОТ НА ИПА II

## НАСЛОВ I СИСТЕМИ ЗА УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА

**Член 10** **Воспоставување на структури и органи за индиректно управување од страна на корисникот на ИПА II**

(1) Следниве структури и органи се утврдени од корисникот на ИПА II во случај на индиректно управување:

(а) националниот ИПА координатор (НИПАК);

(б) националниот координатор за авторизација (НАО);

(в) оперативните структури.

Оперативната структура за програмите за рурален развој во рамките на области од политиката за земјоделство и рурален развој се состои од следниве посебни органи кои работат во тесна соработка:

(i) управниот орган како јавно тело дејствува на национално ниво, треба да биде задолжен за подготовка и спроведување на програми, вклучувајќи избор на мерки и нивни публицитет, координација, евалуација, следење и известување за засегнатата програма раководена од висок официјален претставник со посебни надлежности; и

(ii) Агенцијата за рурален развој во рамките на ИПА со функциите од слична природа како агенција за плаќање во земјите-членки е одговорна за публицитет, избор на проекти, како и овластување, контрола и сметководство на обврски и плаќања и извршување на плаќања.

(2) НАО воспоставува управувачка структура составена од Националниот фонд и канцеларија за поддршка на НАО.

(3) Корисникот на ИПА II обезбедува орган за ревизија.

(4) Корисникот ИПА II обезбедува соодветна поделба на должностите помеѓу и во рамките на структурите и органите наведени во ставовите од (1) до (3). Должностите се раздвоени кога различни задачи поврзани со трансакцијата се наменети за различни вработени, на тој начин помагајќи да се осигури дека секоја одделна задача е правилно преземена.

**Член 11 ФУНКЦИИ И ОДГОВОРНОСТИ НА СТРУКТУРИТЕ И ОРГАНИТЕ**

(1) На структурите и органите наведени во член 10 треба да им се доделуваат функциите и одговорностите кои се утврдени во Анекс А кон оваа спогодба и тие се во согласност со рамката за внатрешната контрола од Анекс Б кон оваа спогодба.

Корисникот на ИПА II веднаш ја информира Комисијата за сите значајни промени во врска со структурите и органите наведени во член 10.

(2) Функциите и одговорностите на посебните задачи од една политичка област или програма може да се утврдат во секторски спогодби или во спогодби за финансирање во согласност со основниот пристап избран за доделување на функции и одговорности утврдени во Анекс А кон оваа спогодба.

(3) Кога при индиректно управување на корисник на ИПА II на конкретни лица и/или субјекти им била дадена одговорност за некоја активност во однос на управување, спроведување, контрола, надзор, следење, евалуација, известување и ревизија на програми, корисникот на ИПА II треба да им овозможи на овие лица и/или субјекти да ги извршуваат должностите во врска со таа одговорност. Ова особено ги вклучува случаите каде што не постои хиерархиска врска помеѓу таквите лица и/или субјекти и органите кои учествуваат во таа активност. Корисникот на ИПА II, особено им обезбедува на лицата и/или субјектите овластување да воспостават:

(а) формални работни аранжмани меѓу нив и засегнатите органи;

(б) соодветен систем за размена на информации меѓу нив и засегнатите органи, вклучувајќи го правото да бараат информации и право на пристап до документи и персонал на самото место, доколку е потребно;

(в) стандардите кои треба да се исполнат и постапките кои треба да се следат.

## НАСЛОВ II ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА ДОВЕРУВАЊЕ НА КОРИСНИКОТ НА ИПА II ЗАДАЧИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ

**Член 12 Услови за доверување на корисник на ИПА II задачи за извршување на буџетот**

(1) Комисијата ги доверува задачите за извршување на буџетот на корисникот на ИПА II, со склучување на спогодба за финансирање.

(2) При управување на фондовите на ИПА II, корисникот на ИПА II ги почитува начелата за стабилно финансиско управување[9], транспарентност и

[9] Начелото на здраво финансиско управување се состои од начелата на економичност, ефикасност и ефективност. Начелото на економичност налага ресурсите кои се користат да бидат достапни во догледно време, во соодветна количина и квалитет и по најдобра цена. Начелото на ефикасност се однесува на најдобриот однос помеѓу употребените ресурси и постигнатите резултати. Начелото на ефективност се однесува на остварување на поставените цели и постигнување на планираните резултати.

недискриминација и обезбедува видливост на помошта од ИПА II. Корисникот на ИПА II гарантира ниво на заштита на финансиските интереси на Европската унија еднакво на она пропишано со Финансиската регулатива при управување со фондови на ИПА II, со должно внимание за:

(а) природата на задачите што им се доверени и износите кои се вклучени;

(б) финансиските ризици кои се вклучени;

(в) нивото на гаранција кое произлегува од нивните системи, правила и постапки, заедно со мерките преземени од страна на Комисијата, за надзор и поддршка на спроведувањето на задачите што им се доверени.

(3) Со цел да се заштитат финансиските интереси на Унијата, корисникот на ИПА II треба да:

(а) го утврди и да го обезбеди функционирањето на ефективен и ефикасен систем на внатрешна контрола;

(б) користи сметководствен систем кој обезбедува точни, целосни и веродостојни информации навремено и на вообичаен начин, јасно разграничувајќи ги прифатените трошоци и извршените исплати;

(в) гарантира дека структурите и органите наведени во член 10 (1) и (2) се предмет на независна надворешна ревизија, извршена во согласност со меѓународно прифатените стандарди за ревизија од страна на орган за ревизија функционално независен од засегнатите структури и органи;

(г) применува соодветни правила и постапки за обезбедување на финансиски средства од помошта од ИПА II преку грантови, набавка и финансиски инструменти.

(4) Исто така, корисникот на ИПА II треба да:

(а) обезбеди, во согласност со член 23, *екс пост* објавување на информации за примателите на помошта од ИПА II;

(б) обезбеди разумна заштита на личните податоци како што е утврдено во Директива 95/46/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот[10] и Регулатива (ЕЗ) бр. 45/2001 на Европскиот парламент и на Советот[11].

(5) Онаму каде се направени значителни промени во системите или правилата на корисникот на ИПА II или на постапките кои се однесуваат на управување кое е доверено на корисникот на средства од Унијата од ИПА II, корисникот на ИПА II, без одлагање, ја известува Комисијата. Комисијата ги разгледува договорите за финансирање склучени со корисникот на ИПА II, со цел да се обезбеди континуирано исполнување на условите утврдени во став 3.

---

10 Директива 95/46/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 24 октомври 1995 година за заштита на лицата при обработката на лични податоци за слободното движење на овие податоци (Сл. весник L 281, 23 ноември 1995 година, стр. 31).

11 Регулатива (ЕЗ) 45/2001 на Европскиот парламент и на Советот од 18 декември 2000 година за заштитата на лицата во однос на обработката на лични податоци од институции и органи на Заедницата и за слободното движење на овие податоци (Сл. весник L 8, 12 јануари 2001 година, стр. 1).

**Член 13** **ДОВЕРУВАЊЕ НА ЗАДАЧИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА БУЏЕТ**

(1) НАО во име на корисникот на ИПА II, е одговорен за поднесување на барање до Комисијата да му бидат доверени задачи за извршување на буџетот во согласност со одредена програма или мерка.

(2) Пред поднесување на барањето од став 1, НАО гарантира дека структурата на управување и релевантната(-ите) оперативна(-и) структура(-и) ги задоволува(-ат) условите од точките (а), (б) и (г) од член 12(3) и оние од Анекс Б кон оваа спогодба. Притоа НАО може да се потпре на резултатите од проценката која е извршена *екс-анте* во врска со националната акредитација за која е одлучено според Регулатива (ЕЗ) бр. 1085/2006 на Советот[12] или претходна спогодба за финансирање.

Кога НАО не може да се потпре на *екс-анте* проценка, барањето се поддржува со ревизорско мислење за управувачка структура и оперативната(-ите) структура(и), изготвено од страна на надворешен ревизор кој е независен од структурите и органите според член 10(1) и (2) и се заснова на испитувања спроведени според меѓународно прифатените стандарди за ревизија.

(3) Барањето треба да биде придружено со потврда од НАО, НИПАК и раководителот на органот за ревизија дека тие се подготвени да ги извршуваат функциите и одговорностите кои им се доделени во Анекс А кон оваа спогодба.

(4) Пред Комисијата да довери задачи за извршување на буџетот според помошта од ИПА II, го разгледува барањето од став 1од овој член и воспоставените структури и органи наведени во член 10 и заради целите на *екс-анте* проценката во согласност со член 61(1) од Финансиската регулатива, добива доказ дека се исполнети условите утврдени во точките (а) до (г) од член 12(3) и оние од Анекс Б кон оваа спогодба. Ова разгледување може да вклучува и проверки на лице место од страна на Комисијата.

За доверувањето задачи за спроведувањето на буџетот според помошта од ИПА II, Комисијата може да се потпре на *екс-анте* проценка која е спроведена во врска со некоја поранешна спогодба за финансирање со корисникот на ИПА II или *екс-анте* проценка извршена во однос на пренесување на овластувањата за управување одлучено според Регулатива (ЕЗ) бр.1085/2006. На барање на Комисијата, корисник на ИПА II обезбедува дополнителни докази ако тие проценки не се однесуваат на сите барања.

**Член 14** **МЕРКИ ВО СЛУЧАЈ НА НЕУСОГЛАСЕНОСТ НА УПРАВУВАЧКАТА СТРУКТУРА И ОПЕРАТИВНИТЕ СТРУКТУРИ СО ТОЧКИТЕ (А), (Б) И (Г) ОД ЧЛЕН 12(3) И АНЕКС Б КОН ОВАА СПОГОДБА**

(1) Откако Комисијата ги доверува задачите за спроведувањето на буџетот, НАО продолжува со следење на исполнувањето од страна на управувачката структура и оперативната(-ите) структура(-и) на применливите барања утврдени во точките (а), (б) и (г) од член 12(3) и Анекс Б кон оваа спогодба. Во случај на неуспех да се исполнат овие барања, НАО ги информира НИПАК и Комисијата,

---

12 Регулатива (ЕЗ) бр. 1085/2006 на Советот од 17 јули 2006 година за воведување на инструмент за претпристапна помош (ИПА) (Сл. весник L 210, 31 јули 2006 година, стр. 82).

без одлагање, и ги презема сите соодветни заштитни мерки во врска со извршените плаќања или потпишани договори.

(2) Исто така, НАО ги презема сите неопходни чекори со цел да се обезбеди повторното исполнување на барањата наведени во став 1.

**Член 15 Привремено прекинување или поништување на делови од Спогодбата за финансирање кои се однесуваат на доверените задачи за извршување на буџетот**

(1) Комисијата ја следи усогласеноста со членовите 12(3) и 51(1) и може да преземе соодветни корективни мерки, вклучувајќи и привремено прекинување или поништување на делови од Спогодбата за финансирање во секое време, доколку условите повеќе не се исполнуваат.

(2) Кога Комисијата привремено прекинува или поништува делови од Спогодбата за финансирање кои се однесуваат на доверените задачи спроведувањето на буџетот, се применуваат следниве одредби:

(а) Комисијата може да ги прекине трансферите на финансиски средства до корисникот на ИПА II;

(б) новите правни обврски од страна на предметната оперативна структура по известувањето за привремено прекинување или поништување не се сметаат за подобни за помош од ИПА II;

(в) без да е во спротивност на која било друга финансиска исправка, Комисијата може да направи финансиски исправки како што е утврдено во член 43 на трансакциите кои претходно не се усогласени со условите за доверувањето на задачи за извршување на буџетот.

(3) Секторската спогодба или спогодбата за финансирање може да утврди дополнителни одредби за укинување или поништување на тие делови во врска со доверените задачи за спроведувањето на буџетот.

## ОДДЕЛ III ПРАВИЛА ЗА ПРОГРАМИРАЊЕ

**Член 16 Програмирање на помошта**

(1) Помошта од ИПА II се обезбедува врз основа на стратешки документи, утврдени за време на траењето на повеќегодишна финансиска рамка на Унијата од страна на Комисијата во партнерство со корисник на ИПА II. Оваа помош се реализира преку програми и мерки како што е наведено во членовите 2 и 3 од Заедничката регулативата за спроведување. Спроведувањето на овој закон, по правило, е во облик на годишни или повеќегодишни програми специфични за земјата или за повеќе земји, како и програми за прекугранична соработка воспоставени во согласност со стратешките документи и изготвени од страна на корисникот на ИПА II и/или од Комисијата, како што е соодветно, и донесени од страна на Комисијата.

(2) Годишните или повеќегодишни програми за една земја или за повеќе земји се засноваат на акциски документи освен ако не е поинаку предвидено со оваа

спогодба. Акциските документи треба да бидат подготвени на национално ниво од страна на соодветните органи назначени од страна на корисникот на ИПА II освен за програми за повеќе земји кои се подготвени од страна на Комисијата во консултации со корисниците на ИПА II. НИПАК обезбедува дека целите утврдени во дејствата или програмите предложени од корисникот на ИПА II се кохерентни со целите во стратешките документи на земјата и водат сметка за соодветните макро-регионални стратегии и стратегии за морски слив. Онаму каде акциските документи се подготвени од страна на корисник на ИПА II, НИПАК ја координира подготовката на документите и истите ги доставува до Комисијата.

(3) Во согласност со член 5(6) од Регулативата за ИПА II, Комисијата ја поттикнува координацијата меѓу соодветните засегнати страни при подготовката на помошта. Во согласност со начелото за сопственост од член 6 од оваа спогодба, корисникот на ИПА II обезбедува дека соодветните заинтересирани страни, вклучувајќи ги и организациите на граѓанското општество и локалните власти се или биле прописно консултирани и дека имаат навремен пристап до соодветни информации што им овозможува да играат значајна улога во процесот на програмирање, во соработка со Комисијата, каде што е соодветно.

(4) Помошта може да биде доделена за да го поддржи учеството на корисникот на ИПА II во програмите на Унијата и во агенциите на Унијата. Учеството на корисникот на ИПА II во програмите од Унијата следи одредени услови утврдени за секоја таква програма во Спогодбата склучена помеѓу Комисијата и корисникот на ИПА II, во согласност со Спогодбите за утврдување на општите начела за учество на корисниците на ИПА II во програмите од Унијата.

(5) Помошта од ИПА II во рамките на програмите за рурален развој во областа на политиката на земјоделството и руралниот развој се обезбедува врз основа на релевантни приоритети утврдени во стратешките документи на земјата, преку претходно дефиниран збир на мерки кои дополнително се утврдени во Секторската спогодба. Спроведувањето е во облик на повеќегодишни програми за рурален развој со поделени обврски во согласност со член 189(3) од Финансиската регулатива, изготвен на национално ниво и го опфаќа целиот период на спроведување на ИПА II. Програмата се изготвува од страна на Управниот орган како што е наведено во точка (i) од член 10(1)(в) од оваа спогодба и се доставува до Комисијата, по консултации со заинтересираните страни.

Помошта во рамките на програмите за рурален развој треба да придонесе за постигнување на следните цели:

(а) Во поглед на приоритетите на Унијата за рурален развој, со помош на развојот на човечкиот и физичкиот капитал да се зголеми безбедноста на храната кај корисникот на ИПА II и способноста на земјоделско-прехранбениот сектор да се справи со конкурентскиот притисок, како и прогресивно да се усогласи секторот со стандардите на Унијата, особено оние кои се однесуваат на хигиената и на животната средина, стремејќи се кон рамномерен територијален развој на руралните средини.

(б) Канализирање на инвестициска поддршка преку системи за управување и контрола кои се во согласност со стандардите на доброто владеење на модерната јавна администрација и каде што релевантните структури на земјата

применуваат стандарди еднакви на оние кои се применуваат во сличните организации на земјите-членки на Европската унија.

**Член 17** **Донесување и измени и дополнувања на програмите**

(1) По донесувањето на програмата, програмата може, доколку е потребно, да се измени во согласност со член 2 од Заедничката регулатива за спроведување, со цел да се земат предвид новите информации и резултати во врска со спроведувањето на предметните акции, вклучувајќи резултати од следење и евалуација, како и потребата да се приспособат износите на помошта кои се на располагање. Секој предлог за измени и дополнувања поднесен од корисникот на ИПА II, соодветно треба да е потврден и да ги вклучува најмалку следниве информации: текстот на измените и дополнувањата на програмата, причините за предложените измени и дополнувања, очекуваните ефекти од измените и дополнувањата и изменетите финансиски табели за дејствија/акции/мерки, кога предложените измени се од финансиска природа.

(2) Корисникот на ИПА II предлага измени и дополнувања на програми секогаш кога е потребно да се одразат промените во соодветното законодавство на Унијата или кога промените во условите за спроведување го бараат тоа.

(3) Се применуваат деталните одредби за подготвување, усвојување и измени и дополнувања на програмите како што е предвидено во релевантните документи и инструкции подготвени од страна на Комисијата.

## ОДДЕЛ IV ПРАВИЛА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ

## НАСЛОВ I ОПШТИ ПРАВИЛА И НАЧЕЛА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ

**Член 18** **Правила за набавки и доделување на грантови**

(1) Со помошта според ИПА II, политичките области се управуваат во согласност со правилата за надворешна акција содржани во Наслов IV од Дел Два од Финансиската регулатива и нејзините правила за примена.

(2) Сите услуги, набавки и договори за работа и спогодби за грантови се доделуваат и спроведуваат во согласност со постапките и стандардните документи кои се утврдени и објавени од страна на Комисијата за спроведување на надворешните акции кои се во сила во времето на отпочнување на постапката во прашање, освен ако поинаку не е предвидено со секторските или финансиските спогодби.

(3) Резултатите од тендерските постапки, како и од доделувањето на грантови и награди се објавуваат според правилата наведени во став 1 и како што понатаму е определено во член 23.

(4) Во случај на индиректно управување од страна на корисникот на ИПА II, во рок од еден месец по влегувањето во сила на соодветната спогодба за финансирање, НАО обезбедува план за набавка/финансиски предвидувања за програмата или акцијата која се спроведува во рамките Спогодбата за финансирање на Комисијата. Оваа обврска не се однесува на помошта од ИПА II во рамките на

програмите за рурален развој во политичката област на земјоделството и руралниот развој.

(5) Во однос на набавката, транспонираната Директива 2014/24/ЕУ во националното законодавство на корисникот на ИПА II се смета за еквивалентна на правилата применети од страна на Комисијата во согласност со Финансиската регулатива. Комисијата може да прифати таков национален закон да се применува за спроведување на помошта од ИПА II во зависност од условите во релевантната одредба во Спогодбата за финансирање.

**Член 19 Правила за националност и потекло за постапките за јавни набавки, грантови и други постапки за доделување**

(1) Учеството во постапката за доделување на договори за јавни набавки, грантови и други постапки за доделување за акции кои се финансирани во рамките на ИПА II ќе биде отворено за сите физички лица кои се државјани на, и правни лица кои се ефективно со седиште во следниве земји (во понатамошниот текст како „квалификувани земји“), и за меѓународни организации[13]:

(а) Земјите-членки, корисниците на ИПА II, членовите на Европскиот економски простор и партнерските земји опфатени со Европскиот инструмент за соседство; и

(б) земјите за кои е основан реципрочен пристап до надворешната помош од страна на Комисијата. Реципрочен пристап може да се додели, за ограничен период од најмалку една година, секогаш кога земјата одобрува подобност под еднакви услови на субјекти од Унијата и земји кои се подобни во рамките на ИПА II. Пред Комисијата да одлучи за реципрочен пристап и за негово траење, се консултира со корисникот на ИПА II.

Правни лица можат да вклучуваат организации на граѓанското општество, како што се невладини непрофитни организации и независни политички фондации, организации засновани на заедница и непрофитни агенции од приватниот сектор, институции и организации и нивни мрежи на локално, национално, регионално и меѓународно ниво, сè додека тие имаат законски права и должности кои се во согласност со соодветните национални закони.

(2) Ако акциите се заеднички кофинансирани со партнерот или други донатори, или преку фонд основан од страна на Комисијата, земјите кои се подобни според правилата на тој партнер, друг донатор или земјата-членка или се утврдени во Акт за основање на трустовски фондови, исто така ќе бидат подобни.

Ако акциите се спроведуваат во индиректно управување преку едно од доверените тела наведени во точките (ii) до (viii) од член 58(1)(в) од Финансиската регулатива, земјите кои се подобни според правилата на тоа тело, исто така се подобни.

Ако акциите се заеднички финансирани од ИПА II и од друг инструмент за надворешна акција, вклучувајќи го и Европскиот фонд за развој, земјите

---

13 Меѓународни организации се меѓународни јавни секторски организации основани со меѓувладини договори, специјализирани агенции формирани од такви организации и други непрофитни организации асимилирани во меѓународните организации со одлука на Комисијата.

идентификувани во рамките на ИПА II и други инструменти, се сметаат за подобни за целите на тие акции.

Кога акциите од глобална, регионална или прекугранична природа кои се финансирани од ИПА II, земјите, територииte и регионите опфатени со акцијата може да се сметаат за подобни за целите на таа акција.

(3) Сите набавки купени според договор за набавка, или во согласност со спогодба за грант, кои се финансирани од ИПА II треба да потекнуваат од квалификувана земја.

Сепак, тие може да потекнуваат од било која земја, доколку износот на резерви кој се купува е под прагот за користење на конкурентна договорена постапка. За целите на овој член, изразот „потекло“ се дефинира во член 23 и 24 од Регулатива (ЕЕЗ) бр. 2913/92 на Советот[14].

(4) Правилата според овој член не се применуваат, и не создаваат национални рестрикции за физички лица кои се вработени или на друг начин законски ангажирани од страна на квалификуван изведувач или, каде што е применливо, подизведувач.

(5) Со цел да се промовираат локалните капацитети, пазари и стоки, приоритет ќе се даде на локалните и регионалните изведувачи кога Финансиската регулатива предвидува награда врз основа на единствен тендер. Во сите други случаи, учеството на локалните и регионалните изведувачи се потпомага во согласност со релевантните одредби на Финансиската регулатива.

(6) Подобноста како што е дефинирана во овој член може да биде дополнително ограничена во Спогодбата за финансирање во однос на националноста, географската локација или природата на кандидатите, каде таквите ограничувања ги наметнува специфичната природа и целите на проектот и каде тие се потребни за ефективно спроведување, особено за учество во постапки за доделување во случај на акции за прекугранична соработка како што е наведено во член 63.

(7) Понудувачите, пријавувачите и кандидатите кои не се од прифатливи земји или стоки од неквалификувано потекло можат да бидат прифатени како подобни од страна на Комисијата во случај на итност или на недостапност на производи и услуги на пазарите на засегнатите земји, или во други уредно потврдени случаи каде што примената на правилата за квалификуваност би ја направила реализацијата на проектот, програмата или акцијата невозможна или многу тешка.

(8) Физичките и правните лица на кои им биле доделени спогодби се во согласност со важечкото законодавство за животна средина, вклучувајќи мултилатерални спогодби за животната средина, како и меѓународно договорени основни трудови стандарди[15].

---

14 Регулатива (ЕЕЗ) бр. 2913/92 на Советот од 12 октомври 1992 година за донесување на Царински закон на Заедницата и други закони на Заедницата со кои се регулира неповластено потекло (Сл. весник L 302, 19 октомври 1992 година, стр. 1).

15 Основните стандарди на МОТ (Меѓународна организација на трудот) за трудот, конвенции за слобода на здружување и колективно договарање, отстранување на принудна или задолжителна

**Член 20** **Учество во програми и агенции на Унијата**

Во случај на учество во програми и агенции на Унијата, спроведувањето се состои од плаќање во буџетот на програмата или агенцијата од страна на корисникот на ИПА II. Соодветната програма за една земја или за повеќе земји може да ги предвиди придонесите во трошоците од учеството на корисниците на ИПА II во програмите и агенциите на Унијата.

**Член 21** **Примена на начелата за буџетска помош за корисникот на ИПА II**

(1) Комисијата може да одлучи да додели буџетска помош на корисник на ИПА II. Таа помош се применува под директно управување. Дополнителна помош во прилог на буџетската помош може да се обезбеди под директно управување, под индиректно управување со корисникот на ИПА II или под индиректно управување со други субјекти, освен корисникот на ИПА II, како што е соодветно.

(2) Исплатата на буџетската помош е условена од задоволителното ниво на напредок кој е направен кон постигнување на целите кои се договорени со корисникот на ИПА II и кои се предвидени во Спогодбата за финансирање.

(3) Деталните одредби во врска со критериумите за подобност кои ја покриваат макро-економската рамка, здравото јавно финансиско управување, транспарентноста и надзорот на буџетот и националните/секторски политики и реформи, како и проценатa на ризик и подготовката, спроведувањето и следењето на буџетската помош се дадени во соодветните документи и инструкции кои се подготвуваат од страна на Комисијата, а кои се применуваат за целите на спроведување на помошта од ИПА II преку буџетска помош.

**Член 22** **Примена на начелата за твининг**

(1) Можат да се применат дејства преку твининг при што администрациите на избраната земја-членка се согласуваат да ја обезбедат бараната експертиза на јавниот сектор. Твинингот се воведува во облик на грант кој ќе ја покрие исплатата на трошоците кои ги создала земјата-членка (земјите-членки) кои се вклучени и особено може да обезбеди долгорочно привремено упатување на советник за претпристапување со функција да обезбеди постојано советување на администрацијата на корисникот на ИПА II, во понатамошниот текст резидентен твининг советник (РТС). Корисникот на ИПА II на РТС му става на располагање соодветни канцелариски капацитети.

Твининг грантот се воведува во согласност со соодветните одредби од Прв дел, Наслов VI за грантови од Финансиската регулатива и нејзините Правила за примена.

(2) Комисијата утврдува прирачник за твининг, кој се применува за сите твининзи и редовно се ажурира.

---

работа, отстранување на дискриминацијата во однос на вработувањето и занимањето и укинување на детскиот труд.

## НАСЛОВ II ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ВИДЛИВОСТ

### Член 23 Информации, публицитет и транспарентност

(1) Корисникот на ИПА II се заложува за зголемена транспарентност и одговорност при испораката на помош, вклучително и преку јавно објавување информации за големината и доделувањето на помошта, обезбедувајќи дека податоците се меѓународно споредливи и можат лесно да се добијат, споделат или објават. Секој кој ја спроведува помошта од ИПА II ги исполнува условите за информации, публицитет и транспарентност и обезбедува соодветна видливост на акциите за ЕУ.

(2) Во случај на индиректно управување од страна на корисникот на ИПА II, оперативните структури се одговорни за објавување на информациите за примачите на помошта од ИПА II на следниов начин:

(а) Објавувањето се прави во согласност со стандардна презентација, на место кое е означено за таа намена и лесно пристапно на интернет страницата на корисникот на ИПА II. Ако не е можно таквото објавување на интернет, информациите треба да се објават преку други соодветни средства, вклучително и службениот весник на корисникот на ИПА II.

(б) Објавувањето се одвива најдоцна до 30 јуни од годината која следи по финансиската година во која се доделени финансиските средства;

(в) Корисникот на ИПА II до Комисијата ја доставува адресата на интернет страницата каде се објавува информацијата. Ако информациите се објавуваат преку кои било други соодветни средства, корисникот на ИПА II на Комисијата ѝ дава целосни детали за употребените средства. Се прави упатување кон оваа локација во местото означено за таа намена на интернет страницата на Комисијата;

(г) Оперативните структури обезбедуваат дека примачот се известува дека тоа ќе биде опфатено во објавениот список на примачи. Сите лични податоци кои се вклучени во овој список се обработуваат во согласност со условите од Регулатива (ЕЗ) бр. 45/2001 и по согледување на условите за доверливост и безбедност.

Корисникот на ИПА II го објавува името и локацијата на примачот, износот кој е доделен и природата и целта на доделениот договор. Локацијата на правното лице е неговата адреса. Локацијата на физичкото лице е регион во нивото на НТЕС 2[16].

Информацијата наведена во вториот потстав единствено се објавува за награди, грантови и договори кои се доделени како резултат на конкурси, постапки за доделување на грант или постапки за јавни набавки. Информациите не се објавуваат за договори кои се под прагот наведен во член 137(2) од Правилата за примена на Финансиската регулатива.

---

16 НТЕС е Номенклатура на територијални единици за статистика, а ниво 2 од НТЕС екласата на административни единици со просечна бројност на населението помеѓу 800 000 и 3 милиони.

Кога се работи за податоци кои се однесуваат на засегнатите физички лица, имињата се заменуваат со „физичко лице“ две години по крајот на финансиската година во кој финансиските средства биле доделени. Истото се однесува на личните податоци кои се однесуваат на правните лица за кои службеното име посочува едно или повеќе физички лица.

Објавувањето на имињата на физичките лица се откажува ако тоа објавување претставува ризик од прекршување на нивните фундаментални права или ако им штети на нивните трговски интереси.

Корисникот на ИПА II приложува список на податоци кои треба да се објават за физичките лица со оправдувања за предложеното откажување на објавувањето до Комисијата која мора да даде претходно одобрение за овој список. Онаму каде е потребно, Комисијата ја комплетира локацијата на физичкото лице, која е ограничена на регион на ниво 2 од НТЕС.

Објавувањето на договори може да се откаже ако тоа објавување претставува ризик од нанесување штета на трговските интереси на изведувачите или корисниците на грантот. Корисникот на ИПА II приложува список со оправдувања до Комисијата која мора да даде претходно одобрување за таквото откажување на објавувањето.

(3) Во случај на индиректно управување од страна на корисникот на ИПА II, соодветните органи, во согласност со постапките и стандардните документи утврдени и објавени од страна на Комисијата за спроведување на надворешните дејства, кои се во сила во времето на започнувањето на засегнатата постапка, подготвуваат известување за доделување на договор, веднаш по потпишување на договорот и го испраќаат до Комисијата за објавување, освен ако поинаку не е предвидено во Финансиската регулатива и дополнително определено во секторските спогодби. Известувањето за доделување на договорот може исто така да се објави од страна на корисникот на ИПА II во соодветните медиуми.

(4) Стратешките документи и програми, како и сите нивни ревизии, се јавни документи, онаму каде е соодветно и се стават на располагање на јавноста и граѓанското општество.

**Член 24 Видливост и известување**

(1) Комисијата и корисникот на ИПА II се договараат за кохерентен план за активности за видливост и известување за да ги стават на располагање и активно да ги рекламираат информациите за програмите и акциите според помошта од ИПА II во Република Македонија. Постапките за спроведување на таквите активности се утврдуваат во секторските и спогодбите за финансирање.

(2) Во случај на директно управување, за спроведувањето на активностите наведени во став 1 е одговорна Комисијата со помош на корисникот на ИПА II.

(3) Во случајот на индиректно управување од страна на корисникот на ИПА II и за програмите за прекугранична соработка како што е наведено во точки (б) и (в) од член 63(2), спроведувањето на активностите наведени во став 1 е под одговорност на оперативната (-ите) структура (-и) на корисникот(-ците) на ИПА II.

(4) Активностите за видливост и известување покажуваат како одредено дејство придонесува кон договорените програмски цели и кон процесот на пристапување и се насочени кон зајакнување на општата свест на јавноста, како и помагање на финансираните дејства и целите кон кои се стреми. Активностите за видливост и известување имаат за цел на соодветната целна публика да ù ја потенцираат додадената вредност и влијанието на програмите и акциите на Унијата. Дејствата за видливост, исто така, промовираат транспарентност и отчетност за употребата на финансиските средства.

(5) Корисникот на ИПА II известува за своите активности за видливост и известување пред комитетот за следење на ИПА и секторските комитети за следење.

## НАСЛОВ III ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИ И ДОВЕРЛИВОСТ

### Член 25 Заштита на податоци

(1) Корисникот на ИПА II обезбедува разумна заштита на личните податоци. Лични податоци се сите информации во врска со едно физичко лице. Сите операции кои се извршени во врска со личните податоци, како на пример, собирање, забележување, организирање, чување, прилагодување, или примена, пребарување, консултација, употреба, објавување, бришење или уништување се засноваат врз правила и постапки на корисникот на ИПА II и единствено ќе се извршат доколку истото е потребно за спроведување на помошта од ИПА II.

(2) Особено, корисникот на ИПА II презема соодветни технички и организациски безбедносни мерки во врска со ризиците кои се својствени при таква операција и природата на информациите поврзани со засегнатото физичко лице, со цел:

(а) Да се спречи кое било неовластено лице да добие пристап до компјутерските системи кои ги извршуваат тие операции, а особено неовластено читање, копирање, менување или отстранување на медиумите за складирање; неовластен внес на податоци како и какво било неовластено објавување, менување или бришење на зачуваните информации;

(б) Обезбедување дека овластените корисници на ИТ систем кој извршува такви операции може да пристапи само до информациите на кои се однесува нивното право на пристап;

(в) Дизајнирање на неговата организациска структура на начин на кој истата ги исполнува горенаведените барања.

### Член 26 Доверливост

(1) Корисникот на ИПА II е согласен документите кои ги поседува субјект наведен во точки (ii) до (iii) од член 58(1)(в) од Финансиската регулатива на кој Комисијата му ги доверила задачите за извршување на буџетот, да можат да се проследат до Комисијата од страна на тој субјект единствено заради целите на следење на извршувањето на тие задачи. Комисијата ги почитува постапките за доверливост договорени помеѓу корисникот на ИПА II и тој субјект, во согласност со одредбите од оваа спогодба.

(2) Без да е во спротивност на член 50, корисникот на ИПА II и Комисијата ја зачувуваат доверливоста на секој документ, информациите или друг материјал кој е директно поврзан со спроведувањето на помошта од ИПА II кој е класифициран како доверлив.

(3) Страните си разменуваат претходна писмена согласност меѓу себе, пред јавно да ја објават таквата информација.

(4) Страните и понатаму се обврзани на доверливост пет години после завршувањето на периодот за извршување.

## НАСЛОВ IV ДОДЕЛУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИ И ОДАНОЧУВАЊЕ

### Член 27 Доделување на капацитети за спроведување на програмите и извршување на договори

(1) Со цел да се обезбеди ефективно спроведување на програмите според ИПА II, корисникот на ИПА II ги презема сите потребни мерки за да обезбеди:

(а) дека, во случај на постапки за тендер за услуги, набавка или изведување на работи, како и доделувања на грантови и твининг проекти, физичките или правните лица кои се подобни да учествуваат во постапките за доделување во согласност со член 19, имаат право на привремен престој онаму каде важноста или времетраењето на договорот тоа го дозволува. Ова право се добива само откако постапката започнала и може да го искористи управниот и техничкиот персонал, вклучувајќи ги и РТСи, кои се потребни за спроведување на истражувања и други подготвителни мерки за подготвување на понуди/апликации/предлози. Ова право истекува еден месец по одлуката за доделување на договорот;

(б) дека тендерите и апликантите можат да ги доставуваат нивните понуди/апликации/предлози без да наидат на какви било пречки, како што се дополнителни правни, административни или царински, во врска со условите кои го нарушуваат еднаквиот третман на учесниците во тендерот или апликантите, освен ако тие услови не се содржани во основниот програмски документ кој го носи Комисијата;

(в) тој персонал кој учествува во спроведувањето на помошта од ИПА II и членовите на нивните непосредни семејства добиваат не помалку поволни подобности, привилегии и изземања од оние кои вообичаени му се даваат на друг меѓународен или иселенички кадар кој е вработен во Република Македонија, според која било друга билатерална или мултилатерална спогодба или постапка за помош и техничка соработка.

(г) тој персонал кој учествува во спроведувањето на помошта од ИПА II и членовите на нивните непосредни семејства имаат право на влез во Република Македонија, да основаат седиште во Република Македонија, да работат таму и да си заминат од Република Македонија, во зависност од тоа што е оправдано според природата на основниот договор;

(д) доделување на сите дозволи кои се потребни за увезување на стоки, особено професионална опрема, која е потребна за извршување на основниот

договор, која подлежи на постојни закони, правила и прописи на корисникот на ИПА II;

(ѓ) тој увоз кој се спроведува според ИПА II се иззема од сите давачки;

(е) доделување на сите дозволи кои се потребни за повторен извоз на горенаведените стоки, еднаш штом целосно се изврши основниот договор;

(ж) доделување на одобрувања за увоз или стекнување на странска валута кои се потребни за спроведување на основниот договор и примената на прописите за контрола на националната размена на недискриминирачки начин за изведувачите, без разлика на нивната националност или место на седиште;

(з) доделувањето на сите дозволи кои се потребни за репатријација на финансиските средства во однос на дејството финансирани според ИПА II, во согласност со прописите за контрола на странската размена кои се во сила во Република Македонија;

(ѕ) дека трансакциите кои се потребни за спроведување на договорите кои се финансирани според ИПА II ќе се изземат од постапките кои бараат трансфер на плаќањата за стоки и/или услуги на нивните изведувачи во странство преку банки или финансиски институции кои функционираат во Република Македонија.

(2) Корисникот на ИПА II обезбедува целосна соработка на сите соодветни органи. Тој исто така ќе обезбеди пристап до државните компании и други владини институции кои се вклучени или се потребни за спроведувањето на програма или за извршување на договорот.

(3) По влегување во сила на оваа спогодба, корисникот на ИПА II го донесува или изменува законодавството и/или овозможува акти кои се потребни за ставање во сила на условите од постапките утврдени во овој член, истовремено одржувајќи ги овие постапки едноставни, разумни и временски ефикасни колку што е можно повеќе.

**ЧЛЕН 28 ПРАВИЛА ЗА ДАНОЦИ, ЦАРИНСКИ ТАКСИ И ДРУГИ ФИСКАЛНИ ДАВАЧКИ**

(1) Освен онаму каде е наведено поинаку во Секторска спогодба или Спогодба за финансирање, даноците, царинските такси и увозните такси и давачки и/или давачки кои имаат еднаков ефект не се подобни според ИПА II. Ова правило исто така се применува и на кофинансирањето кое го дава корисникот на ИПА II и примачите на помошта од ИПА II.

(2) Се применуваат следните одредби:

(а) Секој увоз од страна на изведувачите на Унијата се дозволува да влезе во Република Македонија без да подлежи на царински давачки или увозни давачки, данок на додадена вредност (ДДВ), акцизи за минерални масла и патнички возила или на кои било други такси, даноци или давачки кои имаат еднаков ефект. Тоа изземање единствено се применува на увозот поврзан со стоките кои се доставуваат и/или услугите кои се даваат и/или работите кои се извршуваат од страна на изведувачите на Унијата според договор на Унијата. Република Македонија обезбедува дека засегнатиот увоз се ослободува од точката на влез за достава до изведувачите на Унијата, како што се бара според одредбите од

договорот и за непосредна употреба, како што се бара за нормално спроведување на договорот, без одложување или спор во врска со порамнувањето на горенаведените такси, даноци или давачки;

(б) Изведувачите на Унијата се изземаат од ДДВ за која било услуга која е направена и/или доставените стоки и/или работи кои се извршени според договорот на Унијата. Стоките кои се доставени или направените услуги или извршените работи од страна на еден изведувач за изведувач на Унијата, исто така се изземаат од ДДВ доколку истите се поврзани со целите и активностите според договорот на Унијата. Даночната основа за вкупните изземања кои се применуваат според договорот на Унијата се ограничува на вредноста на фактури од изведувачи на Унијата и изведувачи на изведувачите на Унијата, до максималната вредност на договорот на Унијата;

(в) Изземањето предвидено во став (б), во главно влегува во сила преку *екс-анте* изземање. Кога ова не е технички и/или практично изводливо, тоа влегува во сила преку повраток на средства/израмнување.

Кога се применува *екс-анте* изземање, изведувачот на Унијата или изведувач кој доставува стоки и/или кој дава услуги и/или изведува работи за некој изведувач на Унијата, издава фактура без ДДВ за која корисникот на ИПА II обезбедува дека претходно во функција се ефективен механизам и постапки за *екс-анте* изземање на ДДВ.

Кога се применува постапка за рефундирање, изведувачите на Унијата и изведувачите на изведувачите на Унијата, можат да добијат повраток на ДДВ директно од даночната управа по поднесување на писмено барање до даночната управа пропратено со потребните документи кои се потребни во согласност со законодавството на Република Македонија за повраток на ДДВ.

Изведувачот на Унијата и изведувачите на изведувачите на Унијата имаат право да го надоместат или одземат секој влезен ДДВ кој се плаќа во врска со стоките кои се доставени и/или дадените услуги и/или изведените работи според помошта од ИПА II кои се изземаат од ДДВ, како што се предвидува со оваа спогодба, наспрема секој ДДВ кој се собира од нив за која било од нивните секојдневни деловни трансакции надвор од ИПА II.

Даночната управа го исполнува секое барање за изземање, повраток на данок, изземање и израмнување во рок од најмногу 60 календарски денови без каков било друг трошок освен минималните и разумни административни давачки;

(г) Добивката или приходот кои произлегуваат од договорите на Унијата се оданочуваат во Република Македонија во согласност со националниот/локалниот даночен систем. Сепак, физичките и правните лица, вклучувајќи го и експатрираниот кадар и РТСи, резидент или со седиште во земјите-членки на Европската унија или други земји кои се подобни според ИПА II, освен корисникот на ИПА II, кој ги извршува договорите на Унијата се изземаат од данокот на добивка или данокот на приход во Република Македонија, вклучувајќи задржување даноци;

Грант од Унијата за еден корисник на грант не се смета за добивка или приход за тој корисник на грант. Кога една добивка е резултат од договор за грант, Комисијата има право да го наплати процентот на добивка во согласност со условите од основниот договор. Останатата добивка може да се оданочи во согласност со националниот/локалниот даночен систем.

(д) Расходите на изведувачите на Унијата се ослободуваат од акцизи или од кои било други даноци или давачки кои имаат еднаков ефект за расходот во врска со стоките кои се набавени и/или услугите кои се дадени и/или работите кои се изведени од страна на тој изведувач на Унијата според договорот на Унијата;

(ѓ) Изведувачите на Унијата ќе бидат изземени од „Трансфер на данок на имот“ или кои било други даноци или давачки со еквивалентен ефект што произлегуваат од стоки и/или права и/или изградени објекти и/или финансиски средства што им се префрлени;

(е) Лични предмети и други предмети од домаќинството во лична сопственост кои се увезени за лична употреба од страна на физички лица (и членови на нивните непосредни семејства), освен оние кои се вработени локално, кои изведуваат задачи дефинирани во договорите за грантови за услуги и/или работи и/или твининг договори или завети се изземаат од царински давачки, увозни царини, даноци и давачки и/или даноци кои имаат еднаков ефект и/или заплашувачки прекумерни колатерални услови, наведените лични предмети и други предмети од домаќинството во лична сопственост кои повторно се извезуваат или се фрлаат во земјата, во согласност со прописите кои се во сила во Република Македонија по прекинување на договорот.

(ж) Договорите од Унијата, договорите потпишани од страна на изведувачите на Унијата, како и партнерите во здруженија или во фирми со заедничко вложување или кокорисници и поврзани субјекти во грантови не подлежат на давачки за печат или регистрација или на каква било друга давачка која има еднаков ефект во Република Македонија. Ова изземање исто така се однесува на трансакциите (вклучувајќи и доделување на права) и документи во врска со плаќањата кои се извршени на изведувачот на Унијата, вклучувајќи ги и договорите кои се склучени помеѓу корисниците на грантот/кредитот (вклучувајќи ги и нивните партнери, поврзаните субјекти или корисници на подгрант/кредит) и нивните изведувачи (вклучувајќи го нивниот персонал или експертите со кои е склучен договор) и договорите кои се склучени за инцидентни и провизорни расходи во согласност со договорите за услуги и договорите за изведување на работи, соодветно;

(з) За целите на оваа спогодба, изразот „*изведувач на Унијата*“ има значење на физички и правни лица, кои даваат услуги и/или доставуваат стоки и/или изведуваат работи во согласност со договор на Унијата. Поимот „изведувач на Унијата“ исто така се однесува и на корисниците на грант/кредит (вклучувајќи ги и партнерите, поврзаните субјекти и корисниците на под-грант/кредит, како и твининг изведувачи), партнери во здруженија или претпријатија со заедничко вложување, изведувачи и РТСи во согласност со твининг договорите, како и изведувачите според Техничката помош и Инструментот за размена на информации (ТАИЕКС);

(ѕ) Изразот „*договор на ЕУ*“ е секој договор или спогодба за грант, вклучувајќи и спогодби за под-грант/кредит и спогодби за делегирање кои се под индиректно управување, преку кој една активност се финансира во согласност со ИПА II, вклучувајќи го и кофинансирањето од страна на корисникот на ИПА II или примачите на помошта од ИПА II и кој е потпишан од страна на Европската комисија или од страна на корисникот на ИПА II или од страна на корисник на грант. Поимот „договор на Унијата“ исто така ги опфаќа

одредбите за помош според ТАИЕКС и учеството во програмите на Унијата, вклучувајќи и грантови кои се добиваат според програмите на Унијата и кофинансирањето на тие грантови.

(3) Секогаш кога е потребно, корисникот на ИПА II го донесува или изменува второстепеното законодавството и/или овозможува акти кои се потребни за влегување во сила на даночните одредби во оваа спогодба веднаш по неговото влегување во сила.

(4) Правилата и постапките кои се наведени во овој член исто така се применуваат на кој било сличен данок, царинска давачка или давачки кои имаат еднаков ефект, кои можат да се поднесат по датумот на влегување во сила на оваа спогодба, покрај или како замена на веќе постојните.

(5) Во случај на судир помеѓу одредбите во овој член и националното законодавство на корисникот на ИПА II, одредбите од оваа спогодба преовладуваат. Во случај на пристапување во Унијата, корисникот на ИПА II продолжува и понатаму да ги применува одредбите во членови 27 и 28, освен онаму каде истите се некомпатибилни со неговите обврски во согласност со соодветното *acquis* на Унијата.

## ОДДЕЛ V ПРАВИЛА ЗА ФИНАНСИСКО УПРАВУВАЊЕ НА ПОМОШТА ОД ИПА II

### НАСЛОВ I ОПШТИ ОДРЕДБИ

#### Член 29 Прифатливост на расходот

(1) Една ставка од расходот финансиран според Регулативата за ИПА II не подлежи на какво било финансирање според буџетот на Унијата.

(2) Пред склучување на соодветните договори за Финансиска спогодба и потпишаните додатоци, расходот направен од примателите и извршените исплати направени од страна на корисникот на ИПА II не подлежат на финансирање според Регулативата за ИПА II.

(3) Следниот расход не е подобен за финансирање според Регулативата за ИПА II:

(а) купување на земјиште и постојни градби, освен кога истото е оправдано заради природата на дејството во одлуката за финансирање;

(б) друг расход како што се предвидува во секторските или спогодбите за финансирање.

(4) Конечниот датум за прифатливост на расходот се утврдува во спогодбите за финансирање.

#### Член 30 Интензитет на помош и стапка на придонес од Унијата

(1) Помошта од ИПА II го помага спроведувањето на напорите за реформи на корисникот на ИПА II, како што е наведено во член 1 од Регулативата за ИПА II.

Посебните програми и самостојните дејства можат да бараат финансиски придонеси и од корисникот на ИПА II и од Унијата.

(2) Онаму каде се потребни придонесите и од корисникот на ИПА II и од Унијата, придонесот од Унијата се пресметува во врска со прифатливиот расход, како што се дефинира во секторските или спогодбите за финансирање.

## НАСЛОВ II ПРАВИЛА ЗА ИНДИРЕКТНО УПРАВУВАЊЕ ОД СТРАНА НА КОРИСНИКОТ НА ИПА II

### Член 31 Прифатливост на расходот според индиректното управување

Според програмите за рурален развој во политичката област земјоделство и рурален развој, се применуваат следните специфични одредби:

(а) Расходот за техничка помош за поддршка на подготовка на програми за рурален развој и поставување на системи за управување и контрола може да биде прифатлив пред датумот на донесување на одлуката на Комисијата за одобрување на програмата за рурален развој, но најдоцна до 1 јануари 2014 година;

(б) Инвестициските проекти според програмите за рурален развој остануваат подобни за финансирање од Унијата доколку, во рок од пет години од конечната исплата од страна на оперативната структура, не претрпат значителна измена;

(в) Во случај на единични трошоци, паушални износи кои не надминуваат 100 000 ЕУР јавен придонес и финансирање според рамна стапка, определени со примената на процент на една или повеќе дефинирани категории на трошоци, ЕУ ги покрива само износите како што е утврдено за секоја мерка во програмите и се дефинира од страна на соодветната Агенција на ИПАРД, пред повикот за поднесување на апликации.

### Член 32 Ревизорска трага

НАО обезбедува дека сите соодветни информации се достапни за во секое време да се обезбеди доволно детална ревизорска трага. Овие информации опфаќаат документарен доказ за одобрување на барањата за плаќање, за сметководството и плаќањето на тие барања и за третманот на авансите, гаранциите и долговите.

### Член 33 Плаќања на од Унијата

(1) Плаќањето на придонесот од Унијата се врши во границите на расположливите финансиски средства.

(2) Плаќањата се во облик на претфинансирање, времени плаќања и порамнување на конечниот биланс. Во случај на посебни програми и самостојни дејства, плаќањата на придонесот од Унијата за финансирање на засегнатите дејства се пресметува со примена на стапката на кофинансирање утврдена во одлуката за финансирање на прифатливиот расход потврден во согласност со точка (а) од

Клаузула 2(3) од Анекс А кон оваа спогодба, што е предмет на максималниот износ од придонесот од Унијата утврден во одлуката за финансирање.

(3) До 15 јануари и 15 јули секоја година, корисникот на ИПА II до Комисијата испраќа прогноза за неговото барање за плаќање за засегнатата финансиска година и за последователната финансиска година, во врска со сите политички области и програми на ИПА II. Комисијата може да побара ажурирање на прогнозата како што е соодветно.

(4) Плаќањата од страна на Комисијата во Националниот фонд се вршат во рок од 90 дена откако ќе се исполнат условите од членови 34, 35или 37. Овој временски рок за барањата за плаќање може да се прекине од страна на Комисијата со цел да се побараат сите основни документи кои се потребни за разјаснување на сите елементи кои се важни за изјавата за расходи, вклучувајќи и информации за известување за неправилности во согласност со член 51(2) и Анекс Ж кон оваа спогодба.

(5) Износите утврдени во програмите кои се поднесени од страна на корисникот на ИПА II, во изјавите за расходи, во барањата за плаќања и во расходите наведени во извештаите за спроведување се деноминираат во евра. Корисникот на ИПА II обезбедува дека за трезорските текови помеѓу Комисијата и корисникот на ИПА II, стапката забележана за конверзија помеѓу еврото и националната валута е месечната сметководствена стапка на еврото која е утврдена од страна на Комисијата за месецот во кој платениот расход бил забележан во износите на националниот фонд или засегнатата оперативна структура утврдена во соодветната спогодба за финансирање.

(6) Плаќањата од страна на Комисијата во Националниот фонд се вршат, во евра на еврова сметка и зависат од расположливоста на буџетските распределби, во согласност со одредбите утврдени во членови 34, 35 и 37 и секторските или спогодбите за финансирање. Еврова сметка се отвора за секоја програма и се употребува единствено за трансакции во врска со таа програма.

(7) Корисникот на ИПА II обезбедува дека примачите го добиваат вкупниот износ од јавниот придонес навремено и во целост. Нема да се наметне посебна давачка или друга давачка со еднаков ефект која би ги намалила овие износи за примачите и јавниот придонес и средствата кои се на тој начин финансирани не подлежат на каква било административна или судска конфискација, одземање или слични одбитоци.

(8) Во случаи каде билансот на евровата сметка наведена во став 6 е недоволен за да ги покрие барањата за плаќања кои се поднесени од страна на примачите кои чекаат да ја примат исплатата од страна на Комисијата, корисникот на ИПА II ги употребува националните финансиски средства за да го претфинансира придонесот од Унијата. Во овие случаи националните финансиски средства се третираат како финансиски средства од Унијата и став 6 се применува во моментот кога целосната исплата на националниот придонес, ако има таков, и придонесот од Унијата кој е претфинансиран од националните финансиски средства, се забележува во сметките на Националниот фонд.

(9) Помошта од ИПА II може единствено да го покрие расходот кој е направен и платен од страна на корисникот на ИПА II во согласност со правилата за подобност, како што е предвидено во Финансиската регулатива, нејзините правила за примена, Заедничката финансиска регулатива, Регулативата за

спроведување на ИПА II и членови 29, 30 и 31 и како што е утврдено во секторските или спогодбите за финансирање доколку е применливо.

(10) Размената на информации во врска со финансиските трансакции помеѓу Комисијата и структурите и органите наведени во член 10, онаму каде е соодветно, се прават по електронски пат, со употреба на постапки кои се договорени помеѓу Комисијата и корисникот на ИПА II.

**Член 34** **Претфинансирање**

(1) Минималните услови за барање за претфинансирано плаќање се како што следува:

(а) НАО ја известило Комисијата за отворање на засегнатата еврова сметка;

(б) соодветната Спогодба за финансирање е склучена и е во сила.

(2) Деталните одредби во врска со пресметувањето на претфинансираните плаќања за годишни и повеќегодишни програми се утврдува во секторските и/или спогодбите за финансирање.

(3) Вкупниот износ за претфинансирање се плаќа најдоцна кога програмата се затвора, освен ако не е поинаку наведено во секторската или Спогодбата за финансирање.

**Член 35** **Меѓуплаќања**

(1) Минималните услови за меѓуплаќање се како што следува:

(а) НАО до Комисијата испратил барање за плаќање, вклучувајќи изјава за расход во која се наведуваат детално направените и платените трошоци и вклучувајќи информации, онаму каде е соодветно, за претфинансирање. Барањето за плаќање, исто така, ги опфаќа соодветните информации за спроведувањето како што се наведени детално во секторската или спогодбата за финансирање;

(б) горните граници за придонес од Унијата, како што е утврдено во одлуката за финансирање, се испочитувани;

(в) НИПАК до Комисијата го има испратено годишниот извештај за спроведување во согласност со член 59(1), вклучувајќи го и најновиот;

(г) ревизорското тело, во согласност со точка (б) од Клаузула 5(3) од Анекс А кон оваа спогодба, до Комисијата го има испратено најновото ревизорско мислење и годишниот извештај за ревизорска активност;

(д) соодветната спогодба за финансирање е во сила;

(ѓ) сите побарани информации од страна на Комисијата се обезбедени.

(2) Без да е во спротивност на годишното ревизорско мислење и испитувањето и прифаќањето на одлуката за сметки, ако се чини дека не е во согласност со применливите правила, или финансиските средства не се соодветно употребени, плаќањата можат да се суспендираат или прекинат во согласност со член 60(4) од Финансиската регулатива и постапката утврдена во членови 39 и 40.

**Член 36** **Испитување и прифаќање на сметководствени постапки**

(1) Целта на испитувањето на сметководствените постапки е да се обезбеди дека расходот кој е направен и платен од страна на корисникот на ИПА II во контекст на индиректно управување и кои би можело да се исплатат од буџетот на Унијата е во согласност со применливите правила на Унијата и дека сметките се целосни, прецизни и вистинити.

(2) Испитувањето и прифаќањето на сметководствената постапка се состои од:

(а) анализата на изјавите за расход како што се поднесени од страна на НАО;

(б) анализата на конечниот извештај за спроведување во согласност со член 59(4);

(в) анализата на мислењето испратено од страна на ревизорското тело за изјавата за расходот, поддржана со извештај за ревизорска активност, онаму каде е соодветно;

(г) анализата на соодветните документи како што е наведено во секторската или спогодбата за финансирање и, онаму каде е соодветно, проверки на лице место од страна на Комисијата, кои не подлежат на ограничувања или рестрикции, за содржината на тие финансиски извештаи или изјави и за основните трансакции, вклучувајќи проверки кои се направени кај примачите;

(д) утврдување, од страна на Комисијата, на износот на расход признат како што е прифатен во буџетот на Унијата, после, онаму каде е соодветно, контрадикторна постапка и откако корисникот на ИПА II е известен;

(ѓ) пресметување на финансиската исправка која произлегува од разликата помеѓу пријавениот расход и расходот признат како што е прифатен во буџетот на Унијата;

(е) наплата или повторна наплата од страна на Комисијата на билансот кој произлегува од разликата помеѓу прифатениот расход во буџетот на Унијата и сумите кои се веќе платени на корисникот на ИПА II.

(3) Испитувањето и прифаќањето на сметководствената постапката наведена во став 2 не е во спротивност со можноста Комисијата да ги наплати неподобните расходи во подоцнежна фаза врз основа на извршените ревизии и инспекции во текот или по примената на програмата.

**Член 37** **Порамнување на конечниот биланс**

(1) Минималните услови за порамнување на конечниот биланс се како што следува:

(а) НАО го има испратено до Комисијата конечното барање за плаќање, ако е применливо и завршна финансиска изјава за расход;

(б) НИПАК го има испратено до Комисијата конечниот извештај за спроведување во согласност со член 59(4);

(в) ревизорското тело, до Комисијата, во согласност со точка (iii) од Клаузула 5(3)(б) од Анекс А кон оваа спогодба, има испратено мислење за завршна финансиска изјава за расход, поддржана, онаму каде е соодветно, со конечен извештај за ревизорска активност;

(г) соодветната спогодба за финансирање е во сила;

(д) Комисијата го завршила испитувањето и прифаќањето на сметководствената постапката, како што е предвидено во член 36.

(2) Кога не е направено барање за конечно плаќање, НАО треба да обезбеди завршна финансиска изјава до Комисијата.

**Член 38 Повраt на неупотребени финансиски средства во случаите на повеќегодишни програми со поделени заложби**

(1) Комисијата автоматски врши повраt на кој било дел од буџетската заложба за програма која, до 31 декември од петтата година по онаа на буџетската заложба, не е употребена за претфинансирање или за вршење на времени плаќања или за која НАО не приложил никаква потврдена изјава за расход или никаква апликација за плаќање. Може да се утврди ран рок во секторската или спогодбата за финансирање.

(2) Комисијата навремено го известува НАО секогаш кога постои ризик од поврат како што е наведено во став 1.

**Член 39 Прекин на плаќањата**

(1) Без да е во спротивност на временскиот рок [-ови] за плаќањата, утврдени во член 33(4), Комисијата може да ги прекине плаќањата на корисникот на ИПА II целосно или делумно за целите на спроведување на дополнителни проверки кога:

(а) Комисијата забележува сигурни информации кои посочуваат значителен недостаток во функционирањето на системот за внатрешна контрола или дека потврдениот расход од страна на засегнатиот субјект е поврзан со сериозни неправилности и не е исправен;

(б) прекинувањето е потребно за да се спречи значителна штета по финансиските интереси на Унијата.

(2) Комисијата може да го ограничи прекинувањето до делот на расходот кој е покриен со барање за плаќање засегнат од елементите наведени во став 1. Комисијата веднаш го известува корисникот на ИПА II за причината за прекин и од него ги бара неговите непосредни наоди и да ја поправи ситуацијата. Комисијата става крај на прекинувањето веднаш штом се преземат потребните мерки.

**Член 40 Суспендирање на плаќањата**

(1) Комисијата може да ги суспендира плаќањата на корисникот на ИПА II, особено кога се откриваат системските грешки кои ја доведуваат во прашање веродостојноста на системите за внатрешна контрола на засегнатиот субјект или законитоста и регуларноста на основните трансакции.

(2) Корисникот на ИПА II има можност да ги изнесе своите согледувања во рок од два месеци пред Комисијата да донесе решение за суспензија во согласност со став 1.

(3) Комисијата ја прекинува суспензијата кога корисникот на ИПА II ги има преземено потребните мерки за да ги поправи системските грешки.

Ако корисникот на ИПА II не ги презел мерките, Комисијата може да одлучи да го откаже цел или дел од придонесот на ИПА II кон програмата во согласност со член 43.

**Член 41 Наплата на финансиски средства**

(1) Секоја ситуација која е дефинирана во член 51(5) во кое било време во текот на спроведувањето на помошта од ИПА II или како резултат на ревизија може да доведе до наплата на финансиските средства од корисникот на ИПА II од страна на Комисијата.

(2) НАО го наплаќа придонесот на Унијата кој е платен на корисникот на ИПА II од оние кои биле во која било ситуација дефинирана во член 51(5) или која имала корист од неа, во согласност со националните постапки за наплата за јавни финансиски средства. Фактот што НАО не успева во наплатата на вкупните или дел од финансиските средства, не ја спречува Комисијата да ги наплати финансиските средства од корисникот на ИПА II.

**Член 42 Финансиски прилагодувања од страна на корисникот на ИПА II**

НАО, кој првично ја носи одговорноста за испитување на неправилностите, прави финансиски прилагодувања на засегнатите акции или програми, кога ќе се открие која било ситуација дефинирана во член 51(5) во акциите или програмите, со откажување на целиот или дел од придонесот на Унијата. НАО ги зема предвид природата и тежината на неправилностите и финансиските загуби во придонесот на Унијата.

**Член 43 Финансиски исправки од страна на Комисијата**

(1) Со цел да обезбеди дека финансиските средства од ИПА II се употребени во согласност со применливите правила, Комисијата применува испитување и прифаќање на сметководствени постапки како што е утврдено во член 36 и механизми за финансиски исправки во согласност со член 17 од Регулативата за спроведување на ИПА II и онака како што е наведено во Секторските и финансиските спогодби.

(2) Финансиската исправка може да произлезе од следното:

(а) идентификација на каква било ситуација дефинирана во член 51(5); или

(б) идентификација на слабостите или недостатоците во системите за управување и контрола на корисникот на ИПА II;

(в) последователно следење од страна на Комисијата на извештаите и мислењата на ревизорското тело.

(3) Ако Комисијата открие дека расходот од програмите опфатени од ИПА II е направен и платен на начин кој ги повредува применливите правила, таа донесува одлука кои износи треба да се изземат од финансирањето на Унијата.

(4) Пресметувањето и воведувањето на таквите исправки, како и поврзаните наплати, се врши од страна на Комисијата, следејќи ги критериумите и постапките наведени во ставови 5 до 7 од овој член и членови 36 и 44.

(5) Финансиските исправки се вршат како што е соодветно со надоместок, во ситуациите наведени во став 2.

(6) Комисијата ги применува финансиските исправки врз основа на идентификација на износите кои се незаконски потрошени и врз основа на финансиските импликации за буџетот. Кога таквите износи не можат да се идентификуваат прецизно со цел да се применат поединечни исправки, Комисијата може да наметне исправки врз основа на рамна стапка или исправки засновани на екстраполација на наодите.

(7) Кога се одлучува за износот на исправката, Комисијата ги зема предвид природата и тежината на која било ситуација дефинирана во член 51(5) и/или степенот и финансиските импликации на слабите страни или недостатоците кои се откриени во системот за управување и контрола во засегнатата програма.

**Член 44 Постапка за финансиска корекција и прифаќање на сметки**

(1) Пред да донесе одлука за финансиска исправка, вклучувајќи ги и оние донесени врз основа на испитување и прифаќање на сметководствената постапка, Комисијата го известува НАО за привремените заклучоци и бара негови/нејзини коментари во рок од два месеци.

Кога Комисијата предлага финансиска исправка врз основа на екстраполација на наодите или на рамната стапка во согласност со член 43(6), на корисникот на ИПА II ќе му се даде можност да обезбеди информации кои ќе и овозможат на Комисијата да го утврди реалниот степен на секоја ситуација, дефинирана во член 51(5), преку испитување на соодветната документација. Во договор со Комисијата, корисникот на ИПА II може да го ограничи обемот на ова испитување на дел или примерок од соодветната документација. Освен во соодветно оправдани случаи, времето дозволено за ова испитување не треба да надминува период од два месеци по периодот од два месеци наведен во првиот потстав. Во секторската или спогодбата за финансирање може да има утврдено повеќе детали.

(2) Комисијата донесува одлука откако ќе ги земе во предвид сите докази обезбедени од страна на корисникот на ИПА II.

**Член 45 Повторна употреба на придонесот од Унијата**

(1) Средствата откажани од придонесот на Унијата по финансиските корекции во согласност со член 43 ќе се исплатат на буџетот на Унијата.

(2) Откажаниот или надоместен придонес од страна на корисникот на ИПА II во согласност со член 42 не може повторно да биде употребен за активност или

активности кои биле предмет на надоместување или прилагодување, ниту пак, каде што надоместувањето или прилагодувањето имало системска неправилност, за тековните активности во рамки на целата или дел од програмата или акцијата во која настанала системската неправилност.

**Член 46 Отплата**

(1) Корисникот на ИПА II ќе изврши отплата во општиот буџет на Унијата пред крајниот датум наведен во налогот за отплата изготвен во согласност со член 79 од Финансиската регулатива. Крајниот датум ќе биде последниот ден од вториот месец по издавањето на налогот.

(2) Секое задоцнување во отплатата ќе доведе до камата заради задоцнето плаќање, почнувајќи од крајниот датум и завршувајќи на датумот на фактичко плаќање. Стапката на таква камата ќе биде еден и пол процентен поен над стапката која ја применува Европската централна банка во нејзините операции за рефинансирање на првиот работен ден од месецот во кој е крајниот датум.

## НАСЛОВ III ЗАТВОРАЊЕ НА ПРОГРАМА

**Член 47 Затворање на програмата под индиректно управување од страна на корисникот на ИПА II**

(1) Комисијата писмено го известува корисникот на ИПА II за затворањето на програмата.

(2) Комисијата не ја затвора програмата и нема да го реши конечниот биланс на корисникот на ИПА II без претходно испитување и прифаќање на сметките како што е наведено во член 36.

(3) Затворањето на програма не е во спротивност со правото на Комисијата да преземе финансиски исправки во подоцнежна фаза.

(4) Секторските или спогодбите за финансирање може да содржат подетални правила за затворање на програми.

**Член 48 Затворање на програмата под директно управување и индиректно управување со субјекти, кои не се корисници на ИПА II**

(1) Програмата е затворена кога сите договори и грантови финансирани од оваа програма се затворени.

(2) Комисијата писмено го известува корисникот на ИПА II за затворањето на програмата.

(3) Затворањето на договорот или грантот не е во спротивност со правото на Комисијата да преземе финансиски исправки во подоцнежна фаза.

(4) Секторските или спогодбите за финансирање може да содржат подетални правила за затворање на програми.

**Член 49** **Задржување на документи**

Корисникот на ИПА II ги задржува во рок од шест години, почнувајќи од крајниот датум на спроведување на спогодбата за финансирање, сите документи релевантни за набавки и постапки за доделување на грант, договори, додаток, релевантни дописи и сите релевантни документи во однос на плаќања и надоместоци.

Временскиот период наведен во првиот потстав се прекинува или во случај на правни постапки или од соодветно оправдано барање на Комисијата.

## НАСЛОВ IV НАДЗОР, КОНТРОЛА И РЕВИЗИЈА И ЗАШТИТА НА ФИНАНСИСКИ ИНТЕРЕСИ

**Член 50** **Надзор, контрола и ревизија од страна на Комисијата и од страна на Европскиот суд на ревизори**

(1) Сите Финансиски спогодби, како и сите програми кои се резултат од нив, акции и последователни договори подлежат на надзор, контрола и ревизија од страна на Комисијата, вклучувајќи ја и Европската канцеларија против финансиски измами (ОЛАФ) и ревизии од страна на Европскиот суд на ревизори.

Под индиректно управување од страна на корисникот на ИПА II, ова исто така го опфаќа правото на Комисијата и Делегацијата на Унијата во Република Македонија за, како што е соодветно, да ги спроведат мерките како што следува:

(а) екс-анте проверка на тендерите и склучувањето на договори кои ги спроведуваат сродните оперативни структури;

(б) екс-пост контроли на тендерите, склучувањето на договори, извршувањето на договори, вклучувајќи финансиско управување за нив и програмски активности кои се спроведуваат од страна на сродните оперативни структури;

(в) надзор на функционирањето на основните системи за управување и контрола.

Прописно авторизираните агенти или претставници на Комисијата и ОЛАФ имаат право да спроведуваат секакви технички и финансиски проверки кои Комисијата или ОЛАФ сметаат дека се потребни за надзор или преглед на спроведувањето на програмата, акцијата или договорот, вклучувајќи посети на места и простории во кои се спроведуваат активностите финансирани од ИПА II. Комисијата на засегнатите национални органи им дава претходно известување за тие мисии.

(2) Корисникот на ИПА II назначува служба (служба за координација против измама)[17], за да ја олесни ефективната соработка и размена на информациите, вклучувајќи ги и информациите од оперативна природа, со ОЛАФ.

На службата, според индиректното управување, и се доделуваат координативните административни и оперативни обврски и активности и

---

17 Оваа структура не претставува дел од структурите наведени во член 10 и нејзиното воведување не е предуслов за доверување на задачите за спроведување на буџетот.

предложува измени на националното законодавство како што е соодветно, со цел да се заштитат финансиските интереси на Унијата. Службата, меѓу другото, го води креирањето/спроведувањето на национални стратегии за заштита на финансиските интереси на Унијата, идентификува можни слаби точки во националните системи за управување со фондови на Унијата, вклучувајќи исплатена помош од ИПА II, обезбедува доволен капацитет од човечки капитал за овие задачи, вклучувајќи обука на персонал за спречување на финансиска измама, ја поддржува соработката помеѓу националните администрации, органите на прогонот и ОЛАФ, споделуваат информации за неправилности и случаи на измама за кои постои сомнеж со националните администрации и ОЛАФ и обезбедува исполнување на сите обврски според Регулативи (ЕЗ, Евроатом) бр. 883/2013 на Европскиот парламент и на Советот [18], Регулатива (Евроатом, ЕЗ) бр. 2988/1995 на Советот[19] и Регулатива (ЕЗ, Евроатом) бр. 2185/1996 на Советот[20].

(3) Корисникот на ИПА II ги доставува сите потребни информации и документи, вклучувајќи ги сите компјутеризирани податоци и ги презема сите соодветни мерки за да ја олесни работата на лицата кои имаат насоки за спроведување на ревизии и инспекции.

(4) Корисникот на ИПА II ги чува евиденцијата и сметките соодветни за идентификација на службите, набавките, работите и грантовите финансирани според сродната Финансиска спогодба. Корисникот на ИПА II, исто така, обезбедува дека агентите или претставниците на Комисијата, вклучувајќи ја и ОЛАФ, имаат право да ја испитаат целата соодветна документација и сметки кои се однесуваат на ставки кои се финансираат според сродната Финансиска спогодба и да му помагаат на Европскиот суд на ревизори за да спроведат ревизии во врска со употребата на помошта од ИПА II.

(5) Со цел да се обезбеди ефикасна заштита на финансиските интереси на Унијата, Комисијата, вклучувајќи ја и ОЛАФ, може, исто така, да спроведе проверки на документи и проверки на лице место и инспекции во согласност со Регулатива (ЕУ, Евроатом) бр. 883/2013 и Регулатива (ЕУ, Евроатом) 2185/1996. Овие проверки и инспекции се подготвуваат и спроведуваат во тесна соработка со корисникот на ИПА II, кој се известува навремено за предметот, целта и законската основа на проверките и инспекциите, за да може да ја обезбеди целосната потребна помош. Корисникот на ИПА II посочува служба која ѝ помага на ОЛАФ во барањето за спроведување на истраги во согласност со Регулатива (ЕУ, Евроатом) бр. 883/2013 и Регулатива (ЕЗ, Евроатом) бр. 2185/1996. Службата наведена во став 2 може да ја исполни оваа задача ако има

---

18 Регулатива (ЕУ, Евроатом) бр. 883/2013 на Европскиот парламент и на Советот од 11 септември 2013 година во врска со истрагите спроведени од страна на Европската канцеларија против финансиски измами (ОЛАФ) и за укинување на Регулатива (ЕЗ) бр. 1073/1999 на Европскиот парламент и на Советот и Регулатива (Евроатом) бр. 1074/1999 на Советот (Сл. весник L 248, 18 септември 2013 година, стр. 1).

19 Регулатива (ЕЗ, Евроатом) бр. 2988/1995 на Советот од 18 декември 1995 година за заштита на финансиските интереси на Европските заедници (Сл. весник L 312, 23 декември 1995 година, стр. 1).

20 Регулатива (Евроатом, ЕЗ) бр. 2185/96 на Советот од 11 ноември 1996 година во врска со проверки на лице место и инспекции кои се спроведуваат од страна на Комисијата со цел да се заштитат финансиските интереси на Европските заедници од финансиска измама и други неправилности (Сл. весник L 292, 15 ноември 1996 година, стр. 2).

административни овластувања и овластувања за кривично истражување. Ако корисникот на ИПА II така сака, проверките и инспекциите на лице место можат да се спроведат заедно. Онаму каде учесниците во финансираните активности на ИПА II се спротивставуваат на проверките или инспекциите на лице место, корисникот на ИПА II, постапувајќи во согласност со националните правила, им ја дава на инспекторите на Комисијата/ОЛАФ помошта која им е потребна за да им дозволи да ја извршат својата должност во спроведувањето на проверка или инспекција на лице место.

Комисијата/ОЛАФ во најкус можен рок до корисникот на ИПА II ги пријавуваат сите докази или сомнежи во врска со финансиска измама или неправилности кои ги откриле во текот на проверката или инспекцијата на лице место. Во секој случај, од Комисијата/ОЛАФ се бара да го извести горенаведениот орган за резултатот од тие проверки и инспекции.

(6) Контролите и ревизиите кои се опишани погоре се применливи на сите примачи и подизведувачи кои имаат примено помош од ИПА II, вклучувајќи ги сите поврзани информации кои треба да се најдат во документите на одговорниот орган на корисникот на ИПА II во врска со националниот придонес, ако има таков.

(7) Без да е во спротивност на одговорностите на Комисијата и Европскиот суд на ревизори, сметките и операциите на Националниот фонд и, онаму каде е применливо, оперативните структури можат да се проверат на дискреција на Комисијата од страна на самата Комисија или од страна на надворешен ревизор кој е назначен од страна на Комисијата.

**ЧЛЕН 51 ЗАШТИТА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИНТЕРЕСИ НА УНИЈАТА**

(1) Во согласност со член 60(3) од Финансиската регулатива, корисникот на ИПА II на кој му се доверени задачите за извршување на буџетот од помошта од ИПА II спречува, открива и поправа неправилности и финансиска измама при извршувањето на тие задачи. За таа цел, Корисникот на ИПА II спроведува, во согласност со начелото на пропорционалност, екс-анте и пост анте контроли вклучувајќи, проверки на лице место на репрезентативни и/или ризични примероци на трансакции, за да обезбеди дека акциите кои се финансирани од буџетот ефективно се извршуваат и се применуваат исправно. Корисникот на ИПА II, исто така, врши поврат на незаконски платените финансиски средства и покренува законски постапки онаму каде што е потребно за таа цел.

(2) Корисникот на ИПА II обезбедува истрага и ефективен третман на сомнителните случаи на финансиска измама, судир на интереси и неправилности и под индиректно управување обезбедува функционирање на механизам за контрола и известување како што е наведено во член 16 од Регулативата за спроведување на ИПА II. Корисникот на ИПА II без одлагање, кај Комисијата пријавува сомневање за финансиски измами и други неправилности кои биле предмет на првичен административен и судски наод и постојано ја известува за напредокот на административните и законските постапки. Пријавувањето се врши по пат на електронски средства со употреба на модул кој го обезбедува Комисијата за оваа цел. Освен одредбите за известување утврдени во Анекс Ж кон оваа спогодба, можат да се утврдат дополнителни детали во секторската или спогодбата за финансирање.

(3) Исто така, корисникот на ИПА II, под индиректно управување, ги презема сите соодветни мерки за спречување и борба против сите активни или пасивни пракси на корупција во која било фаза од постапката за набавка или постапка за доделување на грант или во текот на спроведувањето на соодветните договори.

(4) Корисникот на ИПА II, вклучувајќи го и персоналот кој е одговорен за програмирање и спроведување на задачите од финансираните активности од ИПА II, ги презема сите мерки за претпазливост кои се потребни за да се избегне секаков ризик од судир на интереси и веднаш ја известува Комисијата за судир на интереси или за која било ситуација која може да предизвика таков судир.

(5) За целите на овој член се применуваат следните дефиниции:

(а) *Грешка* е ненамерна грешка во пишување и технички грешки кои се направени од страна на корисникот на ИПА II или од примачот на помошта од ИПА II;

(б) *Неправилност* е секое прекршување на одредба од применливите правила и договорите што произлегуваат од постапување или испуштање од страна на некој економски оператор што има, или би имало ефект кој штетно ќе влијае на општиот буџет на Унијата со наплатување на неоправдани расходи од општиот буџет;

(в) *Економски оператор* е секое физичко или правно лице или друго лице кое учествува во спроведувањето на помошта од ИПА;

(г) *Системска неправилност* е секоја неправилност која може да се повторува, со голема веројатност за појавување во слични видови на операции, која произлегува од сериозен недостаток во ефективното функционирање на системите за управување и контрола, вклучувајќи и неуспех да се воведат соодветни постапки во согласност со применливите правила;

(д) *Финансиска измама* е секоја намерна постапка или испуштање во врска со: употребата или презентацијата на лажни, неточни или нецелосни изјави или документи, што како резултат има неправилна распределба или погрешно задржување на финансиски средства од општиот буџет на Унијата или буџетите кои се управувани од или во име на Европската унија, необјавување на информации при прекршување на определена обврска со истиот ефект или неправилна примена на тие финансиски средства за цели кои се различни од оние за кои истите се првично дадени;

(ѓ) *Сомневање за финансиска измама* е неправилност која предизвикува покренување на административни или судски постапки на национално ниво со цел да воведе намерно однесување, поточно финансиска измама, како што е наведено погоре;

(е) *Активна корупција* е намерно дејство на оној кој ветува или дава, директно или преку посредник, предност од каков било вид на некое службено лице, за себе или за трета страна, за да делува или да се воздржи од делување во согласност со неговата должност или при извршување на неговите функции спротивно на неговите службени должности на начин на кој ги оштетува или веројатно ќе ги оштети финансиските интереси на Унијата;

(ж) *Пасивна корупција* е намерно дејство на државен службеник, кој, директно или преку посредник, бара или добива предности од каков било вид, за него или за трета страна, или прифаќа ветување за таква предност, да делува или

да се воздржи од делување во согласност со неговата должност или при извршување на неговите должности спротивно на неговите службени должности на начин на кој ги оштетува или има веројатност дека ќе ги оштети финансиските интереси на Унијата;

(з) *Судир на интереси* има кога непристрасното и објективното извршување на функциите на финансискиот актер или друго лице се загрозени од причини кои го вклучуваат семејството, емотивниот живот, политички или национален афинитет, економски интерес или каков било друг заеднички интерес со примачот;

(s) *Примарен административен или судски наод* е прва писмена процена од страна на надлежен орган, или административен или судски, која е заклучена врз основа на посебни факти дека е извршена неправилност, без да е во спротивност на можноста дека овој заклучок може последователно да се ревидира или повлече како резултат на развојните процеси во текот на административната или судската постапка.

Дефинициите наведени во овој член немаат за цел да се толкуваат како воведување на нови видови на кривични дела во кривичниот законик на Република Македонија или негова измена.

## ОДДЕЛ VI СЛЕДЕЊЕ, ОЦЕНУВАЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ

## НАСЛОВ I СЛЕДЕЊЕ

### Член 52 Комитет за следење на ИПА

(1) Комисијата и корисникот на ИПА II воспоставуваат Комитет за следење на ИПА најдоцна шест месеци по влегувањето во сила на првата Спогодба за финансирање. Овој комитет, исто така, треба да ги исполнува обврските на Комитетот за следење на ИПА согласно Регулатива (ЕЗ) 1085/2006.

(2) Комитетот за следење на ИПА ќе ја разгледа целокупната ефективност, ефикасност, квалитет, доследност, координација и усогласеност на спроведувањето на сите акции во насока на исполнување на целите утврдени во спогодбите за финансирање и стратешките документи на земјата. За оваа цел, онаму каде што е соодветно, тој се потпира на информациите обезбедени од страна на секторските комитети за следење.

(3) Комитетот за следење на ИПА може да дава предлози до Комисијата, до НИПАК и до НАО за обезбедување подобра доследност и координацијата на помошта од ИПА II како што е предвидено во стратешките документи на земјата и, ако е соодветно, мулти-стратешките документи на земјата или во Регулативата за ИПА II, и за подобрување на целокупната ефикасност, ефективност, влијание и одржливост на таквата помош. Исто така, може да даде препораки за корективни акции до надлежниот(-те) секторски комитет(-и) за следење, за да се обезбеди постигнување на целите на ИПА II и да се подобри ефикасноста и ефективноста на ИПА II помошта. За таа цел, каде што е соодветно, треба да се земаат предвид заклучоците и препораките подготвени за

време на следењето и оценувањата започнати од страна или на Комисијата и/или на корисникот на ИПА II.

(4) Комитетот за следење на ИПА го донесува својот Деловник за работа во договор со НИПАК, НАО и Комисијата.

(5) Комитетот за следење на ИПА се состои од претставници на Комисијата, НИПАК и други соодветни државни органи и тела на корисникот на ИПА II и, каде што е соодветно, меѓународни организации, вклучувајќи ги и меѓународните финансиски институции и други засегнати страни, како што е граѓанското општество и организации од приватниот сектор. Претставниците на засегнатите страни ќе бидат избрани според правилата и критериумите дефинирани во Деловникот за работа на Комитетот за следење на ИПА и во договор со Комисијата. Претставник на Комисијата и НИПАК ќе копретседава со состаноците на Комитетот за следење на ИПА.

(6) Комитетот за следење на ИПА се состанува најмалку еднаш годишно. Исто така, може да се свикаат и ад хок состаноци, на иницијатива на Комисијата или на корисникот на ИПА II, особено на тематска основа.

(7) Кога под директно управување нема да се воспостават секторски комитети за следење, како што е наведено во член 53, комитетот за следење на ИПА треба да ги исполнува функциите наведени во став 3 од тој член.

**Член 53 Секторски комитет за следење**

(1) Под индиректно управување од страна на корисникот на ИПА II, се формираат секторски комитети за следење од страна на корисникот на ИПА II според областа на политиката или според програмата, вклучувајќи и на секторско ниво каде што е соодветно, најдоцна шест месеци по влегување во сила на првата спогодба за финансирање поврзана со областа на соодветната политика или програма, по консултации со Комисијата. Кога е соодветно, секторските комитети за следење може да се формираат на ад хок основа според други методи за спроведување.

(2) Секој секторски комитет за следење ја разгледува ефективноста, ефикасноста, квалитетот, доследноста, координацијата и усогласеноста на спроведувањето на акциите во областа на политиката или програмата и нивното усогласување со соодветните национални и, кога е соодветно, регионални секторски стратегии. Се мери напредокот во однос на постигнување на целите на акциите и нивните очекувани исходи, резултати и влијанието преку индикатори поврзани со основната ситуација, како и напредокот во однос на финансиското извршување.

(3) Поддржано со извештаите обезбедени од страна на оперативната(-ите) структура(-и), секторските комитети за следење особено:

(а) вршат преглед на напредокот кон исполнување на целите, постигнување на планираните исходи и резултати, и оценување на влијанието и одржливоста на тековните програми и акции, додека се обезбеди доследност со дијалогот за тековната политика, сродните национални и регионални секторски стратегии и стратегиите за повеќе земји и/или регионални активности во земјата;

(б) вршат преглед на годишните извештаи за спроведување, вклучувајќи и финансиско извршување на акциите;

(в) ги испитуваат соодветните наоди и заклучоци, како и предлозите за корективни следни акции кои произлегуваат од проверките на лице место, следењето и оценувањето, ако истите се на располагање;

(г) дискутираат за сите релевантни аспекти на функционирање на системите за управување и контрола;

(д) дискутираат за сите проблематични прашања и акции;

(ѓ) доколку е потребно, разгледуваат или предлагаат измена на програмите и друга корективна акција за да се обезбеди постигнување на целите на акциите и зголемување на ефикасноста, ефективноста, влијанието и одржливоста на помошта од ИПА II;

(е) вршат преглед на мерките за информации, публицитет, транспарентност, видливост и комуникација донесени во согласност со членови 23 и 24.

Други специфични одредби можат да се бидат утврдени во секторските или спогодбите за финансирање.

(4) Оперативните заклучоци, вклучувајќи ги и сите препораки, ќе бидат подготвени на крајот на состаноците на секторските комитети за следење. Овие заклучоци подлежат на соодветно следење и преглед на следните состаноци на комитетот и се основа за поднесување на извештаи до Комитетот за следење на ИПА за постигнатиот напредок во согласност со член 52(2).

(5) Секој секторски комитет за следење го подготвува својот Деловник за работа во договор со оперативната структура, НИПАК и Комисијата.

(6) Секторскиот комитет за следење се состои од претставници на соодветните национални органи и тела, други засегнати страни, како што се економски, социјални и еколошки партнери и, каде што е соодветно, меѓународни организации, вклучувајќи ги и меѓународните финансиски институции и граѓанското општество. Комисијата учествува во работата на комитетот. Претставниците на засегнатите страни се избираат во согласност со правилата и критериумите утврдени во деловникот за работа. Со состаноците на секторскиот комитет за следење претседава висок претставник на корисникот на ИПА II. Во зависност од областа на политиката или програмата, Комисијата може да ко-претседава со состаноците на комитетот.

(7) Секторските комитети за следење се состануваат најмалку два пати годишно. Исто така, може да се свикаат и ад хок состаноци.

(8) Во текот на спроведувањето на програмите и акциите според Регулатива (ЕЗ) бр. 1085/2006 и според Регулативата за ИПА II, на состаноците на секторскиот комитет за следење воспоставен според член 19 од Регулативата за спроведување на ИПА II, исто така, се разгледува работата преземена од страна на секторските комитети за следење воспоставени во согласност со Регулатива (ЕЗ) бр. 1085/2006, особено во однос на програми и акции во истата компонента на ИПА или област на политика или сектор.

**Член 54** **Други активности за следење**

(1) Корисникот на ИПА II применува транспарентни, недискриминирачки и ефективни постапки за преглед во однос на фактичкото спроведување на

доверените задачи и се заложува да преземе редовно, систематско и соодветно планирано екс-пост следење на прегледите за да се процени ефикасноста, ефективноста, влијанието и одржливоста на помошта од ИПА II.

(2) Други платформи за следење може да се воведат каде што е соодветно. За нивните активности и резултати ќе биде известен Комитетот за следење на ИПА.

## НАСЛОВ II ОЦЕНУВАЊЕ

### Член 55 Основни начела за оценување на помош од ИПА II

(1) Помошта од ИПА II ќе биде предмет на оценување, во согласност со член 30(4) од Финансиската регулатива, со цел да се подобри нејзината релевантност, доследност, квалитет, ефикасност, ефективност, додадена вредност на Унијата, доследност и синергија со дијалог за соодветната политика.

(2) Целите на оценувањето треба да вклучуваат:

(а) проценка на условите за спроведување на помошта, неговите карактеристики, како потенцијални, така и фактички, и неговата доследност со целите на политиката утврдени во поглед на постигнување на долгорочни влијанија и цели;

(б) проценка на релевантноста на договорените резултати и индикатори за влијание за да се постигне долгорочно, глобално влијание и цели;

(в) проценка на процесот на програмирање и системот на следење и, каде што е соодветно, договорите за спроведување;

(г) постигнување отчетност за помошта пред институциите на ЕУ и пред јавноста во однос на вредноста на парите и користењето на средствата;

(д) подготовка на корисни обуки за подобрување на квалитетот и дизајнот на идните политики и интервенции.

За оваа цел, оценувањата се извршуваат навремено и наодите се земаат предвид во следниот циклус на програмирање и спроведување, како и во одлуката за распределба на ресурси.

(3) Оценувањата можат да се вршат на ниво на политика, стратегиско, тематско, секторско, програмско и оперативно ниво, како и на регионално или на ниво на земја.

(4) Можат да се спроведат *екс-анте* оценувања. Овие оценувања ќе имаат за цел да ја оптимизираат распределбата на буџетски средства во рамки на програмите и да го подобрат квалитетот на програмирање. Тие ги идентификуваат и оценуваат разликите, празнините и потенцијалот за развој, целите кои треба да се постигнат, очекуваните резултати, квантитативните цели, доследноста, доколку е потребно, на предложената стратегија и квалитетот на постапките за спроведување, следење, оценување и финансиско управување.

(5) *Привремени оценувања* се вршат кога е соодветно, во согласност со член 18 од Правилникот за примена на финансиската регулатива. Привременото оценување треба да ја процени ефикасноста на помошта, добиените резултати и извлечените поуки во однос на распределените човечки и финансиски ресурси,

со цел да се потврди дека истите се во согласност со поставените цели. Покрај тоа, Комисијата може да врши оценувања на стратешки документи на национално или регионално ниво.

(6) *Екс-пост* оценувањата треба да ја проценат соодветноста, додадената вредност на Унијата, ефикасноста, ефективноста, влијанието и одржливоста на помошта од ИПА II во поглед на постигнување на поставените цели.

(7) При оценувањата се зема предвид целта за одржлив развој и соодветното законодавство на Унијата. Влијанијата и одржливоста на ефектите од помошта од ИПА II, на подолг рок се оценуваат во согласност со правилата и постапките применливи во тој период.

(8) Резултатите од оценувањата се земаат предвид од страна на Комитетот за следење на ИПА и секторските комитети за следење.

(9) Комисијата развива методи за оценување, вклучувајќи и стандарди за квалитет и објективни и мерливи показатели. Корисникот на ИПА II ги следи таквите методи при оценувањата.

**Член 56 Оценувања од страна на Комисијата**

Кога Комисијата спроведува оценувања во согласност со член 12 и 17 од Заедничката регулатива за спроведување, корисникот на ИПА II ја потпомага Комисијата во обезбедување на сите неопходни податоци и информации, во согласност со меѓународните обврски за ефективно користење на помош, за да се овозможи следење и оценување на засегнатите акции, вклучувајќи и индикатори за мерење на напредокот на ниво на земјата, како што е предвидено во стратешките документи на земјата.

**Член 57 Оценување од страна на корисникот на ИПА II под индиректно управување**

(1) Корисникот на ИПА II, на кој му се доверени задачи за извршување на буџетот од помошта од ИПА II, е одговорен за раководење, оценувања на програмите со кои управува, во согласност со член 55.

(2) Корисникот на ИПА II, во консултација со Комисијата, изготвува план за оценување, презентирајќи ги активностите за оценување кои има намера да ги спроведе во различни фази од спроведувањето.

## НАСЛОВ III ИЗВЕСТУВАЊЕ

**Член 58 Општи услови за известување до Комисијата**

До 15 февруари од следната финансиска година, НИПАК ѝ доставува на Комисијата годишен извештај за спроведувањето на помошта од ИПА II. Со извештајот се доставува и образец од Спогодбата за финансирање која треба да содржи особено:

(а) вклученоста на корисникот на ИПА II во програмирање, следење и оценување, комуникација и видливи напори;

(б) проблеми при достигнување на бараните предуслови и во обезбедување одржливост, поврзани мерки преземени/планирани, главни хоризонтални проблеми и преземени мерки за ублажување, проблеми за време на спроведување на активностите;

(в) информации за индикаторите утврдени во стратешките документи на земјата и во документите за програмирање наведени во Оддел III од оваа Рамковна спогодба.

Сите други барања за известување можат да бидат утврдени во секторските или спогодбите за финансирање.

**Член 59 Услови за известување до Комисијата под индиректно управување од страна на корисникот на ИПА II во согласност со член 60(5) од Финансиската регулатива**

(1) Во прилог на барањата наведени во член 58, НИПАК до Комисијата доставува годишен извештај за спроведувањето на доверените задачи за извршување на буџетот до 15 февруари од следната финансиска година, како и примерок од истиот до НАО и ревизорското тело. Извештајот се заснова на информации обезбедени од страна на оперативните структури и го следи образецот доставен со Спогодбата за финансирање, а треба да содржи особено:

(а) резиме на главните достигнувања;

(б) резиме со сите значајни проблеми со кои се среќаваат при спроведување на доверените задачи за спроведување од буџетот и преземање на секакви последователни мерки;

(в) квантитативни и квалитативни информации за напредокот во спроведувањето на целите, резултатите, индикаторите поставени во стратешките документи на земјата и документите за програмирање наведени во Оддел III;

(г) препораки за корективни/понатамошни акции.

(2) До 15 февруари следната финансиска година, НАО доставува до Комисијата, со примерок и до НИПАК и до ревизорското тело:

(а) годишни финансиски извештаи или изјави врз основа на прираст како што е наведено во Спогодбата за финансирање, изготвена во согласност со форматот за годишни финансиски извештаи или изјави во прилог на Спогодбата за финансирање, која јасно ги разграничува трошоците кои се прифатени и извршените плаќања.

(б) годишна изјава за управување по програма подготвена во согласност со Анекс В кон оваа спогодба и која опфаќа:

(i) целосна одговорност за финансиското управување со средствата од ЕУ во Република Македонија и за законитоста и регуларноста на основните трансакции;

(ii) одговорност за ефективно функционирање на системите за управување и внатрешна контрола во рамките на ИПА II;

Ако потврдувањата во согласност со Анекс В кон оваа спогодба не се достапни, НАО ја известува Комисијата за причините и можните

последици, заедно со преземените дејства или дејствата планирани за да се поправи ситуацијата и да се заштитат интересите на Европската унија; и

(в) резиме од извештаите за извршените внатрешни ревизии и за контролите извршени од страна на управувачката структура, обезбедувајќи цврста основа за изјавата за управување. Таквото резиме треба да содржи анализа на природата и степенот на грешки и слабости идентификувани во системи, корективни активности преземени или планирани, како и последователните активности во однос на извештаите издадени од страна на ревизорското тело.

(3) До 15 март од следната финансиска година, органот за ревизија доставува ревизорско мислење до Комисијата и до Владата на Република Македонија, како и примерок од истиот до НИПАК и до НАО, заедно со годишниот извештај за активностите на ревизорското тело, како што е наведено во точка (ii) од Клаузула (5)(3)(б) од Анекс А и Анекс Г и Д од оваа Спогодба.

(4) На крајот од спроведувањето на секоја програма и во рок утврден во Спогодбата за финансирање, НИПАК - врз основа на извештаите од оперативните структури, како што е наведено член 60(1) - го доставува конечниот извештај кој го опфаќа целиот период на спроведување и може да го вклучи последниот годишен извештај.

(5) НИПАК доставува завршен извештај за спроведувањето на помошта од ИПА II, кој го опфаќа целиот период на спроведување на програмите донесени од 1 јануари 2014 до 31 декември 2020 година.

(6) НАО редовно ги пријавува податоците кои се однесуваат на финансиското спроведување, користејќи електронски пренос на податоци. Деталните одредби за фреквенцијата, форматот и видот на податоци кои се пренесуваат се утврдуваат во Спогодбите за финансирање.

**Член 60 Извештаи од оперативните структури под индиректно управување од страна на корисникот на ИПА II**

(1) Оперативните структури ги доставуваат сите потребни информации до НИПАК и до НАО за целите на извештаите наведени во членови 58 и 59.

(2) Во зависност од акцијата или програмата под нејзина одговорност, може да се бара од оперативната структура да изготви сеопфатен годишен извештај кој ја опфаќа целата финансиска година, кој НИПАК ќе го достави до Комисијата, по проверка од страна на одговорниот секторски комитет за следење. Сите барања за известување кои се дополнување кон оние наведени во став 1 се утврдуваат во секторските или спогодбите за финансирање.

**Член 61 Јазик**

Сите извештаи, проценки и други документи кои се однесуваат на подготовка или спроведување на ИПА II програмите треба да и бидат обезбедени на Комисијата на англиски јазик.

## ОДДЕЛ VII ОДРЕДБИ ЗА ПОВЕЌЕГОДИШНИТЕ АКЦИСКИ ПРОГРАМИ СО ПОДЕЛЕНИ ОБВРСКИ

### ЧЛЕН 62 НАЧЕЛА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ЗА ПОВЕЌЕГОДИШНИ АКЦИСКИ ПРОГРАМИ СО ПОДЕЛЕНИ ОБВРСКИ СПРОВЕДЕНИ ПОД ИНДИРЕКТНО УПРАВУВАЊЕ ОД СТРАНА НА КОРИСНИКОТ НА ИПА II

(1) Помошта од ИПА II може да се спроведува под индиректно управување преку повеќегодишни акциски програми со поделени обврски како што е наведено во член 189(3) од Финансиската регулатива и член 6(3) од Заедничката регулатива за спроведување. Таквите програми се подготвуваат од страна на Комисијата, врз основа на секторска(-и) оперативна(-и) програма(-и), или акциски документи како што е соодветно, подготвени од страна на релевантните оперативни структури. Секторските оперативни програми или акциски документи се формираатво тесна консултација со Комисијата и соодветните засегнати страни.

Секторските оперативни програми треба да ги содржат сите информации потребни според инструкциите на Комисијата, вклучувајќи меѓу другото:

(а) проценка на среднорочните потреби и цели;

(б) преглед на консултациите од релевантните засегнати страни;

(в) опис на одбраните стратешки акции;

(г) финансиска табела која за секоја година, за секоја акција, на индикативен начин и за секоја поврзана активност, го определува вкупниот износ од придонесот на Унијата;

(д) предложените методи за оценување и следење;

(ѓ) индикативен список на големи проекти, доколку ги има;

(е) каде што е соодветно, опис на националните структури и органи за управување и контрола на оперативната програма, во согласност со член 10 и Анекс А кон оваа Спогодба.

(2) Како дел од повеќегодишната акциска програма со поделени обврски наведена во став 1, со помошта може да се финансираат големи проекти. За целите на овој член, под „*голем проект*“ се подразбира проект кој се состои од низа на дела, активности или услуги кои се наменети, сами по себе, да постигнат одредена и неделива задача од прецизна економска или техничка природа, која има јасно идентификувани цели и чиј вкупен трошок надминува 10 милиони ЕУР.

(3) Големите проекти се доставуваат до Комисијата за одобрување од страна на корисникот на ИПА II. Одлуката за одобрување на проектот го дефинира физичкиот објект и прифатливите расходи. Тоа е проследено со билатерална спогодба со корисникот на ИПА II, со која се утврдуваат таквите елементи.

(4) При доставување на голем проект до Комисијата, корисникот на ИПА II ги обезбедува сите потребни информации според инструкциите на Комисијата, вклучувајќи меѓу другото:

(а) информации за лицето кое е одговорно за спроведување;

(б) информации за природата на инвестицијата;

(в) распоред за спроведувањето;

(г) процена на севкупниот социо-економски баланс на операцијата;

(д) анализа на влијанието врз животната средина и

(ѓ) финансиски план.

(5) За целите на овој член под *„активност"* се подразбира составен дел на акција која може јасно да се идентификува според трошоците и придонесот на ЕУ, како и видот на финансирање (на пример набавка, грант, итн.) избрани од страна на оперативните структури од засегнатите програми, или под нивна одговорност, што придонесува за целите на акцијата. Во контекст на финансиските инструменти, активноста се состои од финансиските придонеси од програмата до финансиски инструменти и последователна финансиска поддршка обезбедена од таквите финансиски инструменти.

(6) Во случај на големи проекти како што е наведено во став 3, расходите не се прифатливи пред да се усвои Одлуката на Комисијата за одобрување на голем проект.

(7) Во рамките на повеќегодишни програми со поделени обврски, Комисијата има право да побара претходно доставување на предлози и за активности кои не спаѓаат под дефиницијата на големи проекти. Во врска со овие активности, расходите не се прифатливи пред Комисијата официјално да достави до корисникот на ИПА II дека активноста е одобрена.

(8) Во однос на активностите кои треба да бидат финансирани со помош од ИПА II според повеќегодишни акциски програми со поделени обврски како што е наведено во став 1, кои произведуваат нето приходи по нивното завршување, прифатливите расходи ќе бидат однапред намалени земајќи ги предвид потенцијалите на активноста за генерирање нето приходи во текот на одреден референтен период кој ги опфаќа и спроведување на активноста и периодот по нејзино завршување.

За целите на овој став под „нето приход" се подразбира готовински прилив директно платен од страна на корисниците за стоки или услуги обезбедени со активноста, како што се трошоци директно од страна на корисниците за користење на инфраструктурата, продажба или изнајмување на земјиште или згради, или плаќања за услуги помали од трошоците при работа и трошоците за замена на опрема со краток животен век која е задолжена во текот на истиот период. Оперативните заштеди на трошоците, генерирани од активноста се третираат како нето приходи, освен ако не се надоместат со еднакво намалување при работа. Кога не сите инвестициони трошоци, директно поврзани и неопходни за активноста, се подобни за финансирање во рамки на помошта од ИПА II, нето приходите се распределуваат пропорционално на подобните и неподобните делови од инвестиционите трошоци. Деталните одредби за пресметување на нето приходот се утврдуваат во соодветната Спогодба за финансирање.

(9) Овој член не е применлив за повеќегодишни програми за рурален развој со поделени обврски.

## ОДДЕЛ VIII ОДРЕДБИ ЗА ПРОГРАМИ ЗА ПРЕКУГРАНИЧНА СОРАБОТКА

### НАСЛОВ I ОПШТИ ОДРЕДБИ

#### Член 63 Облици на прекугранична соработка

(1) Помошта според овој оддел има за цел да ги промовира добрососедските односи, поттикнувајќи интеграција во Унијата и промовирање на социо-економски развој преку заеднички локални и регионални иницијативи.

(2) Прекуграничната соработка обезбедува помош за следново:

(а) Прекугранична соработка меѓу една или повеќе земји-членки и една или повеќе корисници на ИПА II;

(б) Прекугранична соработка меѓу два или повеќе корисници на ИПА II;

(в) Прекугранична соработка каде земјите кои се подобни според Европскиот инструмент за соседство учествуваат во програмите за прекугранична соработка на ИПА II.

(3) Овој оддел се применува на прекуграничната соработка наведена во точките (б) и (в) од став 2. Правилата кои се применуваат на прекуграничната соработка наведена во точка (а) од став 2 се утврдуваат во спогодбите за финансирање кои треба да се склучат во согласност со член 8 од оваа спогодба.

#### Член 64 Дополнителни дефиниции за прекугранична соработка

За целите на овој оддел, се применуваат следниве дефиниции:

(а) „операција“ е проект, договор, акција или група на проекти избрани од договорниот орган на соодветната програма, или под негова одговорност, да придонесе за целите на тематскиот приоритет или тематски приоритети на кои се однесува;

(б) „корисник“ е јавно или приватно тело одговорно за започнување или за започнување и спроведување на операции;

(в) „јавен расход“ е секаков јавен придонес за финансирање на операции, чиј извор е буџетот на националните, регионалните или локалните јавни органи, буџетот на Унијата во однос на помошта од ИПА II, буџетот на здруженија на јавни органи или јавни законодавни тела во служба на јавноста.

#### Член 65 Интензитет на помош и стапка на помош од ИПА II

(1) Одлуката на Комисијата за донесување на програма за прекугранична соработка ја утврдува стапката на кофинансирање и максималниот износ на помош од ИПА II, врз основа или на:

(а) вкупните прифатливи расходи, вклучувајќи ги и јавните и приватните расходи, или

(б) јавните прифатливите расходи

(2) Стапката на кофинансирање на Унијата на ниво на секој тематски приоритет не треба да биде помала од 20% и поголема од 85 % од прифатливите расходи. Стапка на кофинансирање за техничка помош наведена во член 72 ќе изнесува 100%.

## НАСЛОВ II ПРАВИЛА ЗА ПРОГРАМИРАЊЕ

### Член 66 Тематски приоритети и концентрација на прекугранична соработка од ИПА II

(1) Максимум четири тематски приоритети, како што е наведено во Анекс S кон оваа спогодба, се избираат од страна на земјите учеснички за секоја програма за прекугранична соработка.

(2) Програмите за прекугранична соработка, исто така, треба да содржат конкретни буџетски средства за техничка помош на операциите како што е наведено во член 72.

### Член 67 Географски опфат

Земјите учеснички и Комисијата се договараат во однос на листата на прифатливи региони кои ќе бидат вклучени во соодветната програма за прекугранична соработка.

### Член 68 Подготовка, проценка, одобрување и измена на програмите за прекугранична соработка

(1) Програмите за прекугранична соработка се подготвуваат во согласност со образецот на програмата предвидена од страна на Комисијата и се подготвуваат заедно со земјите учеснички.

(2) За секој избран тематски приоритет, земјите учеснички се договараат за специфичните цели, очекуваните резултати, цели и индикатори и видовите на активности кои ќе бидат потпомогнати, вклучувајќи ја и идентификацијата на главните целни групи и корисниците.

(3) Програмата за прекугранична соработка се доставува за одобрување до Комисијата по електронски пат, од страна на корисникот на ИПА II каде што се наоѓа договорниот орган.

(4) Комисијата ја оценува доследноста на програмите за прекугранична соработка со Регулативата за спроведување на ИПА II и нивното ефективно учество во избраните тематски приоритети како што е дефинирано во Анекс S кон оваа спогодба, и целите утврдени во стратешките документи.

(5) Комисијата дава забелешки во рок од три месеци од датумот на доставување на програмата за прекугранична соработка. Земјите учеснички ги доставуваат до Комисијата сите неопходни, дополнително побарани информации и, каде што е соодветно, ја разгледуваат предложената програма за прекугранична соработка.

(6) При одобрување на програмата за прекугранична соработка, по формалното доставување, Комисијата мора да се осигури дека сите нејзини забелешки биле соодветно земени предвид.

(7) На иницијатива на земјите учеснички или на Комисијата, во договор со земјите учеснички, програмите за прекугранична соработка може да се изменат.

(8) Барањата за измена на програмите за прекугранична соработка доставени од страна на земјите учеснички треба да бидат соодветно поткрепени и треба особено да се утврди очекуваното влијание од промените направени кон програмата за прекугранична соработка во постигнување на нејзините цели. Овие барања се придружени со ревидираната програма. Ставови од (3) до (6) се однесуваат на измените и дополнувањата на програмите за прекугранична соработка.

Измени и дополнувања може да се бараат во еден или повеќе од следниве случаи:

(а) по среднорочен преглед на стратешките документи, што води до промени во стратегиите кои значително влијаат на програмите за прекугранична соработка, вклучувајќи ги и промените во локацијата на договорниот орган или финансискиот план;

(б) по значајни социо-економски промени во програмската област;

(в) со цел да се земат предвид големи промени во Унијата, националните или регионалните приоритети;

(г) по резултатите од оценувањата наведени во член 55.

**Член 69 Билатерални договори меѓу земјите учеснички за управување на програми за прекугранична соработка спроведени под индиректно управување**

Под индиректно управување, земјите учеснички склучуваат билатерална спогодба за утврдување на нивните соодветни одговорности за спроведување на соодветната програма за прекугранична соработка, за целото времетраење на програмата за прекугранична соработка. Билатералните спогодби ќе вклучуваат, меѓу другото:

(а) опис на главните структури за спроведување и нивни улоги и одговорности;

(б) опис на договорите за управување, финансиски, контролни и ревизиски договори за програмата за прекугранична соработка;

(в) договори во однос на главните постапки за спроведување, вклучувајќи го и процесот за избор на операции и договори за програмата за прекугранична соработка и ниво на следење на операциите;

(г) договори за обезбедување на законитоста и регуларноста на расходите направени од корисниците, како и за обезбедување дека проверките наведени во клаузула 4(3)(б)(ќ) од Анекс А кон оваа Спогодба се извршени;

(д) поправни мерки во случај на потешкотии при спроведување;

(ѓ) спогодби за гарантирање на стабилно финансиско управување со средствата доделени на програмата за прекугранична соработка, вклучувајќи го и повратокот на неправилно исплатените суми;

(е) договори за даночно изземање, како што е наведено во член 28.

## НАСЛОВ III ОПЕРАЦИИ

### Член 70 Избор на операции

(1) Операциите избрани според програмата за прекугранична соработка јасно ќе ги прикажат влијанието и придобивките од прекуграничната соработка.

(2) Операциите според програмите за прекугранична соработка треба да бидат избрани од страна на договорниот орган преку повици за давање предлози кои ја опфаќаат целата подобна област.

(3) Земјите учеснички исто така може да идентификуваат операции надвор од повикот за давање предлози. Во тој случај, операциите треба да се конкретно наведени во програмата за прекугранична соработка, како што е наведено во член 68.

(4) Операциите избрани за прекугранична соработка треба да вклучуваат корисници од најмалку две земји учеснички. Корисниците треба да соработуваат во развојот и спроведувањето на операциите. Покрај тоа, тие треба да соработуваат или преку вработување на кадар или преку финансирањето на операции, или и двете.

(5) Операцијата може да се спроведе и во една земја учеснички, под услов прекуграничните влијанија и придобивки да се идентификувани.

### Член 71 Корисници

(1) За програмите за прекугранична соработка наведени во точка (б) од член 63(2), корисниците имаат седиште во корисникот на ИПА II кој учествува во програмата. За програмите за прекугранична соработка наведени во точка (в) од член 63(2), корисниците имаат седиште кај корисникот на ИПА II или во земјата во рамките на Европскиот инструмент за соседство која учествува во програмата.

(1) Еден од корисниците на операцијата во програмата за прекугранична соработка се назначува од страна на сите корисници на грант како главен корисник.

(2) Главниот корисник ја презема одговорноста за обезбедување на финансиското спроведување на целата операција, следи дека операцијата се спроведува во согласност со условите утврдени во договорот и ги утврдува постапките со други корисници, за да гарантира стабилно финансиско управување со средствата доделени за операцијата, вклучувајќи ги и спогодбите за надоместок на неправилно исплатени суми.

**Член 72** **Техничка помош**

(1) Секоја програма за прекугранична соработка треба да содржи конкретни буџетски средства за техничка помош на операциите.

(2) Висината на помошта од ИПА II која треба да биде доделена за техничка помош е ограничена на 10 % од вкупниот износ наменет за програмата за прекугранична соработка.

(3) Техничката помош, меѓу другото, опфаќа:

(а) подготовка, управување, следење, оценување, информирање, комуникација, вмрежување, обжалена резолуција, контрола и ревизорски активности поврзани со спроведувањето на програмата за прекугранична соработка;

(б) активности за зајакнување на административниот капацитет за спроведување на програмата за прекугранична соработка;

(в) акции за намалување на административниот товар за корисниците, вклучувајќи систем за електронска размена на податоци, и акции за зајакнување на капацитетот и размена на најдобрите практики меѓу органите кај земјите учесници и корисниците на ИПА II за да управуваат и да ја користат помошта од ИПА II.

Овие акции може да се однесуваат на претходни и следни програмски периоди.

(4) По пат на отстапување од член 31, расходите за техничка помош за поддршка на подготовката на програмата за прекугранична соработка и обезбедување на системи за управување и контрола може да се прифатливи пред датумот на донесување на одлуката на Комисијата за одобрување на програмата за прекуграничната соработка, но не порано од 1 јануари 2014 година.

## НАСЛОВ IV СПРОВЕДУВАЊЕ

**Член 73** **Начини на спроведување**

(1) Програмите за прекугранична соработка се спроведуваат под директно или индиректно управување.

(2) Програмите за прекугранична соработка се управувани од страна на еден договорен орган како што е дефинирано во одлуката на Комисијата за одобрување на соодветната програма за прекугранична соработка.

## НАСЛОВ V ПРОГРАМСКИ СТРУКТУРИ И ОРГАНИ И НИВНИ ОДГОВОРНОСТИ

**Член 74** **Структури и органи за управување со ППС**

(1) Следниве структури, како што е наведено во член 10, се вклучени во управувањето со програмите за прекугранична соработка на корисниците на ИПА II:

(а) НИПАКи на земјите учеснички во програмата за прекугранична соработка и, каде што е применливо, координаторите на територијалната соработка;

(б) НАО и управувачката структура на учесникот корисник на ИПА II каде е лоциран договорниот орган кога прекуграничната програма се спроведува со индиректно управување;

(в) Оперативните структури во сите земји учеснички кои тесно соработуваат во програмирањето и спроведувањето на соодветната програма за прекугранична соработка. Во случај на индиректно управување на оперативната структура треба да се вклучи и договорниот орган;

(г) органот за ревизија кога програмата за прекугранична соработка се спроведува под индиректно управување.

(2) Земјите учеснички формираат Заеднички комитет за следење (во натамошниот текст „ЗКС“), кој исто така треба да ја исполнува улогата на секторскиот комитет за следење наведен во член 53.

(3) Заедничкиот технички секретаријат (во натамошниот текст „ЗТС“) се поставува за да им помогне на Комисијата, оперативните структури и ЗКС.

**Член 75 НИПАК**

Националните ИПА координатори од земјите учеснички заеднички се одговорни за обезбедување дека целите утврдени во предложените програми за прекугранична соработка се доследни со целите од стратешките документи на ИПА II.

**Член 76 Оперативни структури**

(1) Оперативната(-ите) структура(-и) се утврдува(-ат) во рамки на администрацијата за секоја земја учесничка за спроведување и управување со програмите за прекугранична соработка. Истата оперативна структура може да се користи за повеќе од една програма за прекугранична соработка.

(2) При индиректно управување, оперативната структура на земјата на која и се доверени задачи за спроведување од буџетот за дадена прекугранична програма, треба исто така да го вклучи и договорниот орган.

(3) Оперативните структури на земјите учеснички треба тесно да соработуваат за задачите од заеднички интерес. Тие заеднички ги исполнуваат следниве функции и ги преземаат следниве одговорности:

(а) ги подготвуваат програмите за прекугранична соработка во согласност со член 68, или нивните ревизии;

(б) подготвуваат билатерална спогодба во согласност со член 69 во случај на индиректно управување и обезбедуваат нејзино спроведување;

(в) соработуваат при обезбедување дека задачите наведени во ставови 4 и 5 од овој член се исполнети;

(г) обезбедуваат учество на состаноци на ЗКС и други билатерални средби;

(д) номинираат свој претставник(-ци) на ЗКС;

(ѓ) формираат Заеднички технички секретаријат (ЗТС) и обезбедуваат дека е соодветно екипиран;

(е) подготвуваат и спроведуваат стратешки одлуки на ЗКС;

(ж) ја поддржуваат работата на ЗКС и ги обезбедуваат информациите потребни за извршување на нивните задачи, а особено податоци во врска со напредокот на оперативната програма во постигнување на специфичните цели и целите според тематскиот приоритет како што е утврдено во програмата за прекугранична соработка;

(з) воспоставуваат систем за собирање сигурни информации за спроведување на програмата за прекугранична соработка;

(ѕ) изготвуваат годишни и завршни извештаи за спроведување како што е наведено во член 80;

(и) подготвуваат и спроведуваат кохерентен план за комуникација и видливост;

(ј) составуваат годишен план за работа за ЗТС, кој треба да биде одобрен од ЗКС;

(3) Ако програмата за прекугранична соработка се спроведува под индиректно управување, оперативната структура на корисникот на ИПА II каде што е лоциран договорниот орган треба покрај одредбите во Клаузула 4 од Анекс А кон оваа спогодба:

(а) да ги номинира членовите на комитетот за оценување и да обезбеди дека комитетот за оценување вклучува уште еден член со право на глас од земјата каде што не се наоѓа договорниот орган, а договорниот орган ќе го номинира, како негова привилегија, претседавачот и секретарот на комитетот;

(б) да врши функција на следење и управување со операциите во тесна соработка со другите земји учеснички.

(4) Ако оперативната структура на корисникот на ИПА II каде што се наоѓа договорниот орган не може да изврши проверки како што е утврдено во Клаузула 4(3)(б)(ќ) од Анекс А кон оваа спогодба во текот на програмата, земјите учеснички се договараат за тоа како ќе се извршат таквите функции за управување со проверката. Спогодбите за спроведување на такви проверки се образложени во билатералната спогодба наведена во член 69.

**Член 77 Ревизорско тело**

(1) Ревизорското тело за програмата за прекугранична соработка треба да биде оној од земјата каде што се наоѓа договорниот орган.

(2) Функциите на ревизорското тело се оние наведени во Клаузула 5 од Анекс А кон оваа спогодба.

(3) Кога ревизорското тело наведено во став 1 нема овластување директно да ги извршува своите функции на целата територија опфатена со програмата за прекугранична соработка, треба да биде помогнато од страна на група на ревизори составена од претставници од секоја земја учесничка во програмата за прекугранична соработка. Ревизорската група претседава со ревизорското тело

на корисникот на ИПА II каде што се наоѓа договорниот орган за програмата за прекугранична соработка. Конкретните спогодби за спроведување на такви функции се образложени во билатералната спогодба наведена во член 69.

**Член 78 Заеднички комитет за следење (ЗКС)**

(1) Земјите учеснички воспоставуваат ЗКС најдоцна шест месеци по влегувањето во сила на првата спогодба за финансирање.

(2) Секоја земја учесничка назначува свои претставници во ЗКС.

(3) ЗКС треба да биде составен од претставници на НИПАК или координатори за територијална соработка како што е соодветно, како и претставници од земјите учеснички (национални, регионални, локални власти), вклучувајќи оперативни структури за прекугранична соработка, а каде што е соодветно и други засегнати страни, како организации од граѓанското општество. Комисијата треба да учествува во работата на ЗКС со советодавна функција.

(4) Земјата учесничка во која не се наоѓа договорниот орган претседава со ЗКС.

(5) ЗКС се состанува најмалку два пати годишно. Исто така, може да се свикаат ад-хок средби, на иницијатива на земјите учеснички или на Комисијата.

(6) ЗКС го донесува својот Деловник за работа, изготвен во консултација со оперативните структури и Комисијата.

(7) Секоја земја учесничка има еднакво право на глас, без оглед на бројот на претставници кои ги именува.

(8) ЗКС треба:

(а) да биде одговорен за идентификување на тематските приоритети, специфичните цели, целните корисници и специфичниот фокус на секој повик за доставување предлози кои ќе бидат одобрени од страна на Комисијата;

(б) да ги испитува и да обезбеди советодавно мислење на листата на операции избрани преку повици за доставување предлози пред одлуката за доделување на грант. Договорниот орган донесува конечна одлука за доделување на грантови;

(в) да го прегледува напредокот во однос на постигнување на специфичните цели, очекуваните резултати и целите според тематски приоритет како што е утврдено во програмата за прекугранична соработка, врз основа на информациите обезбедени од страна на оперативните структури на земјите учеснички. Напредокот се следи врз основа на индикаторите поставени во програмата за прекугранична соработка;

(г) ги испитуваат соодветните наоди и заклучоци, како и предлозите за корективни следни акции кои произлегуваат од проверките на лице место, следењето и оценувањето, ако истите се на располагање;

(д) да го одобри секој предлог за ревидирање на програмата за прекугранична соработка. Секогаш кога е потребно, може да предложи измена на програмата за прекугранична соработка, како што е наведено во член 68, за да обезбеди постигнување на целите на програмата за прекугранична соработка и зголемување на ефикасноста, ефективноста, влијанието и одржливоста на

помошта од ИПА II. ЗКС, исто така, може да даде препораки за тоа како да се подобри спроведувањето на програмата за прекугранична соработка;

(ѓ) да го испита и одобри планот за комуникација и видливост за програмата за прекугранична соработка;

(е) да го испита и одобри планот за оценување наведен во член 57(2);

(ж) да ги испита и одобри годишните и завршни извештаи за спроведување наведени во член 80;

(з) да го испита и одобри годишниот план за работа на Заедничкиот технички секретаријат.

(9) ЗКС го известува Комитетот за следење на ИПА од земјата во која се наоѓа договорниот орган.

**Член 79 Заеднички технички секретаријат (ЗТС)**

(1) ЗТС за секоја програма за прекугранична соработка се поставува за да им помогне на Комисијата, оперативните структури и на ЗКС. Треба да биде лоциран во земјата во која се наоѓа договорниот орган. ЗТС може да има подрачна канцеларија, (т.н. антена-канцеларија) во друга земја учесничка.

(2) Работата на ЗТС треба да се финансира од буџетот за техничка помош.

(3) ЗТС треба да биде екипиран со државјани од двете земји кои учествуваат во програмата за прекугранична соработка.

(4) ЗТС треба да биде раководен од страна на оперативната структура каде што се наоѓа договорниот орган.

(5) Секоја година за ЗТС се подготвува работен план од страна на оперативните структури и истиот се испраќа до ЗКС за испитување и одобрување.

(6) ЗТС може да биде одговорен, меѓу другото, за следните задачи:

(а) организирање состаноци на ЗКС, вклучувајќи нацрт и доставување на записник;

(б) помош за потенцијалните баратели во наоѓање партнери и развој на проекти, организирање на информативни денови и работилници; развој и одржување на мрежа на засегнати страни;

(в) советување на корисниците на грант при спроведување на проектот;

(г) поддршка на работата на комитетите за оценување;

(д) подготвување, извршување и известување за посетите при следење на операциите за прекугранична соработка;

(ѓ) воспоставување систем за собирање сигурни информации за спроведување на програмата за прекугранична соработка;

(е) обезбедување информации за годишни и завршни извештаи за прекуграничната програма;

(ж) планирање и спроведување кампањи за информирање и други активности поврзани со подигнување на јавната свест за програмата за прекугранична соработка, вклучително и објавување на рекламен материјал за

прекуграничната програма и одржување на веб-страна за програмата за прекугранична соработка.

## НАСЛОВ VI ИЗВЕСТУВАЊЕ

### Член 80 Годишни и завршни извештаи за спроведувањето

(1) Во согласност со член 60, оперативните структури изготвуваат годишен и завршен извештај за спроведување за секоја програма за прекугранична соработка за целите на барањата за известување од членови 58 и 59. Завршниот извештај може да го вклучува последниот годишен извештај. Со извештајот се доставува и образец од Спогодбата за финансирање која треба да содржи особено:

(а) напредокот достигнат во спроведувањето на програмата за прекугранична соработка, а особено во достигнувањето на специфичните цели по тематски приоритети, вклучувајќи квантитативни и квалитативни елементи, кои укажуваат на напредок во однос на целите;

(б) информации за преземените чекори со цел обезбедување на квалитетот и ефективноста на спроведување, особено:

(i) мерки за следење, вклучувајќи и постапки за собирање на податоци и онаму каде е соодветно мерки за оценување;

(ii) краток преглед на кои било важни проблеми, кои се сретнуваат при спроведување на програмата за прекугранична соработка и какви било корективни мерки, кои се преземени;

(iii) препораки за корективни дејства.

(в) мерки преземени за обезбедување на видливост на програмата за прекугранична соработка и за објавување на истата;

(г) детални информации за финансиско спроведување на програмата за прекугранична соработка.

Информацијата наведена во точка (г) е обезбедена од договорниот орган на програмата и е вклучена во извештаите, само под индиректно управување.

(2) По испитување и одобрување на Заедничкиот комитет за следење (ЗКС), извештаите се испраќаат до Националниот координатор на ИПА (НИПАК) и Националниот координатор за авторизација (НАО) на корисникот учесник на ИПА II, каде што е лоциран договорниот орган, како што е соодветно, за поднесување до НИПАК на другите земји учеснички и до Комисијата во рамки на барањата за известување, како што се наведени во членови 58 и 59.

## ОДДЕЛ IX ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 81 Комуникација

Размената на информации и документи помеѓу Комисијата и корисникот на ИПА II во однос на програми, акциски документи и нивни изменувања, како и документација

поврзана со спроведувањето на акции се прави преку електронски средства, до степенот до кој е тоа возможно. Спогодбите кои се однесуваат на размена на податоци се направени помеѓу Комисијата и корисникот на ИПА II и утврдени во Секторската спогодба или Спогодбата за финансирање.

**Член 82** **Консултација**

(1) Какво било прашање поврзано со извршување или толкување на оваа спогодба треба да биде предмет на консултација помеѓу договорните страни кон Спогодбата, што би довело, доколку е потребно, до измена кон оваа спогодба.

(2) При неуспех да се изврши една обврска утврдена во оваа спогодба, која не била предмет на поправни мерки преземени на време, Комисијата може привремено да го прекине финансирањето на активностите според ИПА II.

(3) Корисникот на ИПА II може да го одбие целосно или делумно спроведувањето на помошта од ИПА II. За таа цел, корисникот на ИПА II дава предвремено известување во рок од најмалку 6 месеци. Договорните страни кон оваа спогодба ги утврдуваат деталите на споменатото одбивање преку размена на писма или со изменување на соодветната спогодба за финансирање, во зависност од случајот.

**Член 83** **Решавање на разликите, арбитража**

(1) Разликите кои произлегуваат од толкувањето или спроведувањето на оваа Рамковна спогодба се решени со меѓусебна согласност преку консултација, како што е наведено во член 82. Договорните страни писмено известуваат за нивните ставови и за какво било решение кое го сметаат за возможно. Една договорна страна одговара на барање испратено од друга договорна страна за вонсудска спогодба во рок од 30 дена. По истекот на овој период, или доколку обидот да се постигне вонсудска спогодба не довел до спогодба, во рок од 60 дена од првото барање, која било од договорните страни може да ја извести другата дека смета дека постапката на вонсудска спогодба е неуспешна.

(2) Кога не може да се постигне меѓусебна согласност, која било договорна страна може да го упати прашањето на арбитража од страна на Постојниот суд за арбитража во согласност со Правилникот за арбитража од 2012 година на Постојаниот суд за арбитража, кој влегува во сила на денот на влегувањето во сила на оваа спогодба.

(3) Јазикот кој ќе се користи во постапката на арбитража е англиски. Орган на назначување е Генералниот секретар на Постојниот суд за арбитража, последователно на писмено барање поднесено од која било страна. Договорните страни се согласуваат да се држат до пресудата на судот за арбитража. Одлуката на арбитерот е обврзувачка за сите договорни страни и без право на жалба.

**Член 84** **Спорови со трети страни**

(1) Без да е во спротивност со судската надлежност на кој било суд споменат во договорот финансиран од компонента ИПА II како надлежен суд за спорови кои произлегуваат од договорот помеѓу страните кон него, Унијата, на територијата на Република Македонија, ужива имунитет од тужба, вклучително арбитража,

освен како што е наведено во член 83 од оваа спогодба и правен процес во однос на каков било спор помеѓу Европската комисија и/или корисниот на ИПА II и трета страна, или помеѓу трети страни, кои директно или индиректно се поврзуваат со обезбедување на помош од ИПА II на корисникот на ИПА II согласно оваа спогодба, освен таму каде што Унијата јасно се одрекува од нејзиниот имунитет.

(2) Корисникот на ИПА II го потврдува овој имунитет во секоја правна или административна постапка пред суд, трибунал или административна инстанца во Република Македонија и зазема став кој целосно ги зема предвид интересите на Унијата.Каде што е потребно, корисникот на ИПА II и Европската комисија продолжуваат со напредни консултации за ставот кој треба да се заземе.

**Член 85 Известувања**

(1) Секое соопштение во врска со оваа спогодба е во писмена форма и на англиски јазик. Секое соопштение мора да биде потпишано и доставено како оригинален документ или скениран оригинален документ.

(2) Секое соопштение во врска со оваа спогодба мора да биде испратено на следните адреси:

За Комисијата:

Европска комисија
ГД за соседска политика и преговори за проширување/Д
Rue de la Loi 15
B-1049 Брисел, Белгија
Факс: +32 229 1777
е-пошта: elarg-d@ec.europa.eu

За корисникот на ИПА II:

Секретаријат за европски прашања
Илинденска бр. 2
1000, Скопје
Република Македонија
Факс: +389 (0)2 3114 569
е-пошта: cabinet@sep.gov.mk

**Член 86** **Анекси**

Анексите кон оваа спогодба се составен дел од оваа рамковна спогодба.

**Член 87** **Влегување во сила**

Оваа спогодба влегува во сила на денот на кој последната од договорните страни писмено ја известува другата за нејзиното одобрување во согласност со националното законодавство или постапка на договорната страна.

**Член 88** **Применливост на Рамковната спогодба за ИПА**

Рамковните спогодби и Секторските спогодби потпишани помеѓу Комисијата и Република Македонија продолжуваат да се применуваат за помош која е донесена во претходните претпристапни инструменти, се додека таквата помош не е завршена во согласност со условите на релевантните Рамковни спогодби.

**Член 89** **Измена**

Секоја измена договорена од страна на договорните страни е во писмена форма и претставува дел од оваа спогодба. Таквата измена влегува во сила во согласност со постапката утврдена во став 1 од член 87.

**Член 90** **Престанок**

(1) Оваа спогодба е во сила на неодреден период, освен ако не е прекината со писмено известување од една од договорните страни. Престанокот влегува во сила 3 месеци по датумот на писменото известување.

(2) Во однос на престанокот на оваа спогодба, секоја помош која е во тек на спроведување се прекинува безбедно освен заради почитување на стекнатите права во согласност со посебните договори финансирани од ИПА.

Оваа спогодба е изготвена во два примерока на англиски јазик.

Потпишана, за и во име на Владата на Република Македонија, во Скопје на

од.....

Г. Фатмир Бесими

Заменик претседател на Владата задолжен за европски прашања

Потпишана, за и во име на Комисијата, во Брисел на

од.....

Г. Жан Ерик Паке

Директор

## АНЕКС А

**Функции и одговорности на структурите, органите и телата во согласност со член 10 од оваа Рамковна спогодба**

*Воведна забелешка:*

*Овој список ги прикажува главните функции и заеднички одговорности на засегнатите структури, органи и тела. Не треба да се смета за сеопфатен. Го надополнува централниот дел од оваа спогодба.*

**Клаузула 1 Национален координатор на ИПА (НИПАК)**

НИПАК е воспоставен од страна на корисникот на ИПА II. НИПАК е високорангиран претставник на владата или на државната администрација на корисникот на ИПА II со соодветниот орган. Покрај функциите и одговорностите според членови 6(2), 16(2), 59 и 75 од оваа спогодба, каде задачите за извршување на буџетот се доверени на корисникот на ИПА II, НИПАК:

(а) презема мерки за обезбедување дека целите утврдени во акциите или програмите, за кои се доверени задачите за извршување на буџетот, се соодветно третирани во текот на спроведувањето на помошта од ИПА II.

(б) Во согласност со член 57 од оваа спогодба, да се координира изготвувањето на планот за евалуација во консултација со Комисијата, кој ги претставува активностите на евалуација кои треба да се спроведат во различните фази на спроведувањето во согласност со одредбите од член 55 од оваа спогодба.

**Клаузула 2 Национален координатор за авторизација (НАО)**

(1) НАО го воспоставува корисникот на ИПА II. НАО е високорангиран претставник на владата или националната администрација на корисникот на ИПА II со соодветниот орган.

(2) НАО ја носи целокупната одговорност за финансиско управување на помошта од ИПА II кај Република Македонија и за обезбедување на законитоста и регуларноста на расходот. НАО е одговорен особено за:

(а) управување со сметки и финансиски операции на ИПА II;

(б) ефективното функционирање на системите за внатрешна контрола за спроведување на помошта од ИПА II во согласност со Анекс Б кон оваа спогодба.

При извршувањето на овие функции, НАО може да спроведе и проверки на лице место.

(3) Во смисла на став 2(а), НАО, поддржан од Националниот фонд, ги извршува, особено, следниве задачи:

(а) изготвува и поднесува изјава за расходот до Комисијата, кои ги прецизираат:

(i) настанатите и исплатените трошоци;

(ii) и онаму каде е применливо, вклучува информации за претфинансирање во барањата за плаќање и потврдуваат дека тие произлегуваат од веродостојни сметководствени системи на пресметковна основа, како што е утврдено во согласност со точка (б), се точни и се базираат на проверливи придружни документи и биле предмет на верификации од оперативните структури и од управувачката структура. На затворањето на програмата, НАО обезбедува завршна финансиска изјава за расходи;

(б) обезбедува дека постои сметководствен систем на пресметковна основа кој ја регистрира и зачувува, во електронска форма, сметководствената евиденција за секоја акција/активност/операција и кој ги поддржува сите потребни податоци за изготвување на барања за плаќање и годишни финансиски извештаи или изводи. Таквиот систем обезбедува навремена, точна, целосна и веродостојна информација и вклучува евиденција на надоместливи износи, надоместени износи и повлечени износи последователно на откажувањето на целата или на дел од помошта од ИПА II за програма или акција;

(в) обезбедува трансфер на финансиски средства на оперативните структури или приматели;

(г) ги проверува, каде што е применливо, постоењето и точноста на елементите за кофинансирање и го обезбедува постоењето на доволно ресурси во Националниот фонд за справување со можни дефицити како резултат на задоцнет трансфер на финансиски средства од Комисијата или пак налози за поврат на средства издадени од истиот;

(д) врши финансиски прилагодувања потребни во врска со нерегуларностите согласно член 51, во согласност со член 17 од Регулатива за спроведување на ИПА II и член 42 од оваа спогодба и го надоместува придонесот на Унијата платен на примателот во согласност со националните постапки за поврат на средства во случај на ситуации наведени во член 51(5) и, како што е наведено во член 41 од оваа спогодба;

(ѓ) ги зема предвид резултатите на сите ревизии спроведени од страна на или со одговорност на ревизорското тело, кога изготвува и поднесува финансиски извештаи или изводи и апликации за плаќање, како што се наведени погоре, под точка (а) од став (3);

(е) е контакт-точка за проток на финансиски информации помеѓу Комисијата и корисникот на ИПА II и за какви било прашања во врска со финансиските одредби од оваа спогодба.

(4) За целите на став 2(б), НАО, поддржан од Канцеларијата за поддршка на НАО, ги извршува, особено, следниве задачи:

(а) обезбедува сигурност за законитоста и регуларноста на основните трансакции;

(б) става во сила ефективни и сразмерни мерки против измама земајќи ги предвид ризиците кои се идентификувани и обезбедува известување во согласност со член 51(2), истовремено постојано известувајќи ја службата за координација против финансиска измама наведена во член 50(2);

(в) е одговорен за следење на континуирано исполнување од страна на управувачката структура и оперативните структури на применливите барања

утврдени во точки (а), (б) и (г) од член 12(3) и Анекс Б кон оваа спогодба и во случај на неуспешно исполнување на овие барања, за известување на Комисијата, без задоцнување, и преземање на соодветни заштитни мерки во однос на извршените исплати или потпишаните договори;

(г) обезбедува постоење, како и ефективно функционирање на системите за внатрешна контрола за спроведување на помошта од ИПА II;

(д) обезбедува известување за управувачките и контролните системи и ги прегледува капацитетите за програмирање и спроведување на персоналот во склоп на оперативните структури вклучени во програмирањето и спроведувањето на акциите;

(ѓ) обезбедува дека известувачкиот и информацискиот систем е воведен и функционален;

(е) ги следи наодите од ревизорските извештаи од ревизорското тело, подготвени во согласност со Клаузула 5(2) од Анекс А кон оваа спогодба. При тоа, НАО:

(i) одлучува дали се потребни какви било подобрувања на системите на внатрешна контрола за управување, евиденција на одлуки во тој поглед и обезбедување на навремено спроведување на овие подобрувања;

(ii) прави прилагодување на барањата за плаќање до Комисијата, доколку е потребно.

(ж) ги зема предвид резултатите на сите ревизии спроведени од страна на или со одговорност на ревизорското тело, кога изготвува и поднесува изјава за управување како што е наведено во точка (б) од член 59(2);

(з) веднаш ја известува Комисијата за каква било значајна промена во однос на системите за управување и контрола, за испитување и одобрување пред нивното спроведување;

(ѕ) ја координира, секогаш кога тоа е соодветно, подготовката на консолидирани акциски планови, обрнувајќи внимание на сите поголеми слаботи кои се откриени во системите за управување и контрола.

(5) НАО ги изготвува и поднесува до Комисијата документите предвидени во член 59(2) од оваа Рамковна спогодба, до 15 февруари од наредната финансиска година.

**Клаузула 3 Управувачка структура**

(1) Управувачката структура е составена од Националниот фонд и Канцеларијата за поддршка за НАО. Задачите и одговорностите на Националниот фонд и Канцеларијата за поддршка се соодветно одвоени.

(2) Националниот фонд е одговорен пред НАО и е лоциран во министерството на национално ниво на корисникот на ИПА II со централна буџетска надлежност и функционира како централен финансиски субјект. Го поддржува НАО при извршување на неговите/нејзините задачи, особено на оние за управување на сметките и финансиските операции на ИПА II наведени во Клаузула 2(3) од овој анекс и е во служба на задачите на финансиско управување на помошта од ИПА II, под одговорност на НАО.

(3) Националниот фонд е задолжен, особено, за:

(а) одржување и организирање на централните банкарски сметки на ИПА;

(б) барање финансиски средства и добивање на сите исплати од буџетот на Унијата;

(в) одобрување на трансфер на такви исплати до оперативните структури или до примателите;

(г) враќање финансиски средства во буџетот на Унијата последователно на налозите за повраток на средства издадени од Комисијата;

(д) поддржување на НАО при подготовка на финансиско известување до Комисијата;

(ѓ) работење со електронски сметководствен систем на пресметковна основа, кој обезбедува навремени, точни, целосни и веродостојни информации.

(4) Каде што е соодветно, размената на информации со Комисијата во однос на финансиски трансакции се врши преку електронски средства, со примена на постапки договорени помеѓу Комисијата и корисникот на ИПА II.

(5) Канцеларијата за поддршка на НАО има отчетност кон НАО и му помага на НАО во извршување на задачите наведени во Клаузула 2(4) и (5) од овој анекс.

**Клаузула 4 Оперативна(-и) структура(-и)**

(1) Оперативната(-ите) структура(-и) се утврдува(-ат) во рамки на администрацијата за секоја земја учесничка за спроведување и управување со програмите за прекугранична соработка.

(2) Оперативната структура е одговорна за подготовка, спроведување, информации и видливост како што е наведено во членови 23 и 24 од оваа спогодба, следење и известување за програми и евалуација на истите, доколку е соодветно, во согласност со принципот на стабилно финансиско управување. Одговорна е за обезбедување законитост и регуларност на настанатиот расход при спроведувањето на програмите под нејзина одговорност.

(3) Оперативната структура ги извршува следниве функции и ги презема следниве одговорности:

(а) Во однос на управувањето на програмата, оперативната структура:

(i) го следи спроведувањето на програмата, предложува амандмани, по потреба, и обезбедува информации за секторскиот комитет за следење во однос на напредокот на програмата во достигнувањето на нејзините цели, особено оние засновани на утврдените патокази и поврзани индикатори (цели), како и на финансиски податоци;

(ii) ги доставува сите потребни информации за целите на извештаите изготвени од НИПАК и НАО и поднесени до Комисијата, како што е наведено во член 59 од оваа спогодба. Може да биде потребно да се изготви детален годишен извештај кој ќе ја покрива целата финансиска година, и да се поднесе од НИПАК до Комисијата, по преглед од одговорниот секторски комитет за следење;

(iii) споделува во склоп на оперативната структура каква било информација која е соодветна за извршување на распределените задачи и за спроведување на акциите;

(iv) е одговорна за подготвување на план за оценување и спроведување, како што е соодветно, *екс-анте*, времени и *екс-пост* оценувања на програмите со кои таа управува, по одредбите од член 55 од оваа спогодба.

(б) Во однос на изборот и контролата на акциите и финансиското управување, оперативната структура, во согласност со соодветните членови од оваа спогодба:

(i) обезбедува дека акциите се избрани за финансирање и се одобрени во согласност со постапките и критериумите, применливи во политичката област или програмата;

(ii) средува за постапки за набавки и доделување на грантови и склучување на договори;

(iii) воведува постапки за обезбедување на чување на сите документи во однос на набавка, доделување на грантови, склучување договори, финансиско управување, контроли и ревизии потребни за обезбедување на соодветна евиденција на ревизијата;

(iv) врши исплати на, и поврат на средства од, примателите на помош од ИПА II;

(v) обезбедува дека сите тела во склоп на оперативната структура кои се вклучени во спроведувањето на акциите одржуваат или посебен сметководствен систем или соодветна сметководствена кодификација за сите трансакции поврзани со акцијата;

(vi) обезбедува дека НАО ги прима сите потребни информации за постапките и верификациите на управување извршени во врска со расходот;

(vii) воспоставува сметководствен систем на пресметковна основа кој ги запишува и зачувува, во електронска форма, сметководствените евиденции за секоја акција/активност и кој ги поддржува сите податоци потребни за изготвување на барање за плаќање и годишен финансиски извештај или изјава, извршува финансиски обврски и исплати и го следи спроведувањето на акцијата;

(viii) воспоставува систем за навремено известување за нерегуларностите и за ефективни и соодветни мерки за спречување измама, земајќи ги предвид идентификуваните ризици;

(ix) воспоставува систем за признавање на сите неисплатени износи и за зачувување во книгата на должници на сите такви долгови, вклучително нерегуларности пред нивното примање.

(x) потврдува дека настанатиот расход, кој е платен и пријавен кај НАО соодветствува со применливото национално законодавство и она на Унијата, програмата, условите за поддршка на акцијата и условите на договорот, стоките или услугите се доставени, а барањата за исплата од примателот се точни.

Овие проверки на управувањето покриваат административни, финансиски, технички и физички аспекти на секоја акција и вклучуваат:

- целокупна административна проверка на придружните документи во однос на секоја финансиска обврска и исплата;
- физички верификации на самото место, чии фреквенции и опсег се земаат во предвид, *меѓу другото*, типот на акција, износот на вклучениот јавен расход и нивото на идентификуван ризик;

(xi) обезбедува внатрешна ревизија на телата во склоп на оперативната структура;

(xii) обезбедува усогласеност со барањата за информации, публицитет, транспарентност, видливост и комуникација како што е наведено во членови 23 и 24 на оваа рамковна спогодба;

(в) Телата во склоп на оперативната структура евидентираат спогодби помеѓу нив, формално, во писмена форма. Раководителите на овие тела се јасно назначени и се одговорни за доделените задачи. Корисникот на ИПА II им овозможува да ги извршуваат нивните обврски и одговорности. Тие имаат одговорност кон раководителот на оперативната структура, каде што е применливо.

**Клаузула 5 Ревизорско тело**

(1) Корисникот на ИПА II обезбедува ревизорско тело кое е независно од НИПАК, НАО, управувачката структура и оперативната(-ите) структура(-и) и на кое му е осигурена потребната финансиска самостојност. Тоа соодветствува со меѓународно признатите ревизорски стандарди. Раководителот на ревизорското тело е назначен од корисникот на ИПА II. Таа/тој поседува соодветна надлежност, знаење и искуство во областа на ревизијата за да ги извршува бараните задачи.

(2) Ревизорското тело врши ревизии на управувачкиот(-ите) и контролниот(-ите) систем(-и), на акциите, трансакциите и на годишните сметки во согласност со меѓународно признатите ревизорски стандарди и во согласност со ревизорската стратегија. Понатамошните насоки и дефиниции од Комисијата може да ги надополнат тие стандарди.

(3) На одговорност на неговиот раководител, ревизорското тело ги извршува, особено, следниве функции и ги презема следниве одговорности:

(а) подготвува ревизорска стратегија на тригодишна основа, следејќи го образецот во Анекс Е кон оваа спогодба, која се ажурира на годишна основа. Ревизорската стратегија ја утврдува ревизорската методологија, методите на земање примероци за ревизии на акции и трансакции и планирањето на ревизии. Ревизиите се насочени кон проверување на:

(i) целосноста, точноста и веродостојноста на годишните финансиски извештаи или изводи и годишни финансиски извештаи;

(ii) ефикасно и ефективно функционирање на системите за управување, контрола и надзор;

(iii) законитост и регуларност на настанати трансакции.

Ревизорското тело ја поднесува ревизорската стратегија за следните три години до крајот на ноември секоја година до Комисијата со копија до НАО. Таму каде што заедничкиот систем за управување и контрола се применува на повеќе од една програма, може да се подготви единствена ревизорска стратегија за засегнатите програми или акции.

(б) изготвува и поднесува до Комисијата и до Владата на Република Македонија, со копија до НИПАК и до НАО, извештаи и мислења, како што следи:

(i) до 15 март секоја година, **годишно ревизорско мислење** во согласност вториот потстав од член 60(5) од Финансиската регулатива и следејќи го образецот утврден во Анекс Д кон оваа спогодба, за годишните финансиски извештаи или изводи и годишни финансиски извештаи за претходната финансиска година, покривајќи ја нивната целосност, точност и веродостојност и за функционирањето на системот за управување, контрола и надзор и законитоста и регуларноста на настанати трансакции;

(ii) до 15 март секоја година, заедно со годишното ревизорско мислење, **годишен извештај за ревизорска активност** следејќи го образецот во Анекс Г кон оваа спогодба и утврдувајќи ги наодите од ревизиите извршени во согласност со ревизорската стратегија за време на засегнатиот период и поткрепувајќи го годишното ревизорско мислење. Годишниот извештај за ревизорска активност утврдува, меѓу другото, какви било недостатоци сретнати во системите за управување, контрола и надзор и какви било корективни мерки, преземени или планирани од НАО, Националниот фонд и/или засегнатите оперативни структури;

(iii) **мислење за каква било завршна финансиска изјава за расходи** кој НАО го поднел до Комисијата за затворање на која било програма или кој било дел од истата. Тоа мислење ќе обрати внимание на важноста на крајното барање за исплата и точноста на финансиската информација. Каде што е соодветно, завршниот извештај за ревизорска активност го поддржува мислењето. Мислењето за која било завршна финансиска изјава за расходи го следи образецот наведен во Анекс Ѓ кон оваа спогодба. Ревизорското тело го испраќа мислењето во рок од три месеци од поднесувањето на соодветната завршна финансиска изјава за расходи од НАО.

(в) Дополнителни посебни барања за ревизорската стратегија и/или извештаите и мислењата споменати во претходната точка б) може да се утврдат во Секторските спогодби или Спогодбите за финансирање.

## АНЕКС Б

## РАМКА НА ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА

**Стандарден список на области и сродни барања, како што е наведено во точка (а) од член 12(3)**

**1. Контролна средина**

(а) Етика и политика на интегритет

- покажување заложби од организацијата за етички вредности и вредности на интегритет
- обезбедување култура на однесување за организацијата побарана од највисокото раководство се подразбира во склоп на целата организација
- обезбедување дека постапките постојат за идентификување и избегнување судир на интереси

(б) Надзор од страна на раководството на задачите делегирани на подредените лица

- обезбедување дека постапките и структурите на надзор се развиени, вклучувајќи известување од подредените субјекти
- обезбедување дека одговорноста е поддржана од проактивен и континуиран надзор

(в) Воспоставување на структури, хиерархиски нивоа на известување и органи и одговорности

- обезбедување дека структурите се дефинирани и воспоставени на сите нивоа на начин на кој се овозможува достигнување на припишаните цели и дека задачите и функциите на субјектите се соодветно распределени
- обезбедување дека сите субјекти и индивидуи имаат соодветна правна основа и целосно правно овластување да ги извршуваат нивните припишани задачи и функции
- обезбедување дека хиерархиските нивоа на известување се креирани во склоп и помеѓу субјектите за да гарантираат потребен проток на информации за управување на активностите на секој субјект и да овозможат отчетност за сите нивоа на организација
- обезбедување дека органот и нивото на одговорност се дефинирани и припишани врз основа на покажаната надлежност и распределените задачи:

  (i) Повисоки раководни структури– имаат овластување над значајни одлуки, прегледува раководни задачи, утврдуваат наредби, насоки и контрола за да овозможи раководството и останатиот кадар да ги разберат и да ги спроведат нивните одговорности за внатрешна контрола

  (ii) Раководни структури – го водат и олеснуваат спроведувањето на наредбите и инструкциите на повисоките раководни структури на нивното соодветно ниво на субјект

  (iii) Персонал – ги разбира стандардите на однесување на субјектите, проценетите ризици кон целите и поврзаните контролни активности на нивни соодветни нивоа, очекуваниот проток на информации и

комуникација и активностите на следење соодветни на нивното постигнување на целите

(iv) Надворешни соработници - се придржуваат кон дефиницијата на раководните структури за опсегот на овластување и одговорност за сите ангажирани надворешни лица

(г) Планирање на кадар, регрутирање, задржување, обука и оценување

- обезбедување дека соодветните броеви и квалитет на кадарот се расположливи на сите нивоа за да ги достигнат целите
- обезбедување дека кај ниеден член на персоналот нема сомнеж во однос на нивните одговорности во поглед на достигнување на поставените цели
- обезбедување дека мисијата, описите на работата, итн. се ажурирани и се познати на целокупниот кадар
- обезбедување дека кадарот на „чувствителни работни места" е идентификуван и дека соодветните контроли (вклучително, каде што е соодветно, политики на ротирање) се применети на „чувствителните работни места"

(д) Отчетност за распределени задачи и одговорности

- утврдување мерки за успешност, стимулации и други награди соодветни на сите нивоа, земајќи го предвид постигнувањето на целите
- обезбедување постојана евалуација на достигнувањата на кадарот на сите нивоа и спроведување на соодветни дополнителни евалуации, на пример во однос на награда или дисциплински активности
- обезбедување дека притисокот во организацијата е применет на позитивна основа, со цел да обезбеди достигнување на целите, а негативни притисоци, на пример во однос на цели, кои е нереално да се достигнат или цели кои би предизвикале конфликтна ситуација, се избегнуваат

**2. Управување со ризик**

(а) Поставување на цел

- обезбедување дека целите се поставени на сите нивоа со доволна јасност да овозможат идентификација и проценка на ризици поврзани со целите
- обезбедување дека *оперативните цели* овозможуваат јасен фокус кој дозволува распределба на потребните ресурси за достигнување на посакуваните цели на успешност
- обезбедување дека *целите на надворешно и внатрешно известување* опфаќаат аспекти на веродостојност, навременост и транспарентност на извештаите
- обезбедување дека *целите на усогласеност* покажуваат дека сите активности се спроведени во согласност со применливите правила и прописи

(б) Идентификација на ризик, процена и одговор

- обезбедување дека ризиците се детално идентификувани, на сите нивоа и дека идентификацијата на ризик ги опфаќа сите значајни внатрешни и надворешни фактори на субјектот

– обезбедување дека е спроведена соодветна процена на ризикот, по идентификацијата на ризикот, вклучително и процена на веројатноста и ефектот на идентификуваните ризици

– обезбедување дека раководните структури дефинираат и спроведуваат соодветен одговор на ризикот на идентификуваните и проценетите ризици за да се намали каков било негативен ефект врз достигнувањето на целите

(в) Ризик од измама

– обезбедување дека се зема предвид можноста за измама и нерегуларности кога се проценуваат ризиците за достигнување на целите

– обезбедување дека нерегуларностите забележани од организацијата се соодветно пријавени и следени, вклучително и заштита за „сигнализатори“

(г) Идентификација и процена на промените кои влијаат на системот на внатрешни контроли

– обезбедување дека раководните структури ги идентификуваат и проценуваат важните промени, внатрешни и надворешни, кои може да влијаат на ефективноста на внатрешните контроли и имаат ефект врз достигнувањето на целите на организацијата

**3. Контролни активности**

(а) Избор и развој на контролни активности

– обезбедување дека контролните активности кои придонесуваат за намалување на ризиците при постигнувањето на целите се идентификувани и развиени на сите нивоа на организацијата

– обезбедување дека единственото раководно лице дава отчет за сите аспекти на трансакција во случаите на финансиски обврски или исплати доверени на трети страни

– обезбедување дека контролните активности го вклучуваат, *меѓу другото*, следново:

(i) Пред да се одобри трансакцијата, треба да се проверат аспектите на оваа трансакција од барем еден член од персоналот, кој ќе биде различен од оној/оние кој/кои ја иницирале трансакцијата. За ист документ исто лице не може да врши започнување и верификација (начелото на четири очи).

(ii) Правила за секој тип на набавка и повик за грантови кои обезбедуваат соодветна правна рамка за сите такви процеси на финансиска обврска

(iii) Постапки, вклучувајќи контролен список, за секој чекор на набавка и повици за грантови (на пр. технички спецификации, комитети за евалуација, известување за исклучоци итн.) кои обезбедуваат дека на секој член на персоналот му се јасни одговорностите за неговите одговорности во овие области

(iv) Постапки и правила на публицитет кои обезбедуваат дека се исполнети законодавните барања

(v) Постапки на плаќање, вклучително постапки за потврда на испораката, и/или условите на подобност, „на лице место“ доколку е потребно, кои

обезбедуваат дека плаќањата се извршени само за оправдани барања за плаќање, кои ги исполнуваат сите договорни барања

(vi) Постапки за следење на доделување на кофинансирање, кои обезбедуваат дека се исполнети законските барања

(vii) Буџетски постапки за обезбедување достапност до финансиски средства во сите случаи, кои гарантираат дека организацијата може да ги исполни нејзините договорни обврски

(viii) Постапки за континуитет на операциите, кои обезбедуваат дека се идентификувани значајни ризици на континуитетот (на пр. во однос на губиток на податоци, отсуство на поединци итн.) и дека се воведени планови за непредвидливи ситуации

(ix) Сметководствени постапки кои обезбедуваат целосно, точно и транспарентно сметководство, кое ги следи меѓународно признатите сметководствени начела

(x) Постапки на порамнување кои обезбедуваат дека секогаш кога е потребно салдата се порамнети наспрема информацијата на трета страна

(xi) Известување за исклучоци, *меѓу другото*, исклучоци кај нормалните постапки кои се одобрени на соодветно ниво, неодобрени исклучоци и неуспешни контроли, доколку се идентификувани, кои обезбедуваат разликите од нормалните постапки секогаш да бидат забележани и запишани, како и прегледани на соодветни нивоа

(xii) Архивирање на постапки, кое обезбедува дека документите ќе бидат достапни за преглед за време на бараните периоди за кои тие треба да бидат зачувани

(xiii) Раздвојување на обврските кое обезбедува дека различните задачи во текот на иста операција се распределени на различен персонал за да се обезбедат автоматски вкрстени контроли

(б) Активности за безбедносна контрола

- обезбедување соодветни безбедносни постапки (ИТ и слично) дека средствата и податоците се чуваат на безбедно од неодобрено влијание и физичка штета
- обезбедување дека соодветните права на пристап се воведени и во однос на физичкиот пристап и во однос на електронскиот пристап на сите нивоа

(в) Политики и постапки поврзани со контролни активности

- обезбедување дека пишаните политики и постапки постојат и дека го воспоставуваат на сите нивоа она што е очекувано и ги специфицираат деталните акции
- обезбедување дека постои јасна одговорност и надлежност за извршување на контролните активности
- обезбедување дека политиките и постапките го вклучуваат времето кога некоја контролна активност или корективна активност треба да се изврши
- обезбедување дека при вршењето на контролна активност прашањата идентификувани како последователна активност се соодветно испитани и е преземена корективна акција

– обезбедување дека контролната активност е спроведена од стручен кадар, притоа со континуиран фокус на ризиците кои треба да се намалат со активноста

– обезбедување дека раководните структури и повисоките раководни структури, каде што е соодветно, повторно ги проценуваат политиките и постапките, на периодична основа, како и поврзаните контролни активности за постојана релевантност и ефективност

**4. Информации и комуникација**

(а) Информација за поддршка на функционирањето на внатрешните контроли

– обезбедување дека процесите се воспоставени на сите нивоа за да се идентификува информацијата која е потребна и очекувана за поддршка на функционирањето на другите компоненти на внатрешна контрола и достигнувањето на целите на организацијата

– обезбедување дека информацијата е добиена од сите веродостојни извори, вклучително внатрешни и надворешни извори

– обезбедување дека информацијата е добиена од веродостојни извори и обработена во значајна, изводлива информација која ги исполнува дефинираните барања за информација

– обезбедување дека произведената информација е навремена, актуелна, прецизна, точна, целосна, достаточна, пристапна, заштитена и проверена, како и зачувана во случај да биде искористена при проценатa на внатрешните контроли и достигнувањето на целите

(б) Внатрешна комуникација

– обезбедување дека процесите се воспоставени за да ги пренесуваат потребните информации, со цел да му се овозможи на цел персонал, вклучително и раководните структури, да ги разберат и спроведат нивните одговорности во врска со внатрешната контрола

– обезбедување дека постои комуникација меѓу повисоките раководни структури и другите нивоа на организацијата, така што повисоките раководни структури ја имаат информацијата која е потребна да ја извршат нивната улога во однос на целите на организацијата

– обезбедување дека се воспоставени одделни комуникациски канали, како на пр. жешки линии за „сигнализатори“ и служат како одбранбен механизам од грешки за да овозможат анонимна или доверлива комуникација кога нормалните канали се нефункционални или неефективни

– обезбедување дека избраниот метод на комуникација го зема предвид времето, примателот и природата на информацијата

(в) Надворешна комуникација

– обезбедување дека се воспоставени процесите за пренесување на соодветната информација во соодветен формат и навремено, до надворешни субјекти, вклучително Европската комисија, Европскиот суд на ревизори, итн.

– обезбедување на дојдовни комуникациски канали со цел овозможување влез на надворешни субјекти, кои обезбедуваат веродостојни информации за сите нивоа на организацијата, вклучително и повисоките раководни структури

- обезбедување дека веродостојните информации од надворешни субјекти, вклучително Европската комисија, Европскиот суд на ревизори итн., доаѓаат до соодветните нивоа на организацијата, вклучително повисоките раководни структури
- обезбедување дека се воспоставени одделни комуникациски канали, на пр. во случаи на поткажување или „сигнализирање“ и овозможуваат анонимна или доверлива комуникација до нивото на повисоките раководни структури
- обезбедување дека методот на комуникација го зема предвид времето, примателот и природата на информацијата, како и законодавни и регулативни барања и очекувања.

**5. Следење на рамката за внатрешна контрола[1]**

(а) Тековно и посебно следење

- обезбедување дека тековното и посебно следење е развиено и извршено за да утврди дека компонентите на внатрешна контрола се присутни и функционални на сите нивоа
- обезбедување дека повисоките раководни структури се снабдени со резултати од функционирањето на нивните системи на подредените нивоа
- обезбедување дека тековното следење е спроведено од страна на одговорните раководни структури на ниво на секој субјект во организацијата
- обезбедување дека е извршено редовно посебно следење од страна на функцијата за внатрешна ревизија за да се снабдат повисоките раководни структури со независен преглед на подредените системи

(б) Процена, запишување и пренесување на недостатоците на внатрешната контрола

- обезбедување дека одговорните раководни структури и повисоки раководни структури, како што е соодветно, ги проценуваат резултатите од тековното и посебното следење
- обезбедување дека недостатоците се пренесени до субјектите одговорни за преземање корективна акција и до повисоките раководни структури, како што е соодветно
- обезбедување дека раководните структури и повисоките раководни структури, како што е соодветно, следат дали недостатоците се соодветно поправени и во склоп на утврдените рокови.

---

[1] Активноста на следење проценува дали се присутни контролите во секоја од петте компоненти на внатрешна контрола и дали функционираат како што е предвидено, доколку контролната активност одговара на посебните ризици. Во склоп на организацијата, може да се земе предвид надзор од страна на линиското раководство како контролна активност и преглед, на пример, од страна на функцијата за контрола на квалитет како активност за следење.

## АНЕКС В

### Образец Изјава за управување[1]

Јас, долупотпишаниот (*презиме, име, титула или функција)*, Национален координатор за авторизација на Република Македонија, за програмата (*име на програмата, ЦЦИ*), врз основа на спроведувањето на (*име на програмата*) во текот на годината (*година*), врз основа на сопствено убедување и сите информации кои ми се на располагање, вклучувајќи ги и резултатите од мојот директен надзор и работата на внатрешната ревизија. Исто така, од ревизиите и контролите во врска со расходот вклучен во барањата за плаќање поднесени до Комисијата во текот на годината (*година*), а земајќи ги предвид моите обврски во согласност со Регулатива (ЕУ) бр. 447/2014 за спроведување на Комисијата, а особено член 9 од неа

изјавувам дека:

- информациите во годишните завршни извештаи или изјави се правилно претставени, целосни и прецизни во согласност со член 23(1)(б) од Регулатива (ЕУ) бр. 447/2014 за спроведување на Комисијата;
- расходот внесен во годишните финансиски извештаи или изјави беше искористен за целта за која што беше наменет, во согласност со Регулатива (ЕУ) бр. 447/2014 за спроведување на Комисијата и начелото за здраво финансиско управување[2];
- раководните структури и контролниот систем[3], воспоставен за програмата ги дава потребните гаранции во однос на законитоста и регуларноста на настанатите трансакции.
- Го надгледував работењето на системот за внатрешна контрола[4] во врска со спроведувањето на помошта од ИПА II и во врска со Спогодбата за финансирање [реф. од СФ].

Потврдувам дека неправилностите идентификувани во завршните извештаи од ревизијата или контролата во врска со финансиската година во согласност со клаузула 5(2) од Анекс А кон Рамковната спогодба, се соодветно третирани во согласност со Клаузула 2(4)(е) од Рамковната спогодба. Каде што е потребно, се преземаа последователни мерки за недостатоците во раководниот и контролниот систем, наведени во тие извештаи или пак се во тек, со оглед на следниве побарани поправни акции: ….. (доколку е соодветно наведете кои поправни акции сè уште се во тек, до датумот на потпишување на изјавата).

---

1 Во согласност со член 9(4) од Регулатива (ЕУ) бр. 447/2014 за спроведување на Комисијата

2 Начелото на здраво финансиско управување се состои од начелата на економичност, ефикасност и ефективност. Начелото на економичност налага ресурсите кои се користат да бидат достапни во догледно време, во соодветна количина и квалитет и по најдобра цена. Начелото на ефикасност се однесува на најдобриот однос помеѓу употребените ресурси и постигнатите резултати. Начелото на ефективност се однесува на остварување на поставените цели и постигнување на планираните резултати. (член 30 од Регулатива (ЕУ, Евроатом) бр. 966/2012)

3 Структурите и органите наведени во член 7(1) од Регулатива (ЕУ) бр. 447/2014 за спроведување на Комисијата, воспоставени од страна на корисникот на ИПА II и управувачката структура наведена во член 7(2) од Регулатива (ЕУ) бр. 447/2014 за спроведување на Комисијата, воспоставена од страна на НАО.

4 Оперативната структура и управувачката структура

Исто така, потврдувам дека расходот кој е предмет на тековна процена за неговата законитост и регуларност е исклучен од изјавата за расход, како и од финансиските изјави кои чекаат заклучок од проценката, за можно вклучување во барањето за плаќање во последователната година.

Исто така потврдувам дека се во функција ефективни и сразмерни мерки против измама и истите ги земаат предвид идентификуваните ризици и дека немам информации за каков било скриен проблем кој би можел да биде штетен по угледот или финансиските интереси на Унијата.

(Место и датум на издавање)

_____

Потпис

(Име и звање или функција на Националниот координатор за авторизација)

## АНЕКС Г

## Образец Годишен извештај за ревизорска активност[1]

упатено до

– Европската Комисија, Генерален Директорат
– Владата на Република Македонија
– примерок за националниот ИПА координатор (НИПАК) на Република Македонија и
– примерок за националниот координатор за авторизација (НАО) на Република Македонија

### 1. ВОВЕД

1.1 Детали за одговорното ревизорско тело и други тела кои се вклучени во подготовката на овој извештај.

1.2 Референтен период (т.е. годината) и опсег на ревизиите (вклучително расходот пријавен до Комисијата за предметната година).

1.3 Идентификација на секторската(-ите)/политичката(-ите) област(-и) покриени со извештајот и на нејзината(-ите) оперативна(-и) и управувачка(-и) структура(-и).

1.4 Опис на преземените чекори за да се подготви извештајот и да се изготви ревизорското мислење.

### 2. ЗНАЧИТЕЛНИ ПРОМЕНИ ВО СИСТЕМИТЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА

2.1 Детали за сите позначителни промени во системите за управување и контрола и потврда за негова усогласеност со член 7 од Регулатива (ЕУ) бр. 447/2014 за спроведување на Комисијата, врз основа на ревизорската работа спроведена од страна на ревизорското тело според член 12 од Регулатива (ЕУ) бр. 447/2014 за спроведување на Комисијата.

2.2 Датумите од кои овие промени се применуваат, датумите за пријавување на промените до ревизорското тело, како и влијанието на овие промени врз ревизорската работа треба да се посочат.

### 3. ПРОМЕНИ НА РЕВИЗОРСКАТА СТРАТЕГИЈА

3.1 Детали за какви било промени кои се направиле или се предложени да се направат на ревизорската стратегија и причините за нив. Особено, наведете каква било промена на методот за земање примероци користен за ревизија на операциите (в. став 5 подолу).

3.2 Ревизорското тело прави разлика помеѓу промените направени или предложени во доцна фаза, кои не влијаат на извршената работа во текот на референтниот период и промените направени во текот на референтниот период, кои влијаат на ревизорската работа и резултатите.

[1] Во согласност со член 12(3) од Регулатива (ЕУ) бр. 447/2014 за спроведување на Комисијата

Само промените споредени со претходната верзија на ревизорската стратегија се вклучени.

**4. СИСТЕМСКИ РЕВИЗИИ**

4.1 Детали за телата кои извршиле системски ревизии, вклучително самото ревизорско тело.

4.2 Табела со краток преглед на извршените ревизии, со наведување на ревидираните органи/тела, проценатa на клучните барања за секој орган/тело, покриените прашања[2] и споредба со планирањето на ревизијата. Краткиот преглед ја вклучува програмата (назив и ЦЦИ-број), органот/телото кој ги извршил системските ревизии, датумот на ревизијата, опсегот на ревизијата вклучително ограничувањата на опсегот, како и органите/телата каде се извршила ревизија. Хоризонталните тематски ревизии се исто така наведени во овој дел.

| **Период на ревизија** | **1. Програма (ЦЦИ-број и наслов)** | **2. Ревизорско тело[3]** | **3. Тело(-а) во кое(-и) се врши ревизија** | **4. Датум на ревизија[4]** | **5. Опсег на ревизија[5]** | **6. Основни наоди и заклучоци** | **7. Проблеми од систематски карактер и преземени мерки** | **8. Процене финансиск ефект (доколку е применлив** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |

4.3 Опис на основата за избор на ревизии во контекст на ревизорската стратегија. Направено е упатување кон применливата ревизорска стратегија, попрецизно кон методологијата за процена на ризик и резултатите кои водат кон воспоставување на посебен план за системска ревизија. Во случај да е направено ажурирање на проценатa на ризикот, истото е опишано во точка 3 погоре и ги покрива промените на ревизорската стратегија.

4.4 Доколку е потребно, следниов дел може да содржи понатамошни детали како дополнение на табелата погоре, кои се однесуваат на:

4.4.1 Опис на основните наоди и заклучоци извлечени од ревизорската работа за раководните и контролните системи и нивното функционирање, вклучително достаточноста на контролите на раководството, постапките на сертификација и

---

2 Прашањата треба да соодветствуваат на оние наведени во ревизорската стратегија (но не исклучително), како на пр. проверка на квалитетот на раководството, вклучително во врска со почитувањето на правилата за јавни набавки, правилата за државна помош,еколошките барања, еднаквите можности, спроведувањето на инструментите за финансиски инженеринг, ефективноста на ИТ-системите, известување за повлекувања и поврат на средства, спроведување на процена на ризикот од измама; веродостојноста на податоците поврзани со индикаторите и патоказите и за напредокот на програмата во достигнување на нејзините цели.

3 Индикација на телата, кои ги извршиле системските ревизии, вклучително самото ревизорско тело.

4 Датум на ревизорската работа на терен.

5 Органи во кои се врши ревизија, во кои се врши хоризонтална тематска ревизија, ограничувања на опсегот ...

евиденцијата на ревизијата, соодветното издвојување на функциите и усогласеноста со барањата и политиките на Унијата и

4.4.2 Детали за тоа дали одредени идентификувани проблеми се сметаат за проблеми од системски карактер и за преземените мерки, вклучително квантификација на нерегуларниот расход и какви било поврзани финансиски исправки.

4.5 Опис (доколку е применливо) на специфични недостатоци поврзани со управувањето на финансиските инструменти, забележани во текот на системските ревизии и за дополнителните мерки од страна на националните органи за овие недостатоци да се поправат.

4.6 Ниво на добиена гаранција по системските ревизии (ниска/просечна/висока) и оправданост.

## 5. РЕВИЗИИ НА ПРИМЕРОЦИ НА ТРАНСАКЦИИ

5.1 Органи/тела кои ги извршиле ревизиите на примероци, вклучувајќи го ревизорското тело.

5.2 Опис на применетата методологија за земање примероци и информации во однос на тоа дали методологијата е во согласност со ревизорската стратегија.

5.3 Показател на параметрите кои се употребени за земање статистички примероци, нивото на материјалност, нивото на доверба, очекуваната стапка на грешки која е применета, пресметка на примерокот кој се бара и на интервалот, единицата за земање примероци, бројот на единици за земање примероци во населението, бројот на единици за земање примероци кои, всушност, се ревидирани.

5.4 Усогласување на расходот пријавен до Комисијата во финансиската година со расходот од кој е земен примерок. Елементите за усогласување вклучуваат негативни елементи каде што во финансиската година има направено финансиски корекции, како и разликите помеѓу износите пријавени во евра и износите во национална валута, каде што е соодветно.

5.5 Кога има негативни елементи, потврда дека биле третирани како одделно население.

5.6 Во случај на земање нестатистички примероци, да се наведат причините за употреба на методот во согласност со член 12(2) од Регулатива (ЕУ) бр. 447/2014 за спроведување на Комисијата, процентот на акции/операции/расходи опфатени преку ревизии, чекорите кои се преземени за да се гарантира дека примерокот е земен по случаен избор (и неговата претставителност) и да се обезбедат доволни димензии на примерокот за да му се овозможи на ревизорското тело да изготви важечко ревизорско мислење. Предвидената стапка на грешки се пресметува и во случај на земање нестатистички примероци.

5.7 Табелата со кратка содржина (види подолу), расчленета по програма, каде што е применливо, која го наведува прифатливиот расход пријавен до Комисијата во текот на годината, износот на ревидираниот расход и процентот на ревидиран расход во врска со вкупниот прифатлив расход пријавен до Комисијата за последната година, како и вкупниот број на единици за земање примероци во населението и бројот на единици за земање примероци кои, всушност, се ревидирани за случајниот примерок.

Доколку е применливо, информациите во однос на статистичкиот примерок по случаен избор се издвоени од информациите во однос на другите примероци (на пример дополнителни примероци во врска со ризик).

5.8 Анализите на основните резултати од ревизиите (избрани и ревидирани примероци, заедно со соодветниот износ и видовите[6] на грешка по операција) како и природата[7] на пронајдени грешки, темелни причини и предложените корективни мерки, вклучувајќи ублажување на тие грешки во иднина.

5.9 Детали за најверојатната стапка на грешки (вкупна стапка на грешки[8]) и, во случајот на метод на земање статистички податоци, горната граница на стапката на грешка како резултат на ревизии на операциите и износот на откриените неправилни расходи и стапката на грешка која произлегува од ревидираниот случаен примерок.

5.10 Споредба на вкупната стапка на грешка со утврденото ниво на материјалност, со цел да се утврди дали населението е материјално неточно или не. Доколку е така, да се анализира значењето на вкупната стапка на грешка за ревизорското мислење и да се поднесе извештај за препорачаните корективни мерки.

5.11 Исправките во врска со тековната година кои ги спроведува оперативната структура/ управувачката структура пред да ги достави завршните декларации за расход и финансиски изјави до Комисијата и кои произлегуваат од ревизиите на операции[9], вклучувајќи рамна стапка и екстраполирани исправки.

5.12 Преостанатата вкупна стапка на грешка[10] по спроведувањето на гореспоменатите исправки и значење за ревизорското мислење.

5.13 Информации во однос на резултатите од ревизијата на дополнителен примерок (на пример, врз основа на ризик), доколку има.

5.14 Информации во однос на следење на неправилностите, вклучително преглед на претходно пријавени преостанати стапки на грешки, како резултат на сите последователни корективни акции.

5.15 Детали во однос на тоа дали некои откриени проблеми се сметаат дека се од системска природа и преземените мерки, вклучувајќи квантификација на неправилниот расход и кои било поврзани финансиски исправки.

5.16 Опис (каде што е применливо) на специфични недостатоци или неправилности поврзани со финансиските инструменти. Каде што е применливо, показател на стапката на грешка на примерокот за ревидирани финансиски инструменти.

5.17 Анализа на првичните резултати од ревизиите на негативните елементи, вклучувајќи заклучоци за тоа дали ревидираните негативни елементи одговараат на одлуките на земјата или на Комисијата и дали се усогласени со износите вклучени во сметките за износи кои биле повлечени и надоместени во текот на годината и износи кои треба да се надоместат до крајот на годината.

---

6 Случајни, системски, со аномалии

7 На пример: подобност, јавни набавки, државна помош

8 Како што е дефинирано во член 28(14) од Делегирана регулатива (ЕУ) бр. 480/2014 на Комисијата.

9 Ова се однесува и на исправките на ревидираните единици на примероци и на исправките спроведени како резултат на вкупната стапка на грешка.

10 Вкупните грешки минус исправките наведени во став 5.11, поделени со вкупното население.

5.18 Заклучоци извлечени од резултатите од ревизиите во поглед на ефикасноста на системот за управување и контрола.

## 6. РЕВИЗИИ НА ГОДИШНИ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ИЛИ ИЗЈАВИ/ГОДИШНИ СМЕТКИ

6.1 Показател на органите/телата кои извршувале ревизии на годишните финансиски извештаи или изјави/годишни сметки.

6.2 Опис на пристапот кон ревизијата кој е употребен за да се потврдат елементите на годишните финансиски извештаи или изјави/годишни сметки дефинирани во член 12(2) и член 23(1)(б) од Регулатива (ЕУ) бр. 447/2014 за спроведување на Комисијата.

6.3 Показател на заклучоците извлечени од резултатите од ревизиите во однос на комплетноста, точноста и веродостојноста на декларацијата за расход и финансиските изјави, вклучувајќи показател за финансиските исправки направени и одразени во декларацијата за расход и финансиски изјави како следење на резултатите од ревизијата на трансакциите/активностите.

6.4 Показател за тоа дали некои идентификувани проблеми се смета дека се системски по природа, како и за преземените мерки.

## 7. СЛЕДЕЊЕ НА РЕВИЗОРСКАТА АКТИВНОСТ ОД ПРЕТХОДНИТЕ ГОДИНИ

7.1 Информации за следењето на неизвршени препораки за ревизија и за следење на резултатите од ревизиите на системи и ревизиите на трансакции/активности (вклучувајќи ги ревизиите направени во однос на дополнителниот примерок) во претходните години.

7.2 Последователни случаи кои влијаат на претходното мислење и претходниот годишен извештај за ревизорска активност според член 12(3) од Регулатива (ЕУ) бр. 447/2014 за спроведување на Комисијата.

## 8. ДРУГИ ИНФОРМАЦИИ

8.1 Информации за пријавена измама и сомневања за измама, заедно со преземените мерки.

8.2 Последователни настани кои се случиле по поднесувањето на декларацијата за расход и финансиски изјави и пред пренос на годишниот извештај за ревизорска активност според член 12(3) од Регулатива (ЕУ) бр. 447/2014 за спроведување на Комисијата до Комисијата и кои се земени предвид при утврдување на нивото на гаранција и мислење на ревизорското тело.

8.3 Во овој оддел прикажани се информации за кои ревизорското тело смета дека се соодветни и важни за да ги достави до Комисијата, особено за да го оправда мислењето за ревизијата.

## 9. ЦЕЛОКУПНО НИВО НА ГАРАНЦИЈА

9.1 Објаснување за тоа како целокупното ниво на гаранција за исправно функционирање на системот за управување и контрола е добиено од комбинација на резултатите на ревизиите на системи и ревизии на активности.

9.2 Кога вкупната стапка на грешка во врска со расходот пријавен во побарувањата за плаќање во дадена година е над нивото на материјалност, се анализира неговото значење и се оценува дали ова покажува сериозен(-ни) недостаток(-ци) во функционирањето на соодветниот систем за управување и контрола во текот на годината. Каде што е соодветно, се земаат предвид резултатите на друга национална ревизорска работа или ревизорска работа на Унијата извршена во однос на годината.

9.3 Оценување на корективната акција која е потребна и од системска и од финансиска гледна точка.

9.4 Оценување на направените соодветни последователни прилагодувања и корективните мерки кои се преземени, како што се финансиски исправки вклучени во изјавата за расход и финансиските изјави и се оценува преостанатата стапка на грешка и потребата за какви било дополнителни корективни мерки потребни и од системска и од финансиска гледна точка.

10. ТАБЕЛА ЗА ПРИЈАВЕН РАСХОД И РЕВИЗИЈА НА ПРИМЕРОЦИ

| | | | А | Б | | В | Г | Д | | Ѓ | Е | Ж=Ѓ-Е | ЕЗ | ЗЖ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Финансиски средства | Упатување (ЦЦИ) | Програма | Расход пријавен до Комисијата што се однесува на годината[1] | Расходот што се однесува на финансиската година ревидиран врз основа на случаен примерок | | Вкупен број на единици во населението | Број на единици за земање примерок за случаен примерок | Износ и процент (стапка на грешка) на неправилен расход кај случаен примерок[2] | | Вкупна планирана стапка на грешка | Исправки спроведени како резултат на вкупната стапка на грешка | Преостаната вкупна стапка на грешка | Други ревидирани расходи[3] | Износ на неправилни расходи во друг примерок на расходи |
| | | | | Износ[4] | %[5] | | | Износ | % | % | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |

[1] Оваа колона одговара на „вкупниот износ на прифатлив расход влезен во сметководствените системи на управувачката структура вклучен во барањата за плаќањедоставени до Комисијата. Овој расход треба да одговара на бруто расходот вклучен во побарувањата за плаќање пријавени во однос на годината,пред да се направат какви било исправки како резултат на работата на ревизорското тело за истата година.

[2] Кога случајниот примерок опфаќа повеќе од еден фонд или програма, информацијата за износот и процентот (стапка на грешка) на неправилен расход е предвидена за целиот примерок и не може да се предвиди на ниво на програма/фонд.

[3] Расходи од дополнителен примерок и расходи за случаен примерок кои не се во референтната година (износ).

[4] Износ на ревидирани расходи.

[5] Процент на ревидирани расходи во однос на расходи пријавени до Комисијата во референтната година.

## АНЕКС Д

### Образец Годишно ревизорско мислење[1]

упатено до

- Европската Комисија, Генерален Директорат
- Владата на Република Македонија
- примерок за националниот ИПА координатор (НИПАК) на Република Македонија и
- примерок за националниот координатор за авторизација (НАО) на Република Македонија

**ВОВЕД**

Јас, долупотпишаниот, раководител на ревизорското тело на Република Македонија,независен во смисла на член 12(1) од Регулатива (ЕУ) бр. 447/2014 за спроведување на Комисијата, извршив ревизорски постапки за функционирањето на системот за управување и контрола, на примерок на пријавени расходи и на сметките изготвени и под одговорност на националниот координатор за авторизација (НАО) во согласност со членови 7(2) и 11 од Регулатива (ЕУ) бр. 447/2014 за спроведување на Комисијата, во врска со програмата ..... [име на програмата, ЦЦИ број] (во понатамошниот текст „програмата"), со цел да се издаде ревизорско мислење во согласност со членови 12(3) и 23(2) од Регулатива (ЕУ) бр. 447/2014 за спроведување на Комисијата. Ова ревизорско мислење е во согласност со следните стандарди .....[да се наведат меѓународните стандарди за ревизија кои се следени].

Исто така, ја оценив доследноста на декларацијата за управување која ја изготвува националниот координатор за авторизација (НАО) според член 9(4) од Регулатива (ЕУ) бр. 447/2014 за спроведување на Комисијата, со оваа ревизорска работа.

**ПОЛЕ НА ПРИМЕНА НА РЕВИЗИЈАТА**

Ревизијата во однос на програмата беше извршена во согласност со ревизорската стратегија и земајќи ги предвид меѓународно прифатените стандарди за ревизија, со упатување кон годината (*година*), и пријавени во прикачениот годишен извештај за ревизорска активност согласно член 12(3) од Регулатива (ЕУ) бр. 447/2014 за спроведување на Комисијата.

**Или**
Немаше ограничувања за полето на примена на ревизијата.

**Или**
Полето на примена на ревизијата беше ограничено на следните фактори:
(а) ...
(б) ...
(в) итн.

---

[1] Во согласност со член 12(3) од Регулатива (ЕУ) бр. 447/2014 за спроведување на Комисијата

[Да се наведе секое ограничување на полето на примена на ревизијата, на пример секој недостаток на придружна документација, случаи на судски процеси и, во оддел Квалификувано мислење подолу, да се проценат износите на расходи и погодените придонеси од Унијата и влијанието на ограничувањето на полето на примена на ревизорското мислење.]

**МИСЛЕЊЕ**

**ВЕРОДОСТОЈНОСТ НА ГОДИШНИТЕ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ИЛИ ИЗЈАВИ/ГОДИШНИ СМЕТКИ**

**Или**
*(Неквалификувано мислење)*

Врз основа на ревизорските постапки дадени погоре и во однос на програмата, јас имам разумна причина да бидам убеден дека:

– декларацијата за расходи и финансиски изјави дава вистинска и објективна слика,

Според моето мислење, извршената ревизорска работа не фрла сомнеж врз тврдењата направени во декларацијата за управување.

**Или**
*(Квалификувано мислење)*

Врз основа на ревизорските постапки дадени погоре и во однос на програмата, јас имам разумна причина да бидам убеден дека:

– декларацијата за расходи и финансиски изјави дава вистинска и објективна слика,

освен во следните аспекти: … ..... …[2].

Затоа, јас проценувам дека влијанието на квалификацијата(-ите) е [ограничено]/[значајно].

Тоа влијание одговара на …… [износ во ЕУР и %] од вкупниот пријавен расход. Како резултат на тоа, засегнатиот придонес на Заедницата изнесува ... [износ во ЕУР].

Според моето мислење, извршената ревизорска работа не фрла сомнеж врз тврдењата направени во декларацијата за управување, или

Според мене, извршената ревизорска работа фрла сомнеж врз тврдењата направени во изјавата за управување во однос на следните аспекти: ……..

**Или**
*(Спротивно мислење)*

Врз основа на ревизорските постапки дадени погоре и во однос на програмата, јас имам разумна причина да бидам убеден дека:

– декларацијата за расходи и финансиски изјави не дава вистинска и објективна слика,

---

[2] Во случај кога се засегнати системите за управување и контрола, да се наведе телото или телата и аспектот(-ите) на нивните системи кои не се усогласени со барањата и/или не дејствуваат ефикасно.

Спротивното мислење се заснова на .....[3]

Според мене, извршената ревизорска работа фрла сомнеж врз тврдењата направени во изјавата за управување во однос на следните аспекти: .....

[Ревизорскиот орган, исто така, без да влијае на мислењето, може да вклучува акцент на прашањето како што е утврдено со меѓународно прифатени стандарди за ревизија. Во исклучителни случаи може да се предвиди оградување од мислењето[4].]

## ЗАКОНИТОСТ И РЕГУЛАРНОСТ НА РАСХОДОТ И ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА СИСТЕМИТЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА

**Или**
*(Неквалификувано мислење)*

Врз основа на ревизорските постапки дадени погоре и во однос на програмата, јас имам разумна причина да бидам убеден дека:

– расходите за кои од Комисијата е побаран надомест се законски и регуларни,

– системите за управување и контрола кои се во сила правилно функционираат.

Според моето мислење, извршената ревизорска работа не фрла сомнеж врз тврдењата направени во декларацијата за управување.

**Или**
*(Квалификувано мислење)*

Врз основа на ревизорските постапки дадени погоре и во однос на програмата, јас имам разумна причина да бидам убеден дека:

– расходите за кои од Комисијата е побаран надомест се законски и регуларни,

– системите за управување и контрола кои се во сила правилно функционираат,

освен во следните аспекти (разјасни кој(-и) аспект(-и) даден(-и) погоре е(се) засегнат(-и): … .....[5].

Затоа, јас проценувам дека влијанието на квалификацијата(-ите) е [ограничено]/[значајно].

Тоа влијание одговара на …… [износ во ЕУР и %] од вкупниот пријавен расход. Како резултат на тоа, засегнатиот придонес на Заедницата изнесува ... [износ во ЕУР].

Според моето мислење, извршената ревизорска работа не фрла сомнеж врз тврдењата направени во декларацијата за управување, <u>или</u>

---

[3] Во случај кога се засегнати системите за управување и контрола, за секое тело и за секој аспект наведете ги причините за спротивно мислење.

[4] Овие исклучителни случаи треба да се поврзани со непредвидени, надворешни фактори надвор од надлежноста на ревизорското тело.

[5] Во случај кога се засегнати системите за управување и контрола, да се наведе телото или телата и аспектот(-ите) на нивните системи кои не се усогласени со барањата и/или не дејствуваат ефикасно.

Според мене, извршената ревизорска работа фрла сомнеж врз тврдењата направени во изјавата за управување во однос на следните аспекти: .....

**Или**
*(Спротивно мислење)*

Врз основа на ревизорските постапки дадени погоре и во однос на програмата, јас имам разумна причина да бидам убеден дека:

– расходите за кои од Комисијата е побаран надомест не се законски и регуларни,

– системите за управување и контрола кои се во сила не функционираат правилно.

Спротивното мислење се заснова на .....[6]

Според мене, извршената ревизорска работа фрла сомнеж врз тврдењата направени во изјавата за управување во однос на следните аспекти: .....

[Ревизорскиот орган, исто така, без да влијае на мислењето, може да вклучува акцент на прашањето како што е утврдено со меѓународно прифатени стандарди за ревизија. Во исклучителни случаи може да се предвиди оградување од мислењето[7].]

(Место и датум на издавање)

_____

Потпис
(Име и звање или функција на раководителот на именуваното ревизорско тело)

---

[6] Во случај кога се засегнати системите за управување и контрола, за секое тело и за секој аспект наведете ги причините за спротивно мислење.

[7] Овие исклучителни случаи треба да се поврзани со непредвидени, надворешни фактори надвор од надлежноста на ревизорското тело.

## АНЕКС Ѓ

### Образец Ревизорско мислење за завршна финансиска изјава за расход[1]

упатено до

- Европската Комисија, Генерален Директорат
- Владата на Република Македонија
- примерок за националниот ИПА координатор (НИПАК) на Република Македонија и
- примерок за националниот координатор за авторизација (НАО) на Република Македонија

**ВОВЕД**

Јас, долупотпишаниот, раководител на ревизорското тело на Република Македонија, функционално независен во смисла на член 12(1) од Регулатива (ЕУ) бр. 447/2014 за спроведување на Комисијата, извршив ревизија на завршната изјава за расходи за програмата (да се наведе програмата- наслов, компонента, период, референтен (ЦЦИ) број), изготвена под одговорност на националниот координатор за авторизација (НАО) во согласност со член 9(4) од Регулатива (ЕУ) бр. 447/2014 за спроведување на Комисијата за издавање на ревизорско мислење во согласност со член 12(4) од Регулатива (ЕУ) бр. 447/2014 за спроведување на Комисијата. Ова ревизорско мислење е во согласност со следните стандарди .....[да се наведат меѓународните стандарди за ревизија кои се следени].

Јас сметам дека извршената ревизорска работа обезбедува разумна основа за моето мислење.

**ПОЛЕ НА ПРИМЕНА НА РЕВИЗИЈАТА**

Ревизијата беше извршена во согласност со член 17(1) од Рамковната спогодба (РС).

**Или**

Немаше ограничувања за полето на примена на ревизијата.

**Или**

Полето на примена на ревизијата беше ограничено на следните фактори:

(а) ...

(б) ...

(в) итн.

[Да се наведе секое ограничување на полето на примена на ревизијата, на пример секој недостаток на придружна документација, случаи на судски процеси и, во оддел Квалификувано мислење подолу, да се проценат износите на расходи и погодените

[1] Во согласност со член 12(4) од Регулатива (ЕУ) бр. 447/2014 за спроведување на Комисијата

придонеси од Унијата и влијанието на ограничувањето на полето на примена на ревизорското мислење.]

**МИСЛЕЊЕ**

**Или**

*(Неквалификувано мислење)*

Врз основа на ревизијата дадена погоре и во однос на програмата, јас имам разумна причина да бидам убеден дека:

- износите одредени во завршната финансиска изјава за расходи и во крајното барање за исплата, во кое е вклучена изјавата, се оправдани и прифатливи,
- прикажаните финансиски информации се точни и
- расходите вклучени во завршната изјава за расходи се законски и регуларни

**Или**

*(Квалификувано мислење)*

Врз основа на ревизијата дадена погоре и во однос на програмата, јас имам разумна причина да бидам убеден дека:

- износите одредени во завршната финансиска изјава за расходи и во крајното барање за исплата, во кое е вклучена изјавата, се оправдани и прифатливи,
- прикажаните финансиски информации се точни и
- расходите вклучени во завршната изјава за расходи се законски и регуларни

освен во следните аспекти: … ..... ...[2].

Затоа, јас проценувам дека влијанието на квалификацијата(-ите) е [ограничено]/[значајно].

Тоа влијание одговара на …… [износ во ЕУР и %] од вкупниот пријавен расход.

Како резултат на тоа, засегнатиот придонес на Заедницата изнесува ... [износ во ЕУР].

**Или**

*(Спротивно мислење)*

Врз основа на ревизијата дадена погоре и во однос на програмата, јас имам разумна причина да бидам убеден дека:

- износите одредени во завршната изјава на расходи и во крајното барање за исплата, во кое е вклучена изјавата, не се оправдани и/или прифатливи,
- прикажаните финансиски информации не се точни и/или
- расходите вклучени во завршната изјава за расходи не се законски и регуларни

Спротивното мислење се заснова на .....[3]

---

[2] Во случај кога се засегнати системите за управување и контрола, да се наведе телото или телата и аспектот(-ите) на нивните системи кои не се усогласени со барањата и/или не дејствуваат ефикасно.

[3] Во случај кога се засегнати системите за управување и контрола, за секое тело и за секој аспект наведете ги причините за спротивно мислење.

[Ревизорскиот орган, исто така, без да влијае на мислењето, може да вклучува акцент на прашањето како што е утврдено со меѓународно прифатени стандарди за ревизија. Во исклучителни случаи може да се предвиди оградување од мислењето[4].]

(Место и датум на издавање)

_____

Потпис
(Име и звање или функција на раководителот на именуваното ревизорско тело)

4 Овие исклучителни случаи треба да се поврзани со непредвидени, надворешни фактори надвор од надлежноста на ревизорското тело.

## АНЕКС Е

## Образец Ревизорска стратегија[1]

### 1. ВОВЕД

1.1 Идентификација на програми (име и ЦЦИ) опфатени со ревизорската стратегија.

1.2 Идентификација на ревизорскиот орган одговорен за изготвување, следење и ажурирање на ревизорската стратегија и на сите други тела кои дале придонес.

1.3 Објаснување на постапката која е следена при изготвување, следење и ажурирање на ревизорската стратегија.

1.4 Спецификација на целокупните цели на ревизорската стратегија и чекорите кои се преземени за да се обезбеди усогласување со целите со сите ревизорски тела.

1.5 Објаснување на сите функции и одговорности на ревизорскиот орган, со упатување кон изјава за мисијата, повелба за ревизија или национално законодавство, каде што е применливо.

1.6 Потврда од ревизорскиот орган за неговата независност, во согласност со член 12(1) од Регулатива (ЕУ) бр. 447/2014 за спроведување на Комисијата и неговата неопходна финансиска независност, во согласност со Клаузула 5(1) од Анекс А кон Рамковната спогодба.

### 2. ПРАВНА ОСНОВА И ПОЛЕ НА ПРИМЕНА

2.1 Показател на национална регулаторна рамка која влијае на ревизорскиот орган и неговите функции.

2.2 Потврда дека стратегијата ја опфаќа наредната година и двете последователни финансиски години.

### 3. ПРОЦЕНКА НА РИЗИК

3.1 Објаснување на целокупниот метод за проценка на ризик кој е следен, вклучувајќи: показател на факторите на ризик земени во предвид вклучувајќи ги тие за специфични тематски области опишани според став 4.2.3 даден подолу [заедно со целните процеси и проценки на процедурални и организациски промени, меѓу другото], употребениот начин на анализа на ризик, степенот до кој се земени предвид резултатите од претходните ревизии на телата и системите, опфаќајќи ја оперативната структура и управувачката структура.

3.2 Одредување на контролите, вклучувајќи ги нивниот дизајн, спроведување и операција на три нивоа:

- првото ниво на контрола извршено од административните структури на ИПА,
- второто ниво на контрола извршено од една страна, преку внатрешните системи на контрола и од друга страна, преку функција на внатрешна ревизија и

[1] Во согласност со член 12(2) од Регулатива (ЕУ) бр. 447/2014 за спроведување на Комисијата

– високото ниво на следење, извршено преку функцијата на гаранција од страна на НАО.

3.3 Постапки за ажурирање на проценката на ризик.

## 4. МЕТОДОЛОГИЈА

4.1 Краток опис на методологијата за ревизија

Краток опис на главните чекори на ревизорската работа како што се: планирање и дизајн на целите[2] на ревизијата кои треба да се постигнат, извршување на ревизиите и собирање докази, евалуација на докази и формирање заклучоци, поднесување извештаи[3], процеси на следење[4] и постапки за контрола на квалитет за работата на ревизорското тело.

Упатување кон постојните прирачници или постапки за ревизија, каде тие чекори може подетално да се опишат.

Упатување кон меѓународно прифатените стандарди за ревизија кои ревизорското тело има намера да ги применува.

Упатување кон постапките кои се во сила за изготвување на годишен извештај за ревизорска активност и ревизорско мислење кое треба да се достави до Комисијата во согласност со член 12(3) од Регулатива (ЕУ) бр. 447/2014 за спроведување на Комисијата.

4.2 За системски ревизии:

4.2.1 Спецификација на телата кои подлежат на ревизија и на сродните клучни контролни елементи.

4.2.2 Показател на кои било системски ревизии поврзани со клучните контролни елементи насочени кон специфични тематски области, како што се:

– квалитетот на проверките за управување, вклучувајќи ги и оние во врска со почитување на правилата за јавни набавки, условите во однос на животната средина, еднаквите можности;

– квалитетот на избор на проекти и проверки за управување во врска со спроведувањето на инструментите за финансиски инженеринг;

– функционирањето и безбедноста на ИТ системите и нивната врска со ИТ системот(-ите) на Комисијата;

– веродостојноста на податоците што се однесуваат на показатели, постигнати главни точки и напредокот на програмата во достигнувањето на своите цели обезбедени од страна на оперативната структура;

---

2 Вклучувајќи упатување кон праговите на материјалност и други квантитативни и квалитативни фактори кои треба да се земат предвид при оценување на материјалноста на наодите од ревизијата за главните видови ревизии опишани во оддели 4.2, 4.3 и 4.4 од оваа стратегија.

3 Ова значи упатување кон различни фази на поднесувањето извештаи (како што е нацрт-ревизорски извештаи, контрадикторна постапка со предметот кој подлежи на ревизија и завршни ревизорски извештаи), крајни рокови за поднесување извештаи, процеси на следење.

4 Вклучувајќи упатување кон постапките на следење на спроведувањето на препораките и корективните мерки кои произлегуваат од ревизорските извештаи.

- поднесувањето извештаи за повлекувања и обновувања;
- спроведувањето на ефикасни и пропорционални мерки против измама поткрепени со проценката на ризик од измама.

4.3 За ревизии на трансакции/операции:

4.3.1 Спецификација на методологијата за земање примероци треба да се користи во согласност со член 12(2) од Регулатива (ЕУ) бр. 447/2014 за спроведување на Комисијата, вклучувајќи ги постапките за нејзина ревизија кога е потребно.

4.3.2 Каде што е применливо, опис на пристапот на земање нестатистички примероци што му овозможува на ревизорското тело да изготви валидно ревизорско мислење, како што е предвидено во член 12(2) од Регулатива (ЕУ) бр. 447/2014 за спроведување на Комисијата.

4.3.3 Опис на постапката за препорака за соодветни чекори кои треба да ги преземат засегнатите органи каде што се откриени грешки (или упатување кон прирачниците или постапките за ревизија каде што е утврдено ова прашање).

4.3.4 Опис на утврдените постапки за класификација и обработка на откриените грешки (или упатување кон прирачниците или постапките за ревизија каде што е утврдено ова прашање).

4.3.5 Специфични аспекти во врска со ревизиите на финансиски инструменти, доколку е применливо.

4.3.6 Специфични аспекти во врска со ревизии на поедноставени можности за трошоци, во согласност со член 31(в) од РС, доколку е применливо.

4.4 За ревизии на годишни финансиски извештаи или изјави/годишни сметки:

Показател на ревизорскиот пристап за ревизија на годишните финансиски извештаи или изјави/годишни сметки, постапката за препорака за соодветни чекори кои треба да ги преземат засегнатите органи каде што се откриени грешки.

Ревизорскиот пристап треба да ги земе предвид резултатите на ревизиите на системи и ревизиите на трансакции/операции извршени во управувачката структура и оперативната структура и верификациите на управување предвидени во Клаузула 4(3)(б)(ќ) од Анекс А кон оваа спогодба.

4.5 Постапки кои му овозможуваат на ревизорското тело да утврди дали ревизорската работа ги става под сомнение направените тврдења или отсуството на резервации во декларацијата за управување, во согласност со член 9(4) од Регулатива (ЕУ) бр. 447/2014 за спроведување на Комисијата.

## 5. ПЛАНИРАНА РЕВИЗОРСКА РАБОТА

5.1 Показател и оправданост на приоритетите и специфичните цели во врска со наредната година и двете последователни години, заедно со објаснување на поврзаноста на резултатите од проценката на ризик на планираната ревизорска работа.

5.2 Планираните активности за следење и набљудување на претходните ревизорски наоди.

5.3 Индикативен распоред на ревизорските задачи во врска со наредната година и двете последователни години за системските и тематски ревизии, како што следи:

| Органи/Тела или конкретни тематски области кои треба да се ревидираат | ЦЦИ | Име на програмата | Резултат од процена на ризик | 20хх Цел и опсег на ревизијата | 20хх Цел и опсег на ревизијата | 20хх Цел и опсег на ревизијата |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

## 6. ПЛАНИРАНИ РЕСУРСИ

6.1 Обезбедување на организациска табела на ревизорското тело.

6.2 Показател на планираните ресурси кои треба да се распределат во врска со наредната година и двете последователни години.

6.3 Показател на квалификациите и искуството кои се потребни за персоналот кој ги спроведува ревизиите и барањата за обуки, онаму каде е применливо.

## АНЕКС Ж

**Известување за сомневање за измама и други нерегуларности кои се однесуваат на Инструментот за претпристапна помош (ИПА II)**

**Клаузула 1 Дефиниции**

Со цел известување за сомневање за измама и други неправилности, се применуваат дефинициите утврдени во член 51 од оваа спогодба за заштита на финансискиот интерес на Унијата.

**Клаузула 2 Првично известување**

(1) Корисникот на ИПА II без одлагање, кај Комисијата пријавува какви било сомнителни финансиски измами и други неправилности кои биле предмет на првичен административен и судски наод и постојано ја известува за напредокот на административните и законските постапки.

Во тој извештај, корисникот на ИПА II во сите случаи изнесува детали во однос на следното:

(а) инструментот ИПА II и засегнатата политичка област, името и бројот на програмата и на засегнатата активност;

(б) идентитетот на вклучените физички или правни лица или на кои било субјекти кои учествуваат и нивната улога, освен кога таа информација е безначајна за целите на борба против нерегуларностите, со оглед на природата на засегнатата нерегуларност;

(в) идентификација на регионот или областа каде што е извршена операцијата користејќи соодветни информации како што е нивото на [1]НТЕС;

(г) одредбата (-ите) која (-и) била (-е) повредена (-и);

(д) датумот и изворот на првата информација која предизвикува сомневање дека е направена некоја неправилност;

(ѓ) практики кои се употребени при извршување на нерегуларноста;

(е) каде што е соодветно, дали практиката дава повод за сомневање за измама;

(ж) начинот на кој била откриена неправилноста;

(з) каде што е соодветно, корисникот на ИПА II и вклучената земја-членка и/или трета земја;

(ѕ) периодот во текот на кој или моментот во кој била направена нерегуларноста;

(и) датумот на кој бил утврден првичниот административен или судски наод за нерегуларноста;

---

1 Номенклатура на територијални единици за статистика

(ј) вкупниот износ на прифатлив расход утврден со придонесот на Унијата, националниот придонес и приватниот придонес;

(к) расходите засегнати од неправилноста определени со придонесот на Унијата и националниот придонес;

(л) износот кој незаконски би бил платен имал неправилност која не била идентификувана во согласност со придонесот на Унијата и националниот придонес;

(љ) природата на неправилните расходи;

(м) суспендирање на плаќања, каде што е применливо, и можност за повраток на истите.

(2) Во случај кога дел од информациите наведени во став 1, а особено информации во однос на употребените практики при извршување на неправилноста и начинот на кој е откриена неправилноста, не се достапни или треба да се коригираат, корисникот на ИПА II, колку што е можно и без одлагање Комисијата ја снабдува со информациите кои недостигаат и со коригираните информации.

(3) Доколку националните одредби обезбедат доверливост на истрагите, доставувањето на информации подлежи на одобрување од надлежниот трибунал или суд.

**Клаузула 3 Итни случаи**

Секој корисник на ИПА II-до Комисијата и, каде што е потребно до земјите-членки или други засегнати корисници на ИПА II, веднаш пријавува какви било откриени неправилности или неправилности кои требало да се случат, кога се стравува дека тие може многу брзо да имаат последици надвор од нивната територија.

**Клаузула 4 Известување за следење**

(1) Покрај информациите наведени во Клаузула 2, корисникот на ИПА II на Комисијата без одлагање со упатување кон некој претходен извештај направен во согласност со таа клаузула, ѝ доставува детали во однос на започнувањето, завршувањето или напуштањето на кои било постапки за воведување административни или кривични казни во врска со пријавените неправилности како и за исходот од тие постапки.

Во поглед на неправилностите за кои се воведени казни, корисникот на ИПА II, исто така, го наведува следното:

(а) дали казните се од административна или кривична природа;

(б) дали казните произлегуваат од прекршување на закон на Унијата или национален закон;

(в) одредбите во кои се утврдени казните;

(г) причините за какво било напуштање на постапки за обновување;

(д) дали била утврдена измама.

(2) На писмено барање на Комисијата, корисникот на ИПА II обезбедува дополнителни информации во врска со специфична неправилност или група неправилности.

**Клаузула 5 Пренесување по електронски пат**

Информациите наведени во Клаузула 2, 3 и 4(1) се испраќаат на англиски јазик, преку електронски средства, со употреба на модул предвиден од Комисијата за оваа цел преку безбедна врска.

**Клаузула 6 Користење на информации**

Комисијата може да користи информации од општа или оперативна природа кои ги доставуваат корисници на ИПА II според овие одредби за вршење на анализи на ризик и може, врз основа на добиените информации, да подготви извештаи и да развие системи за рано предупредување кои служат за поефикасно идентификување на ризици.

**Клаузула 7 Употреба на еврото**

Еврото се употребува како валута за пријавување на неправилности. Корисникот на ИПА II ги претвора износите на направениот расход од национална валута во евро. Овие износи се претвораат во евра, користејќи го месечниот девизен курс на Комисијата во месецот во кој расходот бил регистриран во сметките на оперативната структура на засегнатата програма или акција. Девизниот курс се објавува електронски од страна на Комисијата секој месец.

Кога износите се поврзани со расходите регистрирани во сметките на националниот орган во текот на период од повеќе од еден месец, може да се користи девизниот курс во месецот во текот на кој расходот бил за последен пат регистриран. Кога расходите не биле регистрирани во сметките на националниот орган, се користи најновиот сметководствен девизен курс кој го објавила Комисијата преку електронски средства.

**Клаузула 8 Заштита на лични податоци**

(1) Корисниците на ИПА II и Комисијата ги преземаат потребните мерки за да спречат какво било неодобрено откривање на или пристап до информациите наведени во Клаузула 2, 3 и 4(1).

(2) Информациите наведени во Клаузула 2, 3 и 4(1) не може да бидат испратени до други лица освен на оние од корисникот на ИПА II или во рамки на институциите на Унијата чии надлежности налагаат да имаат пристап до нив, освен ако корисникот на ИПА II при доставувањето на информациите недвосмислено се согласил со тоа.

(3) Сите лични податоци вклучени во информациите наведени во Клаузула 2, 3 и 4(1) се обработуваат само за цели определени во тие одредби.

## АНЕКС 3

### Тематски приоритети за помош

Помошта може, како што е соодветно, да се однесува на следните тематски приоритети:

(а) усогласеност со начелото за добра јавна администрација и добро економско управување. Интервенциите во оваа област имаат за цел: зајакнување на јавната администрација, вклучувајќи професионализација и деполитизација на државната служба, вградување меритократски начела и обезбедување соодветни административни постапки; зголемување на капацитетот за зајакнување на макроекономската стабилност и поддршка на напредокот за да стане и функционална пазарна економија и поконкурентна економија; поддршка на учеството во мултилатерален механизам на фискален надзор на Унијата и систематска соработка со меѓународни финансиски институции за основите на економската политика, како и за зајакнување на управувањето со јавните финансии.

(б) утврдување и промовирање на соодветното функционирање на институциите, во рана фаза, неопходно за да се обезбеди владеење на правото. Интервенциите во оваа област имаат за цел: утврдување на независни, одговорни и ефикасни судски системи, вклучувајќи транспарентни и заслужени вработувања, системи за оценување и унапредување и ефикасни дисциплински постапки во случаи на престапи; обезбедување на утврдувањето на силни системи за заштита на границите, за управување со миграциските текови и обезбедување азил на тие што им е потребен; развој на ефикасни алатки за спречување и борба против организиран криминал и корупција; промовирање и заштита на човекови права, права на лица кои припаѓаат на малцински заедници- вклучувајќи ги Ромите како и лезбијки, геј, бисексуалци, трансродови и интерсексуалци- и основни слободи, вклучувајќи слобода на медиумите.

(в) Зајакнување на капацитетите на организациите на граѓанското општество и организациите на социјалните партнери, вклучувајќи стручни здруженија, кај корисниците наведени во Анекс I кон Регулативата за ИПА II и поттикнување на вмрежување на сите нивоа помеѓу организациите засновани на Унијата и оние на корисниците наведени во Анекс I кон Регулативата за ИПА II, овозможувајќи им да се вклучат во ефикасен дијалог со јавни и приватни актери.

(г) инвестиции во образование, вештини и доживотно учење. Интервенциите во оваа област ќе имаат за цел: промовирање на еднаков пристап до квалитетно претшколско, основно и средно образование; намалување на случаи на рано напуштање на училиште; приспособување на системите на стручно образование и обука (СОО) со барањата на пазарот на работна сила; подобрување на квалитетот и важноста на високото образование; зголемување на пристапот до доживотното учење и поддршка на инвестициите во инфраструктурата на образование и обука; особено со цел да се намали територијалната нееднаквост и да се унапреди несегрегирано образование.

(д) унапредување на вработувањето и поддршка на мобилноста на работната сила. Интервенциите во оваа област ќе имаат за цел: одржлива интеграција во пазарот на трудот на млади лица што не се во работен однос, не учат и не се обучуваат (НЕЕТ), вклучувајќи преку мерки со кои се стимулираат инвестиции во квалитетно создавање работни места; поддршка на интеграцијата на невработените лица; и поттикнување на поголемо учество во пазарот на трудот на сите групи кои не се застапени во доволна мера. Други клучни области на интервенција се поддршка на родовата еднаквост, приспособување на работниците и претпријатијата за промени, утврдување на одржлив

социјален дијалог и модернизација и зајакнување на институциите на пазарот на трудот.

(ѓ) промовирање на социјална инклузија и борба против сиромаштија. Интервенциите во оваа област имаат за цел: интегрирање на маргинализираните заедници како што се Ромите; борба против дискриминацијата врз основа на пол, расно или етничко потекло, религија или уверување, инвалидитет, возраст или сексуална ориентација; како и зголемување на пристапот кон достапни, одржливи и висококвалитетни услуги, како што се здравствена грижа и социјални услуги од општ интерес, вклучувајќи преку модернизација на системите за социјална заштита.

(е) промовирање на одржлив транспорт и отстранување на тесни грла во клучните мрежни инфраструктури, особено со инвестирање во проекти со висока европска додадена вредност. Идентификуваните инвестиции треба да бидат приоритет во согласност со нивниот придонес кон мобилноста, одржливоста, намалените емисии на стаклени гас, релевантност за врски со земјите-членки и кохерентност со Единствената европска транспортна област.

(ж) подобрување на средината на приватниот сектор и конкурентноста на претпријатијата, вклучувајќи паметна специјализација, како клучни двигатели за развој, создавање работни места и кохезија. Приоритет им се дава на проекти кои го подобруваат деловното опкружување.

(з) зајакнување на истражувањето, технолошкиот развој и иновации, особено преку подобрување на истражувачката инфраструктура, поволна средина и промовирање на вмрежувањето и соработката.

(ѕ) придонесување за безбедноста и сигурноста на снабдувањето со храна и одржување на разновидни и изводливи земјоделски системи во динамичните рурални заедници и селата.

(и) зголемување на способноста на земјоделско-прехранбениот сектор за справување со конкурентниот притисок и пазарните сили како и способноста постепено да се усогласи со правилата и стандардите на Унијата, додека извршуваат економски, социјални и еколошки цели во рамномерен територијален развој на рурални области.

(ј) заштита и подобрување на квалитетот на животната средина, придонесувајќи за намалување на емисии на стаклени гас, зголемување на отпорноста на климатски промени и промовирање на управувањето и информирање со климатска акција. Финансирањето на ИПА II промовира политики за поддршка на промената кон економија која е поефикасна во поглед на ресурси, безбедна и одржлива нискојаглеродна економија.

(к) промовирање на мерки за помирување, градење на мир и градење на доверба.

## АНЕКС S

### Тематски приоритети за помош за територијална соработка

Помошта за прекугранична соработка може, како што е соодветно, да упатува кон следните тематски приоритети:

(а) унапредување на вработувањето, мобилноста на работната сила и социјалната и културна инклузија преку границите, меѓу другото, преку: интегрирање на прекуграничните пазари на работна сила, вклучувајќи прекугранична мобилност; заеднички локални иницијативи за вработување; информативни и советодавни услуги и заедничка обука; родова еднаквост; еднакви можности; интеграција на имигрантски заедници и ранливи групи; инвестиција во јавни служби за вработување; и поддршка на инвестиции во јавното здравство и социјални услуги;

(б) заштита на животната средина и подобрување на приспособувањето и ублажување на климатските промени, заштита од ризик и управување со него, меѓу другото, преку: заеднички акции за заштита на животната средина; промовирање на одржлива употреба на природни ресурси, ефикасност на ресурсите, обновливи енергетски извори и промена кон безбедна и нискојаглеродна економија; промовирање на инвестиции за решавање на одредени ризици, обезбедување отпорност кон несреќи и развивање на системи за управување со несреќи и подготвеност за итни случаи;

(в) промовирање на одржлив транспорт и подобрување на јавната инфраструктура, меѓу другото, со намалување на изолацијата преку подобрен пристап кон мрежите и услугите за транспорт, информации и комуникација и инвестирање во прекугранични системи и погони за вода, отпад и енергија;

(г) поттикнување на туризам и културно и природно наследство;

(д) инвестирање во младите, образованието и вештините, меѓу другото, преку развој и спроведување на заедничко образование, стручна обука, програми за обуки и инфраструктура за поддршка на заеднички активности на младите;

(ѓ) промовирање на локално и регионално управување и зголемување на планирањето и административниот капацитет на локалните и регионалните власти;

(е) зголемување на конкурентноста, деловното опкружување и развојот на мали и средни претпријатија, трговијата и инвестициите, меѓу другото, преку промовирање и поддршка на претприемништвото, особено на мали и средни претпријатија и развој на локални прекугранични пазари и интернационализација;

(ж) зајакнување на истражувањето, технолошкиот развој, иновациите и информатичко-комуникациската технологија, меѓу другото, преку промовирање и споделување на човечките ресурси и капацитети за истражување и технолошки развој.

Член 3

Секретаријатот за европски прашања се определува како надлежен орган на државната управа што ќе се грижи за извршување на Спогодбата од член 1 на овој закон.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

**L I GJ**

**PËR RATIFIKIMIN E MARRËVESHJES KORNIZË NDËRMJET REPUBLIKËS SË MAQEDONISË E PËRFAQËSUAR NGA QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË DHE KOMISIONIT EVROPIAN PËR PROCEDURAT E REALIZIMIT TË NDIHMËS FINANCIARE NGA UNIONI PËR REPUBLIKËN E MAQEDONISË NË KUADËR TË REALIZIMIT TË NDIHMËS SIPAS INSTRUMENTIT PËR NDIHMË PARAADERUESE (IPA II)**

Neni 1

Ratifikohet Marrëveshja kornizë ndërmjet Republikës së Maqedonisë e përfaqësuar nga Qeveria e Republikës së Maqedonisë dhe Komisionit Evropian për procedurat e realizimit të ndihmës financiare nga Unioni për Republikën e Maqedonisë në kuadër të realizimit të ndihmës sipas Instrumentit për ndihmë paraaderuese (IPA II), e lidhur me shkëmbimin e letrave, më 27 mars 2015, në Shkup.

Neni 2

Marrëveshja nga neni 1 i këtij ligji në origjinal në gjuhën angleze dhe në përkthim në gjuhën maqedonase, është si vijon:

Neni 3

Sekretariati për Çështje Evropiane caktohet si organ kompetent i administratës shtetërore që do të kujdeset për zbatimin e Marrëveshjes nga neni 1 i këtij ligji.

Neni 4

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

**16.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**

**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАТИФИКАЦИЈА НА СПОГОДБАТА МЕЃУ ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И СОВЕТОТ НА МИНИСТРИ НА БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА ЗА РАЗМЕНА И ЗАЕМНА ЗАШТИТА НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ**

Се прогласува Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Босна и Херцеговина за размена и заемна заштита на класифицирани информации,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 10 јуни 2015 година.

Бр. 08-2538/1
10 јуни 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**

**ЗА РАТИФИКАЦИЈА НА СПОГОДБАТА МЕЃУ ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И СОВЕТОТ НА МИНИСТРИ НА БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА ЗА РАЗМЕНА И ЗАЕМНА ЗАШТИТА НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ**

Член 1

Се ратификува Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Босна и Херцеговина за размена и заемна заштита на класифицирани информации, склучена во Сараево на 20 мај 2014 година.

Член 2

Спогодбата од членот 1 од овој закон во оригинал на македонски јазик, на јазиците на Босна и Херцеговина (босански, хрватски, српски) и на англиски јазик, гласи:

МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ

# СПОГОДБА

# МЕЃУ

# ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# И

# СОВЕТОТ НА МИНИСТРИ НА БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА

# ЗА

# РАЗМЕНА И ЗАЕМНА ЗАШТИТА

# НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

Владата на Република Македонија и Советот на министри на Босна и Херцеговина (во натамошниот текст наречени „Страните"),

Сакајќи да обезбедат заштита на класифицираните информации разменети меѓу Страните или меѓу јавните и приватните правни лица под нивна надлежност,

Се договорија за следното:

## ЧЛЕН 1
## ЦЕЛ

Во согласност со нивните национални закони и регулативи и со почитување на националните интереси и безбедноста двете Страни ги преземаат сите неопходни мерки за да обезбедат заштита на класифицираните информации што се пренесени или создадени во согласност со оваа спогодба.

## ЧЛЕН 2
## ДЕФИНИЦИИ

За целите на оваа спогодба, овие термини го имаат следното значење:

**Класифицирана информација**: Секоја информација којашто, без оглед на нејзината форма или природа, според националните закони и регулативи на која било од Страните, е потребно да се заштити од нарушување на безбедноста и е означена соодветно.

**Страна-создавач**: Страната, вклучувајќи го и секое јавно или приватно правно лице под нејзина надлежност, што отстапува на користење класифицирани информации на Страната-примач.

**Страна-примач**: Страната, вклучувајќи го и секое јавно или приватно правно лице под нејзина надлежност, што прима класифицирани информации од Страната-создавач.

**Потребно е да знае:** Принцип според којшто пристап до класифицирана информација може да се даде на лице само во врска со неговите/нејзините службени должности или задачи.

**Безбедносен сертификат за физичко лице:** Позитивно решение издадено во согласност со националните закони и регулативи, коешто потврдува дека физичкото лице има овластување за пристап и за ракување со класифицирани информации до степенот одреден во безбедносниот сертификат.

**Безбедносен сертификат за правно лице:** Позитивно решение издадено во согласност со националните закони и регулативи, коешто потврдува дека правното лице ги исполнува условите за ракување со класифицирани информации до степенот одреден во безбедносниот сертификат.

**Контрактор:** Физичко или правно лице коешто поседува правна способност да склучува договори.

**Класифициран договор:** Договор или поддоговор, вклучувајќи ги и преддоговорните преговори, којшто содржи класифицирани информации или вклучува пристап до нив.

**Трета страна:** Држава, вклучувајќи ги и јавните или приватните правни лица под нејзина надлежност, или меѓународна организација што не е Страна на оваа спогодба.

## ЧЛЕН 3
## НАЦИОНАЛНИ БЕЗБЕДНОСНИ ОРГАНИ

(1) Националните безбедносни органи на Страните што се одговорни за општата примена и соодветна контрола на сите аспекти на оваа спогодба се:

За Република Македонија:
Дирекција за безбедност на класифицирани информации
(Directorate for Security of Classified Information)

За Босна и Херцеговина:
Ministarstvo sigurnosti Bosne i Hercegovine (Ministry of Security of Bosnia and Herzegovina)

Sektor za zaštitu tajnih podataka - Državni sigurnosni organ (Sector for Protection of Classified Information - National Security Authority)

(2) Страните заемно се информираат преку дипломатски пат за сите последователни измени на Националните безбедносни органи.

## ЧЛЕН 4
## БЕЗБЕДНОСНИ КЛАСИФИКАЦИИ

(1) Класифицираните информации што се отстапуваат на користење врз основа на оваа спогодба се означуваат со соодветен степен на безбедносна класификација во согласност со националните закони и регулативи на Страните.

(2) Следните национални степени за безбедносна класификација се еквивалентни:

| Република Македонија | Босна и Херцеговина | на англиски јазик |
|---|---|---|
| ДРЖАВНА ТАЈНА | VRLO TAJNO | TOP SECRET |
| СТРОГО ДОВЕРЛИВО | TAJNO | SECRET |
| ДОВЕРЛИВО | POVJERLJIVO | CONFIDENTIAL |
| ИНТЕРНО | INTERNO | RESTRICTED |

## ЧЛЕН 5
## ПРИСТАП ДО КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

(1) Пристап до класифицирани информации е дозволен само на физичките лица според принципот „потребно е да знае“, коишто се запознаени со ракувањето и заштитата на

класифицираните информации и коишто се соодветно овластени за тоа во согласност со националните закони и регулативи.

(2) Страните заемно ги признаваат нивните безбедносни сертификати за физички лица и безбедносните сертификати за правни лица. Став 2 од Членот 4 од оваа спогодба се применува соодветно.

## ЧЛЕН 6
## ЗАШТИТА НА КЛАСИФИЦИРАНИТЕ ИНФОРМАЦИИ

(1) Страните обезбедуваат ист степен на заштита за класифицираните информации што се предмет на оваа спогодба како и за сопствените класифицирани информации со ист степен на безбедносна класификација и во согласност со националните закони и регулативи.

(2) Националниот безбедносен орган на Страната-создавач треба:
   а) да осигура класифицираната информација да биде обележана со соодветен степен за безбедносна класификација во согласност со нејзините националните закони и регулативи и
   б) да ја информира Страната-примач за сите услови за отстапување на користење или за ограничувањата за користење на класифицираната информација и за сите последователни промени во безбедносната класификација.

(3) Националниот безбедносен орган на Страната-примач треба:
   а) да осигура класифицираната информација да биде обележана со еквивалентен степен за безбедносна класификација во согласност со став 2 од член 4, и
   б) да осигура дека степенот на безбедносна класификација не е променет освен доколку тоа не е дозволено писмено од Страната-создавач.

(4) Секоја Страна треба да осигура дека се применети соодветни мерки за административна, физичка, информатичка,

индустриска и безбедност на лица корисниците на класифицирани информации за заштита на класифицираните информации што се обработуваат, се чуваат или се пренесуваат во комуникациско информатички системи.

## ЧЛЕН 7
## ОГРАНИЧУВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕТО НА КЛАСИФИЦИРАНИТЕ ИНФОРМАЦИИ

(1) Страната-примач ги користи класифицираните информации само за целта за којашто и се отстапени на користење и во рамките на ограничувањата наведени од Страната-создавач.

(2) Страната-примач нема да ги отстапи на користење класифицираните информации на трета страна без претходна писмена согласност од Страната-создавач.

## ЧЛЕН 8
## ПРЕНОС НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

Класифицираните информации се пренесуваат меѓу Страните по дипломатски пат или на друг безбеден начин одобрен за пренос во согласност со безбедносните процедури договорени меѓу Националните безбедносни органи.

## ЧЛЕН 9
## УМНОЖУВАЊЕ, ПРЕВОД И УНИШТУВАЊЕ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

(1) Сите копии и преводи носат соодветни ознаки за безбедносна класификација и се заштитуваат како оригиналните класифицирани информации. Преводите и бројот на копиите се ограничуваат на минималниот број потребен за службени цели.

(2) Сите преводи се означуваат со оригиналната ознака за безбедносна класификација и содржат соодветна забелешка на јазикот на којшто се преведени дека содржат класифицирани информации на Страната-создавач.

(3) Класифицираните информации означени со ДРЖАВНА ТАЈНА, оригинални и во превод, се умножуваат само по претходна писмена согласност од Страната-создавач.

(4) Класифицираните информации означени со ДРЖАВНА ТАЈНА не се уништуваат. Тие се враќаат на Страната-создавач откако повеќе нема да бидат потребни.

(5) Класифицираните информации означени со СТРОГО ДОВЕРЛИВО или пониско Страната-примач ги уништува во согласност со своите национални закони и регулативи откако повеќе нема да и бидат потребни.

(6) Во кризна ситуација во којашто е невозможно да се заштитат или да се вратат класифицираните информации што се пренесени или создадени во согласност со оваа спогодба, класифицираните информации веднаш се уништуваат. Националните безбедносни органи писмено заемно се известуваат за уништувањето што е можно поскоро.

## ЧЛЕН 10
## КЛАСИФИЦИРАНИ ДОГОВОРИ

(1) Класифицирани договори се склучуваат и се спроведуваат во согласност со националните закони и регулативи на секоја од Страните. На барање, Националните безбедносни органи потврдуваат дека:

а) контракторот, подконтракторот или можниот контрактор имаат способност соодветно да ги заштитат информациите во случај на информациите класифицирани со степен ИНТЕРНО;

б) контракторот, подконтракторот или можниот контрактор поседуваат соодветен безбедносен сертификат за физичко лице и безбедносен сертификат за правно лице за ракување со информации класифицирани со степен ДОВЕРЛИВО и повисоко.

(2) Страната-примач треба да осигура дека физичките лица што имаат пристап до класифицирани информации се информирани за нивните одговорности о обврски за заштита на информациите во согласност со соодветните национални закони и регулативи.

(3) Националниот безбедносен орган на Страта-создавач може да побара да се спроведе безбедносна инспекција на правното лице на Страната-примач со цел да се осигура континуирана примена на безбедносните стандарди во согласност со националните закони и регулативи.

(4) Класифицираниот договор треба да содржи одредби за безбедносните потреби и за класификацијата на секој аспект или елемент на класифицираниот договор. Копија од таквиот документ се доставува до Националните безбедносни органи на Страните.

## ЧЛЕН 11
## ПОСЕТИ

(1) Посетите за коишто е потребен пристап до класифицирани информации се предмет на претходно писмено одобрение од страна на Националниот безбедносен орган на Страната домаќин.

(2) Барање за посета се доставува до Националниот безбедносен орган најмалку 20 дена пред почетокот на посетата. Барањето за посета ги содржи следните податоци што се користат само за потребите на посетата:

а) име на посетителот, датум и место на раѓање, државјанство и број на лична карта / пасош;

б) позиција на посетителот, со спецификација на правното лице што го претставува;

в) спецификација за проектот во којшто учествува посетителот;

г) период на важност и степен на безбедносниот сертификат за физичко лице на посетителот, ако е потребно;

д) назив, адреса, број на телефон и факс, е-маил адреса и лице за контакт на правното лице што се посетува;

ѓ) целта на посетата вклучително со највисокиот степен на вклучените класифицираните информации;

е) датум и времетраење на посетата, а во случај на повторливи посети вкупниот временски период на посетите;

ж) датум, потпис и отпечаток од официјалниот печат на Националниот безбедносен орган испраќач.

(3) Во итни случаи, Националните безбедносни органи можат да договорат пократок временски период за доставување на барањето за посета.

(4) Националните безбедносни органи можат да се договорат за список на посетители со право на повторливи посети. Списокот има важност од иницијален период не подолг од 12 месеци и може да се продолжи на дополнителен период не подолг од 12 месеци. Барањето за повторливи посети се поднесува во согласност со став 2 од овој член. Штом списокот ќе биде одобрен посетите можат да се договараат директно меѓу вклучените правни лица.

(5) Секоја Страна ја гарантира заштитата на личните податоци на посетителите во согласност со националните закони и регулативи.

(6) Сите класифицирани информации што ги добива посетителот се сметаат за класифицирани информации во согласност со оваа спогодба.

## ЧЛЕН 12
## БЕЗБЕДНОСНА СОРАБОТКА

(1) Со цел да постигнат и одржат споредливи стандарди за безбедност, Националните безбедносни органи, на барање, заемно се информираат за нивните национални безбедносни стандарди, процедури и практики за заштитата на класифицираните информации. За оваа цел Националните безбедносни органи можат заемно да се посетуваат.

(2) Националните безбедносни органи заемно се информираат за исклучителните безбедносни ризици што можат да ги загрозат класифицираните информации што се отстапени на користење.

(3) На барање, Националните безбедносни органи заемно си помагаат во спроведувањето на процедурите за безбедносна проверка.

(4) Националните безбедносни органи брзо се информираат за сите промени во заемно признаените безбедносни сертификати за физички лица и во безбедносните сертификати за правни лица.

## ЧЛЕН 13
## НАРУШУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА

(1) Во случај на нарушување на безбедноста што резултира со неовластено откривање, злоупотреба или губење на

класифицираните информации или во случај на постоење сомнеж за тоа, Националниот безбедносен орган на Страната-примач веднаш писмено го известува Националниот безбедносен орган на Страната-создавач.

(2) Соодветните органи на Страната-примач преземаат соодветни мерки во согласност со националните закони и регулативи со цел да ги ограничат последиците од нарушувањето на безбедноста од став 1 на овој член и да спречат понатамошни нарушувања. На барање, другата Страна обезбедува соодветна помош. Националниот безбедносен орган на Страната-создавач се информира за резултатот од постапката и преземените мерки заради нарушувањето.

(3) Кога нарушувањето на безбедноста настанало во трета страна, Националниот безбедносен орган на Страната испраќач ги презема дејствата од став 2 на овој член без одлагање.

## ЧЛЕН 14
## ТРОШОЦИ

Секоја Страна ги сноси своите трошоци настанати во текот на спроведувањето на оваа спогодба.

## ЧЛЕН 15
## РЕШАВАЊЕ СПОРОВИ

Сите спорови во врска со толкувањето или спроведувањето на оваа спогодба се решаваат преку консултации и преговори меѓу Страните и без вклучување меѓународен трибунал или трета страна за решавање.

## ЧЛЕН 16
## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

(1) Оваа спогодба влегува во сила на првиот ден од вториот месец од датумот на приемот на последното известување со кое

Страните заемно се известуваат преку дипломатски пат дека нивните правни барања за влегување во сила на оваа спогодба се исполнети.

(2) Оваа спогодба може да се менува врз основа на заемна писмена согласност на Страните. Измените влегуваат во сила во согласност со став 1 од овој член.

(3) Оваа спогодба се склучува на неопределено време. Секоја од Страните може да ја откаже оваа спогодба со доставување писмено известување до другата Страна по дипломатски пат. Во тој случај, оваа спогодба престанува да важи после шест месеци од датумот на којшто другата Страна го примила писменото известување за откажување на спогодбата.

(4) Во случај на откажување на оваа спогодба, сите класифицирани информации разменети врз основа на оваа спогодба продолжуваат да се заштитуваат во согласност со одредбите на оваа спогодба и, на барање, се враќаат до Страната-создавач.

(5) За спроведување на оваа спогодба можат да се склучат аранжмани за имплементација.

За потврда на ова, долупотпишаните, соодветно овластени за оваа цел, ја потпишаа оваа спогодба.

Потпишана во Скопје на 20 мај 2014 г. во два оригинални примерока на македонски јазик, на јазиците на Босна и Херцеговина (босански, хрватски, српски) и на англиски јазик, при што сите текстови се еднакво веродостојни. Во случај на разлики во толкувањето, ќе преовлада текстот на англиски јазик.

| За Владата на Република Македонија | За Советот на министри на Босна и Херцеговина |
| --- | --- |
| Лидија Кочовска | |

# SPORAZUM
# IZMEĐU
# VLADE REPUBLIKE MAKEDONIJE
# I
# VIJEĆA MINISTARA BOSNE I HERCEGOVINE
# O
# RAZMJENI I OBOSTRANOJ ZAŠTITI
# TAJNIH PODATAKA

Vlada Republike Makedonije i Vijeće ministara Bosne i Hercegovine (u daljem tekstu Strane"),

U želji da osiguraju zaštitu tajnih podataka koje su razmijenile Strane ili pravna i fizička lica unutar svojih nadležnosti

usaglasile su se o slijedećem:

Član 1.
(Cilj)

U skladu sa zakonima i odredbama dviju država, te u cilju poštivanja državnih interesa i sigurnosti, obje Strane poduzimaju sve odgovarajuće mjere kojim osiguravaju zaštitu tajnih podataka koji se prenose, odnosno nastaju, u skladu sa ovim Sporazumom.

Član 2.
(Definicije)

U svrhu ovog sporazuma navedeni pojmovi imaju slijedeće značenje:

**Tajni podatak:** Svaka informacija bez obzira na svoj oblik ili prirodu, koja se štiti od ugrožavanja sigurnosti i kao takva je određena u skladu sa državnim zakonodavstvom i propisima bilo koje od Strana

**Strana pošiljalac:** Ona Strana, uključujući svako javno ili fizičko lice unutar svoje nadležnosti, koja prenosi tajni podatak Strani primaocu.

**Strana primalac:** Ona strana, uključujući svako javno ili fizičko lice unutar svoje nadležnosti, koja prima tajni podatak od Strane pošiljaoca.

**Potrebno znati:** Načelo kojim se nekoj osobi može dodijeliti pristup samo onim tajnim podacima koji su vezani za njegove/njene službene obaveze ili zadatke.

**Sigurnosna dozvola:** Odluka donesena nakon postupka provjere, u skladu sa državnim zakonima i propisima, na osnovu koje je lice ovlašteno da može pristupiti i raditi sa tajnim podacima do nivoa određenog u dozvoli.

**Sigurnosna dozvola za pravna lica:** Odluka donesena nakon postupka provjere u skladu sa državnim zakonima i propisima, kojom se potvrđuje da ugovarač koji je pravno lice ispunjava uslove da rukuje tajnim podacima do nivoa određenog u dozvoli.

**Ugovarač** : Fizičko ili pravno lice koje ima pravnu sposobnost da zaključi ugovor.

**Klasifikovani ugovor:** Ugovor ili podugovor, uključujući i pred-ugovorne pregovore, koji sadržai tajne podatke ili uključuje pristup istima.

**Treća strana:** Bilo koja država, uključujući svako pravno ili fizičko lice unutar svoje nadležnosti, ili međunarodna organizacija koja nije Strana u ovom Sporazumu.

Član 3.
(Nadležni sigurnosni organi)

(1) Državni sigurnosni organi koji su određeni od Strana kao odgovorni za opće provođenje i relevantnu kontrolu svih dijelova ovog Sporazuma su:

**U Republici Makedoniji**

Дирекција за безбедност на класифицирани информации
(Direkcija za bezbjednost klasifikovanih podataka)

**U Bosni i Hercegovini**

Ministarstvo sigurnosti Bosne i Hercegovine

Sektor za zaštitu tajnih podataka – Državni sigurnosni organ

(2) Strane će se međusobno obavještavati putem diplomatskih kanala o svim naknadnim izmjenama Državnih sigurnosnih organa.

Član 4.
(Sigurnosna klasifikacija)

(1) Tajni podaci koji se šalju prema ovom sporazumu označavaju se odgovarajućom oznakom nivoa sigurnosne klasifikacije u skladu sa državnim zakonima i odredbama Strana.

(2) Slijedeći stepeni sigurnosnih klasifikacija su ekvivalenti:

| Republika Makedonija | Bosna i Hercegovina | Na engleskom jeziku |
|---|---|---|
| ДРЖАВНА ТАЈНА | VRLO TAJNO | TOP SECRET |
| СТРОГО ДОВЕРЛИВО | TAJNO | SECRET |
| ДОВЕРЛИВО | POVJERLJIVO | CONFIDENTIAL |
| ИНТЕРНО | INTERNO | RESTRICTED |

**Član 5.**
**(Pristup tajnim podacima)**

(1) Pristup tajnim podacima dozvoljava se samo osobama po načelu „potrebno znati", koje su dobile instrukcije o rukovanju i zaštiti tajnih podataka, a koje su za isto ovlaštene u skladu sa državnim zakonima i odredbama.

(2) Obje Strane međusobno priznaju sigurnosne dozvole i sigurnosne dozvole za pravna lica. Shodno tome primjenjuje se član 4. stav (2).

**Član 6.**
**(Zaštita tajnih podataka)**

(1) Tajnim podacima u vezi ovog Sporazuma Strane dodjeljuju isti stepen zaštite koju pružaju svojim tajnim podacima sa jednakom klasifikacijom tajnosti u skladu sa svojim državnim zakonima i propisima.

(2) Državni sigurnosni organ Strane pošiljaoca:

a) osigurava da su tajni podaci označeni sa adekvatnom sigurnosnom klasifikacijom u skladu sa zakonima i propisima svoje države, te

b) obavještava Stranu primaoca o svim uslovima slanja odnosno ograničenjima upotrebe tajnih podataka, kao i svim naknadnim izmjenama sigurnosne klasifikacije.

(3) Državni sigurnosni organ Strane primaoca:

a) osigurava da su tajni podaci označeni ekvivalentnom sigurnosnom klasifikacijom u skladu sa članom 4. stav (2), te

b) osigurava da nivo sigurnosne klasifikacije ne bude izmijenjen bez pismenog odobrenja Strane pošiljaoca.

(4) Svaka Strana osigurava primjenu odgovarajućih administrativnih, fizičkih, informacionih, industrijskih i personalnih sigurnosnih mjera za zaštitu tajnih podataka koji se obrađuju, čuvaju ili prenose u komunikacionim i informacionim sistemima.

**Član 7.**
**(Ograničavanje upotrebe tajnih podataka)**

(1) Strana primalac koristi tajne podatke samo u svrhu za koju su joj poslani i uz ograničenja koja je navela Strana pošiljalac.

(2) Strana primalac neće slati tajne podatke trećoj strani bez pismene saglasnosti Strane pošiljaoca.

Član 8.
(Prenos tajnih podataka)

Tajni podaci se prenose između Strana kroz diplomatske ili druge sigurne kanale koji su odobreni za prenos u skladu sa sigurnosnim procedurama zajednički dogovorenim između Državnih sigurnosnih organa.

Član 9.
(Umnožavanje, prijevod i uništavanje tajnih podataka)

(1) Svaka kopija ili prevod nose odgovarajuću oznaku tajnosti i štite se jednako kao i original tajnog podatka. Prijevod i broj kopija ograničava se na minimum koji je potreban za službene svrhe.

(2) Svaki prijevodi nosi oznaku tajnosti originala uz odgovarajuću oznaku, na jeziku na koji se prevodi, da materijal sadrži tajne podatke Strane pošiljaoca.

(3) Tajni podaci sa oznakom VRLO TAJNO, bilo da je u pitanju original ili prijevod, umnožavaju se samo uz pismenu saglasnost Strane pošiljaoca.

(4) Tajni podaci sa oznakom VRLO TAJNO se ne uništavaju. Vraćaju se Strani pošiljaocu nakon što se Strane usaglase da više nisu potrebni.

(5) Podatke sa oznakom TAJNO ili niže uništava Strana primalac, u skladu sa zakonima i odredbama svoje države, nakon što joj više nisu potrebni.

(6) U kriznim situacijama u kojima je nemoguće zaštititi ili vratiti tajne podatke koji su preneseni ili nastali prema ovom Sporazumu, uništit će se odmah. Državni sigurnosni organi će obavijestiti jedni druge o ovom uništavanju što je prije moguće.

Član 10.
(Klasifikovani ugovori)

(1) Klasifikovani ugovori će biti zaključeni i provedeni u skaldu sa državnim zakonima i propisima svake od Strana. Po zahtjevu, Državni sigurnosni organi će potvrditi da :

a) ugovarač, podugovarač ili budući ugovarač imaju sposobnost da štite informacije na odgovarajući način u slučaju podatak označenih sa INTERNO.

b) ugovarač, podugovarač ili budući ugovarač imaju izdatu odgovarajuću sigurnosnu dozvolu licima za pristup tajnim podacima i sigurnosnu dozvolu za pravma lica rukovanje podacima označenim sa POVJERLJIVO i više.

(2) Strana Primalac će osigurati da su sve osobe, koje imaju pristup tajnim podacima, obaviješteni o svojim obavezama i odgovornostima za zaštitu podataka u skladu s odgovarajućim zakonima i propisima.

(3) Državni sigurnosni organ Strane pošiljaoca može zatražiti da se sigurnosna inspekcija provodi u objektu pravnog lica Strane primaoca kako bi se osigurala stalna usklađenost sa sigurnosnim standardima u skladu s državnim zakonima i propisima.

(4) Klasifikovani ugovor mora sadržavati odredbe o sigurnosnim zahtjevima, te o klasifikaciji svakog aspekta ili dijela klasifikovanog ugovora. Kopija ovakvog dokumenta dostavlja se državnim sigurnosnim organima Strana.

**Član 11.**
**(Posjete)**

(1) Posjete koje iziskuju pristup tajnim podacima prethodno se odobravaju od strane Državnog sigurnosnog organa Strane u kojoj se obavlja posjeta.

(2) Zahtjev za odobrenje posjete dostavlja se Državnom sigurnosnom organu najmanje 20 dana prije planiranog dana posjete. Zahtjev za posjetu sadržava slijedeće podatke koji će se koristiti samo u svrhu posjete:

a) ime i prezime posjetioca, datum i mjesto rođenja, državljanstvo i broj lične karte/pasoša;

b) pozicija posjetioca, uz naznaku poslodavca kojeg taj posjetilac predstavlja;

c) specifikacija projekta u kojem posjetilac učestvuje;

d) rok važenja i stepen sigurnosne dozvole posjetioca, ako je potrebno;

e) naziv, adresu, broj telefona/faksa, e-mail i kontakt osoba u pravnom licu kojeg će posjetiti;

f) svrha posjete, uključujući i najviši stepen tajnosti tajnih podataka koji će biti uključeni;

g) datum i trajanje predmetne posjete. U slučaju ponovljenih posjeta navodi se i ukupni vremenski period koji pokrivaju posjete;

h) datum i potpis i službeni pečat Državnog sigurnosnog organa koji šalje zahtjev:

(3) U hitnim slučajevima, državni sigurnosni organi mogu se dogovoriti o kraćem periodu za podnošenje zahtjeva za posjetu.

(4) Državni sigurnosni organi mogu se usaglasiti oko spiska osoba ovlaštenih za ponovljene posjete. Ovi spiskovi bit će prvobitno važeći tokom 12 mjeseci, ali se mogu produžiti na dodatni period do 12 mjeseci. Zahtjev za ponovljene posjete dostavlja se u skladu sa stavom (2) ovog člana. Jednom kad se odobri predmetni spisak, posjete se mogu direktno organizovati između uključenih pravnih lica.

(5) Svaka Strana garantuje zaštitu ličnih podataka o posjetiocima u skladu sa zakonima i odredbama svoje države.

(6) Svaki tajni podatak koji dobije posjetilac smatra se tajnim podatkom u skladu s ovim Sporazumom.

**Član 12.**
**(Sigurnosna saradnja)**

(1) Kako bi se postigli i održali uporedni sigurnosni standardi, Državni sigurnosni organi, po zahtjevu, međusobno razmjenjuju informacije o svojim sigurnosnim strandardima, procedurama i praksama zaštite tajnih podataka. S tim ciljem, Državni sigurnosni organi mogu obavljati međusobne posjete.

(2) Nadležni sigurnosni organi se međusobno informišu o izuzetnim sigurnosnim rizicima, koji mogu ugroziti poslane tajne podatke.

(3) Po zahtjevu, Državni sigurnosni organi, u skladu sa svojim državnim zakonima i propisima, pružaju jedni drugima pomoć u postupku za izdavanje sigurnosnih dozvola.

(4) Državni sigurnosni organi se odmah međusobno obavještavaju o svakoj izmjeni u zajednički priznatim sigurnosnim dozvolama za fizička i pravna lica.

**Član 13.**
**(Povreda sigurnosti)**

(1) U slučaju povrede sigurnosti koja rezultira neovlaštenim otkrivanjem, zloupotrebom ili gubitkom tajnih podataka odnosno sumnjom na postojanje takve povrede, Državni sigurnosni organ Strane primaoca će o istome odmah pismeno obavijestiti Državni sigurnosni organ Strane pošiljaoca.

(2) Nadležni organi Strane Primaoca će preduzeti sve odgovarajuće mjere u skladu sa državnim zakonima i propisima kako bi se ograničile posljedice povrede iz stava (1) ovog člana i spriječio daljnje povrede. Po zahtjevu, druga Strana će pružiti odgovarajuću podršku. Državni sigurnosni organ Strane pošiljaoca će biti obavješten o rezultatu postupaka i mjera preduzetih u vezi povrede.

(3) Kada se povreda sigurnosti dogodi kod Treće strane, Državni sigurnosni organ Strane pošiljaoca bez odgađanja poduzima korake naznačene u stavu (2) ovog člana.

Član 14.
(Troškovi)

Svaka strana snosi svoje troškove nastale tokom primjene ovog Sporazuma.

Član 15.
(Rješavanje sporova)

Bilo koji spor vezan za tumačenje ili primjenu ovog sporazuma riješava se kroz konsultacije i pregovore Strana, a isti se neće upućivati na bilo koji međunarodni sud niti slati Trećoj strani na rješavanje.

Član 16.
(Završne odredbe)

(1) Ovaj sporazum stupa na snagu prvog dana drugog mjeseca nakon zaprimanja posljednje pismene obavijesti kojom se Strane međusobno obavještavaju putem diplomatskih kanala da su ispunile unutrašnje zakonske procedure potrebne za stupanje na snagu.

(2) Ovaj sporazum se može mijenjati uz obostranu pismenu saglasnost Strana. Izmjene stupaju na snagu u skladu sa stavom (1) ovog člana.

(3) Ovaj sporazum se zaključuje na neograničen vremenski period. Svaka strana može raskinuti ovaj sporazum pismenim obavještenjem kojeg šalje drugoj Strani putem diplomatskih kanala. U tom slučaju, raskidanje stupa na snagu 6 mjeseci od dana kada je druga Strana zaprimila predmetnu obavijest o odricanju od Sporazuma.

(4) U slučaju raskidanja ovog sporazuma, svi tajni podaci koji su preneseni prema ovom sporazumu i dalje će se štititi u skladu sa ovdje navedenim odredbama te će se, po zahtjevu, vratiti Strani pošiljaocu.

(5) Radi primjene ovog Sporazuma mogu se zaključiti provedbeni aranžmani.

U potvrdu svega, dole navedeni, kao propisno ovlaštena lica, potpisali su ovaj sporazum.

Sačinjen u Sarajevu, dana 20.maja 2014 u dva originala, po jedan na makedonskom, na jezicima u službenoj upotrebi u Bosni i Hercegovini (bosanskom, hrvatskom i srpskom) i engleskom jeziku, gdje je svaki od tekstova podjednako autentičan. U slučaju razlika u interpretaciji, prevladava tekst na engleskom jeziku.

| Za Vladu | Za Vijeće ministara |
| --- | --- |
| Republike Makedonije | Bosne i Hercegovine |

# SPORAZUM
# IZMEĐU
# VLADE REPUBLIKE MAKEDONIJE
# I
# VIJEĆA MINISTARA BOSNE I HERCEGOVINE
# O
# RAZMJENI I UZAJAMNOJ ZAŠTITI
# TAJNIH PODATAKA

Vlada Republike Makedonije i Vijeće ministara Bosne i Hercegovine (u daljnjem tekstu Stranke"),

U želji da osiguraju zaštitu tajnih podataka koje su razmijenile Stranke ili pravne i fizičke osobe unutar svojih nadležnosti

Usuglasile su se o slijedećem:

**Članak 1.**
**(Cilj)**

Sukladno zakonima i odredbama dvaju država, te u cilju poštivanja državnih interesa i sigurnosti, obje Stranke poduzimaju sve odgovarajuće mjere kojim osiguravaju zaštitu tajnih podataka koji se prenose, odnosno nastaju, sukladno ovom Sporazumu.

**Članak 2.**
**(Definicije)**

U svrhu ovog sporazuma navedeni pojmovi imaju slijedeće značenje:

**Tajni podatak:** Svaka informacija bez obzira na svoj oblik ili prirodu, koja se štiti od ugrožavanja sigurnosti i kao takva je određena sukladno državnom zakonodavstvu i propisima bilo koje od Stranaka

**Stranka pošiljalac:** Ona Stranka, uključujući svaku javnu ili fizičku osobu unutar svoje nadležnosti, koja prenosi tajni podatak Stranci primateljici.

**Stranka primateljica:** Ona stranka, uključujući svaku javnu ili fizičku osobu unutar svoje nadležnosti, koja prima tajni podatak od Stranke pošiljaoca.

**Potrebito znati:** Načelo kojim se nekoj osobi može dodijeliti pristup samo onim tajnim podacima koji su vezani za njegove/njene službene obveze ili zadatke.

